# PROJECT 2004 DGI 164 CEAD 13313

ИЗВЕШТАЈ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА
ЗА ПОСЕТАТА ЗА ПРОЦЕНКА НА ЗАТВОРИТЕ ВО
( ПОРАНЕШНАТА ЈУГОСЛОВЕНСКА )РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
јануари 2006
(Извештај на Walmsley/Križnik)
---------
Директорат за правни прашања
Совет на Европа

**Коментарите на експертите задолжително не ги отсликуваат ставовите на Советот на Европа**

**ПРЕДГОВОР**

Овој извештај за затворскиот систем на (поранешната југословенска) Република Македонија е спроведен во рамки на програмата на Советот на Европа насочена кон "градење на општество кое почива на владеењето на правото". Тој беше изготвен од г-ѓа Ирена Крижник (Irena Križnik), директор на затворот во Љубљана и г-н Рој Валмсли (Roy Walmsley), асистент на Меѓународниот центар за затворски истражувања при Кралскиот колеџ од Лондон, Велика Британија, по посетата којашто ја оствариja од 21 до 25 ноември 2005 година. Експертите, како консултанти, беа избрани од страна на Советот на Европа, врз основа на нивното признато и широко познавање на прашањата сврзани со затворите.

**СОДРЖИНА**

1. Вовед
2. Основни податоци
3. Законска рамка
4. Организациона структура
5. Факти и бројки: затвори, затвореници и вработени
6. Основни принципи на Европските затворски правила
7. Прием, распоредување и сместување
8. Хигиена, облека и постелнина
9. Здравствена заштита и исхрана
10. Дисциплина, казнување и поплаки
11. Контакти со надворешниот свет и задоволување на верските потреби
12. Режим на активности и подготовка за отпуштање
13. Работа во затворот
14. Образование, стручна обука и усовршување и вежби
15. Раководење и вработени
16. Притворени лица
17. Затвореници жени, малолетни лица и странски државјани
18. Соработка со надворешни организации, вклучително и медиумите
19. Затворот во Идризово од затворен вид
20. Затворот во Скопје од полуотворен вид
21. Затворот во Штип од полуотворен вид
22. Затворот во Тетово од полуотворен вид
23. Затворот во Струга од отворен вид
24. Малолетничкиот затвор во Охрид од полуотворен вид
25. Затворот во Битола од полуотворен вид
26. Затворот во Гевгелија од полуотворен вид
27. Воспитно–поправна установа во Тетово (времено лоцирана во Скопје)
28. Заклучни согледувања
Прилог: Листа на препораки

**1 Вовед**

1.1 По разговорите помеѓу претставниците на Советот на Европа и на поранешната југословенска Република Македонија, беше договорено во рамки на програмата за соработка на Советот на Европа насочена кон "градење на општество кое почива на владеењето на правото" и во контекст на можноста за обезбедување помош во иднина за затворскиот систем на Република Македонија, да се оствари посета заради проценка на состојбите.
1.2 Советот на Европа ја назначи г-ѓа Ирена Крижник, директор на затворот во Љубљана и г-н Рој Валсмли, асистент на Меѓународниот центар за затворски истражување при Кралскиот колеџ од Лондон, Велика Британија да ја посетат Република Македонија во периодот од 21 до 24 ноември 2005 година. Цел на посетата беше да се изврши проценка на постојниот затворски систем во земјата, со цел да се зајакне капацитетот на затворскиот систем и да се развива во согласност на Европските затворски правила, како и во согласност со најдобрите практики на управување со затворите и третманот на притворените и осудените лица. Експертите беа придружувани од г-ѓа Софи Квасни (Sophie Kwasny), програмски советник во Директорат за правни прашања на Советот на Европа.
1.3 Во програмата на посетата беа опфатени следниве елементи:
- првична средба со г-н Костадинчо Ефремов (директор) на Управата за извршување на санкции и раководните службеници;

- состанок со државниот секретар на Министерството за правда, г-н Виктор Цветковски, кој бил директор на тогашната Дирекција за извршување на санкции непосредно пред г-н Ефремов (поранешен директор на затворот во Штип), а кој на оваа функција е именуван во март 2005 година;
- сукцесивни посети на затворите во Штип, Идризово, Скопје, Тетово, Струга, Охрид, Битола и на воспитно поправната установа во Тетово (привремено лоцирана во Скопје);
- завршен состанок со г-н Ефремов и неговите колеги.

За време на посетата, експертите исто така се сретнаа и со г-н Мишел Риволие (Michel Rivollier), резидентен експерт на Советот на Европа во Скопје и г-н Пит Блонде (Piet Blonde), раководител на програмата за ЕУ интеграција и правда во Европската агенција за реконструкција во Скопје.

По завршниот состанок, беше одржана прес-конференција, на која беа објаснети целта и природата на посетата, без при тоа да се споменуваат наодите и заклучоците.

Поради ограниченоста на посетата (во текот на која беа посетени осум институции во помалку од пет работни дена), не бевме во можност да ги посетиме затворот во Гевгелија и отворените одделенија на затворот во Скопје (во Крива Паланка), на затворот во Идризово (во Велес), на затворот во Штип (во Струмица) и на Битола (во Прилеп).

1.4 Скоро при сите посети на затворите, нè придружуваше г-н Ефремов, кој ги презеде сите неопходни подготовки и ни достави информации и нè запозна со развојот на политиките, практиката и други прашања.

1.5 При посетата на секоја установа, имавме средба со директор, по што следуваше разгледување на установата, ги разгледавме ќелиите, просториите за дневен и ноќен престој, купатилата, тоалетите, кујните, делот за посети и други делови, при што имавме можност да разговараме со вработените во затворот и со затворениците, како и можност да ја пробаме храната. Ни беа достапни сите делови од објектите. Исто така, прибравме основни податоци за фактичката состојба и за спецификите на секоја установа.

1.6 Како експерти, сакаме да изразиме искрена благодарност до г-н Ефремов и до сите вработени во македонската затворска служба за нивната целосна и сесрдна соработка за време на нашата посета.

<u>Терминолошко појаснување</u>

Во овој извештај, терминот "Управа за извршување на санкции" се однесува на централната затворска управа. Изразот "затворска служба" се однесува на целокупниот затворски систем, односно ги опфаќа Управата за извршување на санкции, затворите и воспитно-поправната установа, вклучително и нивните вработени.

Во согласност u1089 со вообичаената меѓународна практика и примената на Европските затворски правила, во овој извештај поимот "затвореници" ги опфаќа како притворените лицата во текот на истражната постапка, така и лицата кои се правосилно осудени и издржуваат казна затвор. Кога се укажува само на едната од овие две категории лица, тогаш се користат термините "притворени лица" и "осудени лица" за да се направи дистинкција помеѓу нив.

## 2 Основни податоци

2.1 На првата средба, директорот на Управата за извршување на санкции и државниот секретар во Министерството за правда, нè информираа општо за состојбата и за идните планови. Беа опфатени многу информации, кои се прикажани во подоцнежните делови од извештајот во зависност од темите за кои се однесуваат.

2.2 Главниот проблем кој беше посочен е пренатрупаноста во затворите. Постојат планови за ублажување на сериозната пренатрупаност во затворите во Идризово и во Скопје, со тоа што затворот во Штип ќе се направи установа од затворен вид и ќе се отвори нова установа во Куманово. Се планираат, исто така, значителен број промени во однос на земјиштето на затворите (види дел 4.5). Постои надеж дека меѓународната заедница ќе обезбеди помош за спроведувањето на овие промени.

2.3 Се очекува новиот Закон за извршување на санкции (види дел 3), на одреден начин, да овозможи намалување на оптовареноста на затворскиот систем, преку воведување алтернативни мерки за сторителите, кои во моментов се испраќаат на издржување затворска казна. Се смета дека одредени измени направени во Кривичниот законик во 2004 година ќе придонесат во овој процес. Се очекува преку редуцирање на примената односно изрекувањето на казната затвор да се намали степенот на "криминална инфекција" во рамки на затворите и да се зголеми опфатот на ресоцијализација на затворениците. Меѓутоа, не се очекува дека со алтернативните мерки значително ќе се намали бројот на лица во затворите, бидејќи со порастот или поточно со забрзаниот пораст на организираниот криминал, се смета дека вкупниот број на лица дури би можел и понатаму да се зголемува. Сепак, комбинацијата на дополнителни установи и алтернативни мерки би можело да го олесни товарот врз целокупниот систем.

2.4 Главните казниви дела за кои се осудени затворениците се прикажани во дел 5.4; беше укажано дека зголемувањето на бројот на затвореници речиси пропорционално е распоредено помеѓу различните дела. Меѓутоа, постои пораст на бројот на затвореници вмешани во дроги, на кои им е потребен медицински третман; Управата за извршување на санкции е во процес на преговори со невладините организации заради обезбедување постојано лекување и третман на зависниците од дрога. Со новата законска регулатива се предвидува основање на затворска болница како посебна установа.

2.5 Постојат планови за воспоставување нов центар за обука на кадрите вработените во затворите; а со новиот закон ќе се воведе законска основа за тоа. Идејата е да се обезбеди континуирана теоретска и практична обука и едукација на целокупниот кадар во затворите. Реализираната пилот програма за обука беше оценета како успешна.

2.6 Друг голем проблем е недостатокот на кадар во сите установи. Во моментов, постои мораториум за нови вработувања во било која државна институција. Меѓутоа, Владата допушти преземање во затворската служба на лица кои порано биле вработени во Министерството за одбрана (види дел 5.6). Постојат надежи дека оваа забрана ќе биде укината во 2006 година; доколку тоа се случи Управата за извршување на санкции планира и понатаму да ги пополнува слободните работни места, а потоа да премине на надминување на недостатоците кај кадрите задолжени за третман и инструкторите во работилниците. Кадарот за третман во моментов работи во сооднос 1 вработен на 80-90 затвореници, додека целта би била тој сооднос да биде 1 вработен на 20-30 затвореници.

2.7 Донесена е одлука, со која се овозможува установите од полуотворен вид, да примаат и затвореници кои издржуваат казна затвор до три години, наместо досегашното решение да примаат лица кои издржуваат казна затвор до две години. На овој начин, се оценува ќе се подобрат условите за оние лица кои издржуваат затворска казна помеѓу две до три години, истовремено намалувајќи го притисокот врз затворот во Идризово, кој во моментов е единствениот

затвор кој може да прими лица кои издржуваат таква казна затвор (освен оние кои издржуваат казна затвор за дело сторено од небрежност). Оваа промена ќе биде извршена преку измени во законодавството.
2.8 Според новиот Закон за извршување на санкции, Управата за извршување на санкции ќе добие статус на правно лице и за прв пат ќе биде директно одговорна за буџетот на затворите. Се признава дека ова претставува значаен чекор напред, кој, како што ни беше посочено, го следи примерот на Словенија. Таквата финансиска независност ќе биде проследена со поголема ефикасност и со можност за побрза реакција на променливите состојби.
2.9 Беше истакнато дека Владата решително ја поддржува реформата на затворскиот систем, и за таа цел одобрила 50 милиони денари за капитални инвестиции во затворите; иако досега доста е постигнато, останува уште многу да се направи. На овој план, Министерството за правда изрази желба и подготвеност да соработува со Европската агенција за реконструкција и Програмата CARDS на Европската унија, и за тоа веќе прелиминарно е разговарано; а тие позитивни разговори, влеваат надеж кај Министерството за правда дека таквата соработка навистина ќе се реализира.

**3 Законска рамка**
3.1 Затворскиот систем дејствува во законска рамка, во која најзначајните правни инструменти се Кривичниот законик (1996), Законот за кривична постапка (1997) и Законот за извршување на кривични санкции, познат како Закон за извршување на санкциите (1997). Новиот Закон за извршување на санкции се наоѓа во собраниска процедура, и се очекува истиот да влезе во сила во 2006 година.
3.2 Според Кривичниот законик, казната затвор не може да биде пократка од 30 дена, ниту подолга од 15 години. Казна затвор од 15 години може да се изрече за дело u1089 сторено со умисла, а казна доживотен затвор може да се изрече за тешките облици на ова дело. Казната доживотен затвор не може да се изрече спрема сторител, кој во време на извршување на делото не наполнил 21 година живот.
3.3 Законот за кривична постапка предвидува дека мерката притвор во текот на истражната постапка е во целост под контрола на судовите. Управата за извршување на санкции е задолжена само за сместување на притворените лица. На ова прашање му се посветува внимание во препораките дадени во дел 16 од овој извештај.
3.4 Дознавме дека новиот Закон за извршување на санкции, кој во моментов се наоѓа во собраниска процедура, не бил доставен на експертиза до Советот на Европа.
**Препорачуваме:**
**– Предолг законот за извршување на санкциите да се достави до Советот на Европа на експертиза.**
3.5 Бевме информирани дека се подготвуваат подзаконски акти.
**Препорачуваме:**
**– Сите подзаконски акти да се изготват навреме, бидејќи тие ќе бидат основата врз која затворите ќе ги подготват внатрешните правила. За да се намалат непотребните разлики помеѓу правилата на куќниот ред во затворите, предлагаме Управата за извршување на санкции да подготви модел односно стандардизиран примерок на овие правила, кои потоа секоја установа ќе може да ги модифицира, имајќи предвид за каков вид на установа станува збор и другите нејзини особености. Управата треба да врши проверка дали таквите модификации се прифатливи.**
3.6 Новото законодавство налага нова обука.
**Препорачуваме:**
**– да се организира обука за вработените со цел да им се помогне во практичната примена на новото законодавство.**

**4 Организациона структура**
4.1 За време на нашата посета, со затворскиот систем во Македонија управуваше Управата за извршување на санкции при Министерството за правда. Меѓутоа, затворите не се во надлежност на Управата. Тие се независни установи, основани од Владата по предлог на министерот за правда, а директорите на затворите и нивните заменици ги именува и разрешува министерот за правда.
**Препорачуваме**:
**– Управата за извршување на санкции да се развие, така што ќе може да преземе повеќе обврски, а посебно затворите да станат составни делови на Управата за извршување на санкции, а директорите на затворите треба да ги именува и разрешува директорот на Управата.**
4.2 Во моментов, во извршување на работите во надлежност на Управата за извршување на санкции, на директорот му помагаат четири вработени лица и тоа: инспектор, раководител за третман и обезбедување, раководител за правни прашања и раководител за координација. Во Управата, постојат 12 непополнети работни места. Тоа значи дека пополнети се помалку од една третина од работните места предвидени со систематизацијата во самото седиште на затворската управа. Не сме убедени дека тој број ќе биде доволен за ефикасно извршување на сите централни овластувања на затворската управа.
**Препорачуваме:**
**– бројот на вработени во Управата за извршување на санкции да биде зголемен за да се овозможи ефикасно извршување на сите нејзини централни овластувања.**
4.3 Буџетот на Управата за извршување на санкции е под контрола на Министерството за правда, но затворите се финансираат директно од државниот буџет, врз основа на предлог буџети кои ги доставува Министерството за правда. Со новиот Закон за извршување на санкции, Управата за извршување на санкции ќе добие статус на правно лице, ќе има сопствен буџет и ќе биде надлежна за буџетот на затворите. Иста така, Управата ќе биде надлежна за спроведување на програмата на Владата за изградба, реконструкција и одржување на објектите.
4.4 Постојната структура на затворскиот систем во Република Македонија е следна:
– една казнено-поправна установа од затворен вид (затворот во Идризово, со отворено одделение во Велес)
– пет установи од полуотворен вид за возрасни лица ( затворот во Штип со отворено одделение во Струмица, затворот во Скопје со отворено одделение во Крива Паланка, затворот во Битола со отворено одделение во Прилеп, затворот во Тетово и затворот u1074 во Гевгелија)
– една установа од отворен вид (затворот во Струга)

– една установа од полуотворен вид за малолетници (затворот во Охрид)
– една воспитно-поправна установа во Тетово (привремено лоцирана во Скопје) за машки малолетни лица. Женските малолетни лица на кои им е изречена иста заводска мерка во воспитно-поправна установа, се сместени во женското одделение на затворот во Идризово.
4.5 Со Предлог законот за извршување на санкции, предвидени се голем број промени во организационата структура на затворскиот систем во Република Македонија.
– Затворот во Штип ќе стане установа од затворен вид со изградбата на нов објект. Со тоа, некои затвореници од затворот во Идризово ќе може да се префрлат во затворот во Штип, намалувајќи го, на тој начин, притисокот врз затворот во Идризово.
– Во Куманово ќе биде сместена новата установа. (За таа цел, воени објекти се пренесени на затворската управа и тие треба да се адаптираат.
Со тоа, Куманово ќе го олесни оптоварувањето на затворите во Идризово и во Скопје.) Отвореното одделение на затворот во Скопје во Крива Паланка, ќе се трансформира во отворено одделение на затворот во Куманово.
– Затворот во Охрид ќе стане установа од затворен вид за возрасни лица.
– Одделението во Прилеп ќе прерасне во затвор за малолетници. (Потребно е објектот во Прилеп да се реновира).
– Отвореното одделение во Струмица ќе стане затвор од полуотворен вид.
– Воспитно-поправната установа во Тетово (привремено лоцирана во Скопје) ќе биде вратена во Тетово, штом ќе се изнајде соодветен објект за таа намена..
Се предвидува овие промени да се спроведат во текот на следните две години, но се планира враќањето на воспитно-поправната установа во Тетово да се спроведе во најскоро време.
**Препорачуваме:**
– **Македонските власти да се обратат до Советот на Европа за експертска помош, доколку оценат за потребно, во спроведувањето на планираните измени на организационата структура на затворскиот систем, како и да се преземат сите потребни чекори со цел да се добие конкретна помош од други соодветни европски агенции.**
4.6 Организационата структура во рамки на затворите, приближно е идентична, и се состои од следниве сектори:
– сектор за обезбедување
– сектор за третман
– сектор за здравствена заштита
– сектор за вработување
– административен и финансиски сектор.
Бројот на вработени во секој сектор варира во зависност од големината на установата. Бројот на вработени лица и други со нив поврзани прашања се предмет на разгледување на деловите 5.6 и 5.7, 9.2 и 9.3 и дел 15. Состојбата во секоја установа поодделно е прикажана во деловите 19-27.

## 5 Факти и бројки: затвори, затвореници и вработени

5.1 Беше кажано дека осумте затвори и едната воспитно-поправна установа имаат вкупен капацитет од околу 2.200 места. Бројката што укажува на капацитетот, а која беше доставена за потребите на Годишниот статистички извештај на Советот на Европа за криминалот, изнесуваше 2.225 за последните три години.
5.2 Наспроти тоа, затворската популација драматично се зголемува во последните три години; имено од 1.248 лица на 1.9.2002 година, на 1.598 лица на 1.9.2003 година, потоа на 1.747 лица на 1.9.2004 година, па 2.256 лица во ноември 2005 година, во време кога е реализирана посетата. Овој пораст изнесува над 80% и покажува дека, без оглед на состојбата во секоја установа поодделно, системот како целина е преоптоварен.
5.3 Подетален приказ на моменталната состојба на затворската популација (на 23.11.2005 година) е прикажан подолу:

| | |
|---|---|
| притворени лица | 227 |
| осудени лица | 1.843 |
| лица кои издржуваат затворска казна за прекршоци (на пр. поради неплаќање на парична казна) | 161 |
| малолетни лица во воспитно-поправната установа | 25 |
| **ВКУПНО** | **2.256** |

Бројките кои ги добивме, поодделно за секоја установа, укажуваат дека во вкупниот број 55 се жени, а една од нив е малолетно лице.
5.4 Главните дела за кои се осудени 1.696 лица издржуваа казна во затворскиот систем во јуни 2005 година се следниве:

| | | |
|---|---|---|
| тешка кражба | 503 | 29.7% |
| дела поврзани со дроги | 214 | 12.6% |
| Убиство | 192 | 11.3% |
| Разбојништво | 179 | 10.6% |
| Кражба | 71 | 4.2% |
| Измама | 55 | 3.2% |
| загрозување на јавната безбедност (дела против сообраќајот) | 46 | 2.7% |

| | | |
|---|---|---|
| дела поврзани со оружје (производство, поседување или тргување) | 33 | 1.9% |
| Фалсификување | 33 | 1.9% |
| предизвикување тешки повреди | 31 | 1.8% |
| трговија со луѓе | 29 | 1.7% |
| Силување | 28 | 1.7% |
| други дела | 282 | 16.6% |
| **ВКУПНО** | **1.696** | **100%** |

5.5 Етничката структура на осудените лица во јуни 2005 година во затворот во Идризово, каде се сместени 60% од затворската популација во целокупниот систем, е следната:

| | | |
|---|---|---|
| Македонци | 517 | 42.6% |
| Албанци | 380 | 31.3% |
| Роми | 175 | 14.4% |
| Други | 141 | 11.6% |
| **ВКУПНО** | **1.213** | **100%** |

5.6 Бројот на вработени во затворскиот систем на крајот на август 2005 година изнесуваше околу 430, но според систематизацијата тој број е околу 750 лица, што значи дека имаше повеќе од 300 непополнети работни места (над 40% според систематизацијата). Во моментов, постои забрана за нови вработувања во државните институции, но во Министерството за одбрана постои вишок на вработени, од кои веќе за 100 лица е одобрено префрлање во затворската служба, со што остануваат уште 200 непополнети работни места (над 25% според систематизацијата). Во септември 2005 година, 52 лица од овие вкупно 100 преземени лица беа примени во затворската служба и директорот на Управата за извршување на санкции е задоволен од нивниот квалитет. Останатите 48 лица ќе бидат превземени до крајот на годината. Околу 90% од овој поранешен кадар на Министерството за одбрана ќе продолжи да работи во одделенијата за обезбедување во затворите.
5.7 Од 454 лица вработени во затворската служба во септември 2004 година (според податоците доставени до Советот на Европа за потребите на Годишниот статистички извештај за криминалот):
23 лица се на раководни позиции (директори и раководители)
254 се лица за обезбедување и надзор
55 лица се задолжени за третман (педагози, социјални работници, психолози, медицински кадар). (За време на нашата посета во ноември 2005 година, бројот на вработени во секторот за третман (со исклучок на медицинскиот кадар, изнесуваше само 40 лица)).
51 лице се инструктори во работилниците
71 се административни службеници.
5.8 Се чинеше дека статистичките податоци за капацитетот на затворите не беа секогаш точно утврдени, а во некои затвори директорите го подведуваа капацитетот во одредени рамки. Сепак, законот предвидува дека на секој затвореник треба да му се обезбеди најмалку $9m^3$ простор.
**Препорачуваме:**
**– капацитетот на секоја установа да се пресметува по следната основа (да овозможува најмалку 4m2 по човек), а бројката што ќе се добие на тој начин треба да се смета за официјален капаците на затворот.**
**Исто така, препорачуваме:**
**– Управата за извршување на санкции да преземе натамошни чекори за унапредување на систематското прибирање, обработка и користење на статистички податоци за затворите, бидејќи тие можат да бидат од голема помош при донесувањето на одлуки, и тие ќе може полесно да се доставуваат до директорите на затворите или до други заинтересирани лица, на национален и меѓународен план.**

**6 Основни принципи на Европските затворски правила**
6.1 Европските затворски правила (ЕЗП) даваат најголем приоритет на оние правила во кои се содржани основните принципи. Имено, во нив "се вградени критериумите за хуманост, почитување на човековото достоинство, социјалната цел и менаџерското управување, што претставува кохерентна и ефективна основа за управување со современите затворски системи" (Европски затворски правила, појаснувачки меморандум, стр. 31, Совет на Европа, Стразбур, 1987 година).
6.2 Во ЕЗП се потенцира потребата лишувањето од слобода да се спроведува во такви материјални и морални услови кои обезбедуваат почитување на човековото достоинство. Условите во одредени затвори не се добри, неодложна е реконструкција на објектите и постои голема пренатрупаност во затворите во Идризово и Скопје; а ваквата состојба не обезбедува почитување на човековото достоинство. Меѓутоа, ја забележавме определбата на Министерството за правда и Управата за извршување на санкции за решавање на овие прашања, како и фактот што многу е постигнато на планот на реконструкцијата.
**Препорачуваме:**
**– да се преземат итни мерки u1079 за да се намали пренатрупаноста, особено сериозната пренатрупаност во затворите во Идризово и во Скопје.**

**– работите за реконструкција, посебно во затворот во Идризово, но и секаде, е потребно да продолжат да се спроведуваат со што е можно побрзо темпо.**
**– да се посвети внимание на Препораката на Советот на Европа за прашањето на пренатрупаноста: "Пренатрупаноста во затворите и инфлацијата на затворската популација" (Препорака бр. Р (99) 22 и извештај).**
6.3 Неопходни се добри материјални и морални услови за да се обезбеди третман на затворениците без дискриминација и нивно почитување како човечки суштества. Постои разлика помеѓу нивното третирање како сограѓани, кои привремено се лишени од слобода и нивното третирање на лица кои припаѓаат на криминални кругови. Општо земено, се чини дека третманот на притворените и осудените лица е на задоволително ниво, но сепак свесни сме дека за да може ова со сигурност да се каже, неопходно е да се помине многу подолго време во секој од затворите, отколку времето кое нам ни беше на располагање и при тоа да се разговара со групи на затворници и со вработените. Сепак, се чини дека скоро во сите установи односите помеѓу затворениците и вработените беа прилично добри.
**Препорачуваме:**
**– во сите затвори да се користи воедначена практиката при обраќањето на вработените кон притворените и осудените лица, при што ќе се користи личната заменка "Ви/Вие" што укажува на почит, наместо "ти", што не е случај.**
6.4 ЕЗП налагаат спроведување редовни инспекции т.е. надзор на казнените установи од страна на квалификувани и искусни инспектори кои ќе следат во колкав степен управувањето со установите е во согласност со постоечките закони и прописи, со целите на затворската управа и со условите предвидени во Европските затворски правила. Во македонскиот затворски систем, надзорот го вршат Управата за извршување на санкции, надлежниот суд и државна комисија формирана од страна на Собранието. Инспекторот во Управата за извршување на санкции ја испитува состојбата и изготвува извештај во кој се укажува на добрите аспекти, се дефинираат решенија за оние прашања кои не се на задоволително ниво и се утврдува временска рамка за нивно решавање, а тој извештај се доставува до директорот на затворот, кој е должен да преземе соодветни мерки за подобрување. Инспекторот може повторно да изврши проверка дали е соодветно постапено. Надзорот што го вршат судовите исто така резултира со извештај, кој се доставува до Управата за извршување на санкции и до директорот на затворот. Народниот правобранител, исто така, има право да ги посети затворите во било кое време; во текот на нашата посета постоеше еден "мал проблем" помеѓу Управата за извршување на санкции и канцеларијата на Народниот правобранител, поради барањето на затворската управа, Народниот правобранител или неговите заменици да добијат претходно судско одобрение за да можат да ги посетат притворените лица.
**Препорачуваме**
**– инспекторот во Управата за извршување на санкции да проверува до кој степен она што тој го забележал како дел од затворскиот систем се разликува од она што лицата однадвор го забележале, преку споредување на неговиот извештај за последниот надзор извршен во секој затвор поодделно, со наводите на кои се укажува во овој извештај.**
6.5 Во ЕЗП исто така се предвидува дека овие правила треба да бидат достапни за вработените на нивниот јазик, како и за затворениците. Во моментот, Управата за извршување на санкции планираше да обезбеди примерок од овие правила за сите директори на затворите, но се чинеше дека некои од нив сé уште немаат добиено таков примерок, па општо земено, ЕЗП не се достапни ниту за вработените, ниту за затворениците. Меѓутоа, бевме информирани дека тие правила се користат во спроведување на обуката на вработените..
**Препорачуваме**
**– Европските затворски правила да се преведат на националниот јазик и да се доставаат до директорите и раководниот кадар во сите затвори, а исто така да се обезбедат примероци од овие правила (на видливи места како што се библиотеките во затворите), на кој начин ќе бидат достапни за сите вработени и за притворените и осудените лица, како и овие правила да се користат во обуката на вработените.**

## 7 Прием, распоредување и сместување

<u>Прием и распоредување</u>
7.1 Во затворите постои посебен дел за сместување на новопримени затворници. Во поголемите установи, одделението за прием е составено од повеќе простории, но во други тоа е само посебен дел за ноќевање. Во ова одделение, затворениците остануваат најмногу 30 дена, за кое време тие се запознаваат со куќниот ред на установата, како и со нивните права и должности. Во текот на овој период, тие се испитуваат, се спроведува анализи на нивната состојба, се подготвува програмата за нивен третман и се донесува одлука за тоа каде ќе бидат сместени. Тим на специјалисти, составен од психолог, педагог и лекар, е одговорен за изготвување на профилот на затвореникот, врз чија основа се донесуваат сите релевантни одлуки. Потоа, затвореникот се распоредува во одделение од затворен, полуотворен или отворен вид.
**Препорачуваме**
**– да се организираат активности за оние кои се наоѓаат во одделението за прием.**
<u>Сместување</u>
7.2 Сместувањето, како за притворените лица, така и за осудените лица кои издржуваат затворска казна, е во заеднички ќелии или простории.
Притворениците, најчесто, се сместени во ќелии наменети за две лица, додека во голем број затвори, најголемиот дел од осудените лица се сместуваат во простории за по 4 до 5 лица. Меѓутоа, во некои затвори има простории за 10 лица, а во затворот во Идризово во некои простории беа сместени повеќе од 25 осудени лица.
**Препорачуваме**
**– при одлучувањето за сместување на затворениците во одредени ќелии или простории, особено внимание и грижа да се посвети, тие простории заеднички да ги делат со најсоодветни лица. Ова вообичаено налага, меѓу другото, да се раздвојат лицата со цврст карактер од оние лица кои имаат слаб карактер и лесно се поведуваат. Во оваа смисла, многу е важен ноќниот надзор.**

7.3 Според законот, условите за сместување треба да ги задоволуваат основните хигиенски потреби, да бидат соодветно опремени, да имаат достатна вентилација и природна светлина, како и да се обезбеди 9м3 простор по човек. Ова изнесува приближно 4м2, што претставува минимум дозволен простор кој се смета за прифатлив според Европскиот комитет за превенција на тортура и нехумано и деградирачко однесување или казнување (CPT), формиран во рамки на Советот на Европа. Сепак, во некои затвори, не сите притворени и осудени лица имаат толкав простор на располагање.

**Препорачуваме**

**– да се изврши преглед на просторот кој во моментов му стои на располагање на секое притворено и осудено лице. Секогаш во затворите треба да се обезбеди националниот минимум од 9м3 или приближно 4м2. Треба да се вложат напори во секој затвор да се обезбеди простор кој го надминува овој минимум.**

7.4 Осветлувањето беше добро, но не секаде Посебно, забележавме дека во многу ќелии кои се користат за дисциплинска изолација (самици), изворот на осветлувањето беше лоциран надвор од просторијата, така што осветлувањето не беше адекватно за читање. Исто така, во некои од ќелиите каде беа сместени притворени лица немаше доволно природна светлина.

**Препорачуваме**

**– да се вложат напори за подобрување на осветлувањето во ќелиите кои се користат за дисциплинска изолација, како и во сите други делови и простории за престој каде осветлувањето не е доволно за читање.**

7.5 Греењето не беше секаде соодветно. Во повеќе од еден затвор, греењето не функционираше во некои делови на објектот, а забележавме дека некои простории за престој беа ладни. На неколку места, забележавме шпорети на дрва кои беа поставени на средината во просториите за ноќевање.

**Препорачуваме**

**– во сите простории за дневен престој, кога се користат, да се одржува нормална температура, како и да се разгледа можноста за инсталирање системи за постојано греење во затворите.**

7.6 Заедничките простории (простории за заеднички активности), исто така, беа често сиромашно опремени, некаде со телевизор, некаде без телевизор, со неколку клупи и маси, кои бараат поправки. Некаде дури ни ова го немаше.

**Препорачуваме**

**– да се обезбедат едноставни средства и материјали за одредени затвори, за да може редовно да се вршат мали поправки на мебелот.**

**Треба постојано да се одржуваат скршениот мебел, прозорци и слично, за да се спречи натамошно оштетување.**

## 8 Хигиена, облека и постелнина

8.1 ЕЗП јасно укажуваат дека просториите за одржување лична хигиена односно во просториите за капење и туширање мора да бидат адекватни, така што ќе се овозможи секое притворено и осудено лице да се капи односно тушира најмалку еднаш неделно, или онолку често колку што е потребно за одржување на општата хигиена во зависност од годишното време; треба секојдневно да се обезбеди вода и тоалет заради одржување на личната хигиена. Забележавме дека затворениците одржуваат лична хигиена, и разбравме дека на оние затвореници кои работат во кујните и кои извршуваат тешки физички работи им се дозволува редовно да се туширaат.

На затворениците им се дозволува да носат сопствена облека; сепак не секаде постојат соодветни простории за перење на облеката. Постелнината се менува често.

**Препорачуваме**

**– да се изнајдат начини за обезбедување соодветни простории каде затворениците ќе можат да ја перат облеката.**

8.2 Во многу затвори, постоеја одредени простории каде чистотата не беше добра.

**Препорачуваме**

**– ѕидовите и таваните редовно да се фарбаат и чистат, а подовите во сите простории за дневен престој да се бришат и чистат секојдневно.**

8.3 Санитарните простории не задоволуваа во сите случаи. Во неколку затвори, тоалетите и тушевите се наоѓаа во лоши услови. Тоалетите не беа секогаш чисти и околниот простор беше влажен; често чешмите капеа, а на тушевите недостасуваше рачката за туширање. Не секаде, плочките во деловите наменети за туширање беа заменети со нови плочки Во некои затвори, бројот на кабините за туширање не беше доволен во однос на бројот на затворници во дадената установа.

**Препорачуваме**

**– да се подобрат хигиенските услови и состојбата на санитариите (тоалети**, **кабини за туширање**, **мијалници), онаму каде што е потребно.**

8.4 Посебно е важно да се одржува хигиена и чистота во кујнскиот простор. Општо земено тоа беше случај, но не секаде. Затворениците кои работат во кујните треба да бидат изложени на редовни лекарски прегледи, а дознавме дека ова претставува нормална практика.

**Препорачуваме**

**– затворниците кои работат со храна или во простории каде се чува, подготвува и приготвува храната, да подлежат на редовни лекарски прегледи.**

**Препорачуваме, исто така,**

**– медицинскиот кадар во сите затвори редовно да го советува директорот во поглед на одржување на хигиената и чистотата во установата, во согласност со Европските затворски правила.**

## 9 Здравствена заштита и исхрана

Здравствена заштита

9.1 ЕЗП предвидуваат дека здравствената заштита подразбира во секој затвор да се обезбедат здравствени услуги од најмалку еден квалификуван лекар по општа медицина. Медицинската служба во затворот треба да се организира во

тесна релација и соработка со управата за општа медицина која постои во заедницата и треба да вклучува и психијатриски услуги. На оние затвореници на кои им е потребен специјалистички третман и лекување, треба да се префрлат во специјализирани институции или цивилни болници, и на секој затвореник треба да му се овозможат услуги на квалификуван стоматолог.

9.2 Во македонскиот затворски систем постои сериозен недостаток на медицински кадар. Во затворот во Идризово, каде според систематизацијата се предвидени 6 лекари и 10 медицински сестри, има само еден лекар вработен на определено време, а уште еден работи со скратено работно време и две медицински сестри. На други места, каде според систематизацијата постојат непополнети работни места за лекари и медицински сестри, сите лекари (освен еден во Скопје) се вработени со договор за дело на определено време и тие доаѓаат од локалните центри/клиники, а медицински сестри се редовно вработени само во Скопје и Битола; неодложно е и се очекува вработување на лекари на неопределено време во затворите во Битола и Охрид, како и вработување на нови медицински сестри во затворот во Штип и во воспитно-поправната установа. Во време на нашата посета, воопшто не постоеше медицински кадар во затворот во Штип и во Тетово. Според законот, задолжително е вработување на лекар во овие установи.

9.3 Иако разбравме дека лекарите ангажирани со договор за дело редовно ги посетуваат установите и дополнително доаѓаат кога е неопходно, сепак недостигот од лекари и медицински сестри, отсуството на било каков медицински кадар на предвидените работни места според систематизацијата во некои установи, како и фактот што лекарите ангажирани со договор мора да се викаат во итни случаи и за да ги прегледаат новопримените притворени и осудени лица, сето ова го доведува под прашање дали ваквиот начин на обезбедување здравствена заштита е соодветен на една современа европска затворска служба.

**Препорачуваме**

**– во секој затвор да биде вработено квалификувано медицинско лице.**

**– во секое време и за секој затвор да бидат достапен доволен број на лекари, било преку нивно редовно вработување во затворската служба или преку нивно ангажирање со договор; да има утврден распоред за редовни посети на лекарите ангажирани со договор, вклучително и дополнителни посети доколку е потребно.**

**– Советот на Европа да обезбеди експерт за здравствена заштита на затвореници, кој ќе понуди совети за можни подобрувања, со цел да се обезбеди задоволителна здравствена заштита за притворените и осудените лица во Република Македонија.**

**– да се разгледа можноста министерот за правда да упати покана до министерот за здравство, тој да го следи квалитетот на обезбедување медицински услуги во затворите.**

9.4 Новите затвореници се прегледуваа при приемот, односно во практиката u1074 во рок од 48 часа кога станува збор за осудени лица, а во рок од 24 часа кога станува збор за притворени лица. Во случај на потреба од стоматолошки третман, затворениците со придружба се водат на стоматолог надвор од затворот, а во случај на притворени лица, за тоа е потребно одобрение од суд. Психијатриска помош се пружа од психијатри кои повремено ја посетуваат установата. Затворениците кои имаат здравствени проблеми, кои налагаат поинаков третман и лекување од она кое се пружа во затворот, се префрлаат во болница или на клиника надвор од затворот. Кога на затвореникот му е потребен третман и лекување надвор од затворот, трошоците паѓаат на товар на затворот.

9.5 Најтежок здравствен проблем претставува зависноста од дрога. Беше кажано дека повеќето млади затвореници (оние кои се на возраст под 30 години) се зависни од дрога. Во затворот во Идризово има околу 220 официјално регистрирани зависни од дрога, но можеби три пати повеќе од таа бројка користат дроги; 200 лица се на метадонска терапија. Во секторот за здравствена заштита, посебен простор е реновиран за потребите на метадонската терапија, идентично на метадонскиот центар во заедницата.

Слушнавме дека се вложуваат големи напори за да се спречи влезот на дрогите преку зголемување на обезбедувањето во затворот, вклучително и преку инсталирање на видео камери. Кај зависниците со дрога постои проблем со хепатит С. Терапијата со метадон (хептанон) е стандардна терапија која се дава во затворите во Македонија. Во затворот во Скопје, 20-25% од затворениците се зависници од дрога, а 10-15% од нив, отворено го покажуваат тоа. Одредени индикации за тенденцијата во поглед на зависноста од дрога и други сериозни здравствени проблеми се прикажани во табелата во дел 19.8, на која се прикажани податоци за 2000-2005 година за затворот во Идризово, каде се сместени околу 60% од вкупниот број затвореници во Македонија.

**Препорачуваме**

**– медицинскиот кадар да воспостави тесни контакти со оние кои се одговорни за превенција на злоупотребата u1085 на дроги во заедницата, како и да се воведат програми за третман во кои нема исклучиво да се користи метадонска (хептанонска) терапија.**

9.6 Помладите полнолетни лица подлежат на систематски лекарски преглед еднаш годишно. Законот предвидува дека на бремените жени мора да им се обезбеди стручна медицинска помош и грижа. Мајките и нивните деца се сместуваат во одделот за мајчинство во затворот Идризово, сé додека детето наполни една година живот.

9.7 Беше кажано дека во затворите има доволно медицински препарати и лекарства, меѓутоа дека расположивиот буџет е многу мал. Во затворот во Скопје, сметките се плаќаат со задоцнување и буџетот за медицински набавки за оваа календарска година бил усогласен во мај; има многу малку средства за обезбедување на примарна здравствена заштита.

9.8 Доверливиот карактер на медицинскиот третман треба да се гарантира и да се почитува со истиот степен на ригорозност, кој важи и за општата популација (Препорака на Советот на Европа бр. Р (98) 7 во однос на етичките и организациските аспекти на здравствената заштита во затворот). Тоа значи дека пристап до здравствените картони на притворените и осудените лица може да имаат само вработените кои пружаат здравствена заштита. Сепак, во затворот во Скопје пристап има и директорот, а доколку судот дозволи, и раководителот на секторот за обезбедување. Во затворот во Охрид, генерално земено, увид во здравствениот картон и документација има само медицинскиот кадар, но по исклучок и директорот, а увид во здравствениот картон на притворените лица може да има и судот.

9.9 Некои установи немаат посебен простор за сместување на болни. Во затворот во Штип, болните затвореници се сместуваат во постојните простории, иако постојат планови за воспоставување болнички оддел. Во недостиг на таков

оддел во воспитно-поправната установа, младите престапници можат да бидат однесени во болница надвор од установата. Во затворот во Идризово, одделот за болни беше во фаза на реновирање за време на нашата посета.
**Препорачуваме**
**– сите установи да имаат соодветно снабден и опремен болнички оддел.**
9.10 Во отворениот затвор во Струга, на оние затворници на кои може да им се верува, им се допушта да посетат лекар надвор од установата, без надзор. Во затворот во Идризово постои можност за тестирање на ХИВ/СИДА вирусот на доброволна основа – ни беше кажано дека 200 затвореници поминале низ вакво тестирање, но при тоа не е откриен ниту еден случај на инфекција; едукативна работилница за заштита од ХИВ/СИДА вирусот била неодамна одржана во затворот во Штип. Во моментов, само четворица затворници имаат туберкулозна инфекција во рамки на целокупниот затворски систем; тие се сместени во затворот во Скопје и ни беше кажано дека заразната болест ја добиле надвор од установата. Затворот во Идризово, еднаш неделно го посетуваат офталмолог, невролог и радиолог.
**Препорачуваме**
**– директорите на затворите и медицинскиот кадар, можеби ќе најдат за корисно, да ги консултираат двете препораки на Советот на Европа, имено Препораката бр. Р (93) 6 и нејзиниот појаснувачки меморандум во врска со затворските и криминолошките аспекти на контролата на заразни болести и слични здравствени проблеми во затворот, како и веќе споменатата Препорака бр. Р (98) 7 во однос на етичките и организациските аспекти на здравствената заштита во затворот.**
<u>Исхрана</u>
9.11 Во согласност со Законот за извршување на санкции, на затворениците мора секојдневно да им се обезбеди храна која има најмалку 12.500 џули по човек. Тие мора да добијат три оброка дневно, а оние кои извршуваат потешки работи, треба да добиваат четири оброка дневно. Затворениците кои се болни или бремените жени мора да добиваат храна од таква природа и квалитет каква што определил лекарот.
9.12 Во многу затвори, имавме прилика да ја пробаме храната и да го прегледаме менито за цела седмица. Во повеќето случаи, храната беше прифатлива од аспект на вкусот и беше свежо приготвена. Меѓутоа, при прегледувањето на менито забележавме дека исхраната, на некој начин, беше монотона и недостасуваше овошје и зеленчук. Во многу затвори, бевме информирани дека затворениците произведуваат храна за лични потреби на земјиштето и фармата во затворот, каде одгледуваат крави и свињи, а имаат можност да одгледуваат и зеленчук.
**Препорачуваме**
**– да се вложат напори за да се обезбеди разновидност во исхраната, со поголема застапеност на овошје и зеленчук.**
9.13 Во сите затвори, кујните беа опремени со основни средства, а некои кујни не беа добро одржувани. Во повеќето затвори, готвачот беше цивилно лице, на кого му помагаа двајца или тројца затвореници.
**Препорачуваме**
**– редовно да се одржува опремата во кујните, а посебно внимание да се посвети на одржувањето хигиена и чистота во кујните.**
9.14 На затворниците треба да им се обезбеди вода за пиење секогаш кога им е потребна. Во некои затвори, не постоеше проточна вода за пиење во просториите, но директорите нè информираа дека во установите од полуотворен и отворен вид, просториите не се заклучуваат во текот на ноќта, така што затворениците имаат пристап до вода за пиење во текот на целиот ден и во текот на ноќта.
**Препорачуваме**
**– да се вложат напори за да се обезбеди пристап до вода за пиење за сите затвореници секогаш кога им е потребна.**

## 10 Дисциплина, казнување и поплаки
<u>Дисциплина и казнување</u>
10.1 Согласно Законот за извршување на санкции, редот и дисциплината мора да одржуваат во интерес на безбедноста на установата, со цел да им се овозможи на затворениците да живеат заедно во безбедни услови и да се постигнат целите на третманот. Затворениците се должни да се придржуваат кон одредбите на законот и правилата на куќниот ред на затворот, да ги извршуваат обврските што произлегуваат од програмата за третман и да ги почитуваат наредбите на вработените во затворот.
10.2 Се чинеше дека редот се одржува во сите установи. Само во затворот во Скопје (види дел 20.14) забележавме одредена вознемиреност помеѓу притворените лица.
10.3 Дисциплинските санкции кои можат да се изречат се: опомена, јавна опомена, ограничување на доделување на погодности за време до три месеци и упатување во самица за време од 3 до 15 дена, со или без право на работа.
Дисциплинските санкции ги изрекува директорот или неговиот заменик, по спроведено сослушување, кое вклучува распит на затвореникот, за време на кое се дава можност тој да се изјасни. Одлуката на директорот мора да го земе предвид поведението на затвореникот и неговата претходна осудуваност за дисциплински повреди. Затвореникот има право на жалба против одлуката, која се поднесува до директорот на Управата за извршување на санкции. Затвореникот, исто така, може да биде упатен на изолација најмногу 6 месеци за сериозно загрозување на безбедноста на установата или доколку тој претставува голема опасност за сигурност на другите затвореници. Ваквата казна може да ја изрече исклучиво директорот на Управата за извршување на санкции. Затворникот има право на жалба против таа одлука до министерот за правда.
10.4 Не постоеја индикации дека постапките за изрекување дисциплински санкции на било каков начин не се почитуваат.
10.5 Во повеќето затвори, беше сосема јасно дека дисциплинските казни се применуваат колку што е можно поретко и бевме импресионирани од малиот број изречени казни, за кој бевме известени.
**Препорачуваме**
**– директорите на сите затвори да обрнат внимание на барањата содржани во Европските затворски правила за медицинска одговорност во поглед на казнувањето со упатување во самица, имено на барањето лицата кои издржуваат таква казна во самица секојдневно да ги посетува медицинско лице.**

10.6 Битно е во ќелијата за изолација (самицата) да има соодветни услови. Како што беше споменато во дел 7.4, осветлувањето во многу ќелии кои се користат за дисциплинска изолација беше несоодветно за читање; веќе дадовме препорака во насока на подобрување на состојбата во тој дел.

Претставки и поплаки

10.7 Според Законот за извршување на санкции, затвореникот има право да поднесе поплака усно до директорот на установата u1080 или до лице што тој ќе го овласти; како и во писмена форма до директорот на установата; а против одлуката на директорот на затворот има право на жалба до Управата за извршување на санкции. Доколку не добие одговор од Управата за извршување на санкции во рок од 30 дена, тој има право да побара судска заштита. Исто така, затворникот има право да поднесе претставка или поплака до Европскиот комитет за превенција на тортура и нехумано и деградирачко однесување и казнување (CPT) формиран во рамки на Советот на Европа, како и до Европскиот суд за човекови права.

10.8 Немавме време да го проучиме начинот на кој функционира системот на претставки и поплаки во установите во Македонија, иако слушнавме дека во одделни затвори совесно се постапува (види, на пример дел 19.11). Мошне значаен дел на затворскиот систем секако претставува ефикасноста и доверливиот карактер на овие постапки.

**Препорачуваме**

**– Управата за извршување на санкции да обезбеди услови секое притворено и осудено лице во сите затвори да биде во можност да поднесува претставки и поплаки (чија содржина ќе има доверлив карактер) до директорот на затворот, како и до други тела до кои има право да се жали. Претставките вообичаено треба да имаат форма на доверливи писма, но исто така може да се поднесуваат и усни поплаки. Постапувањето со нив треба да влева доверба кај притворените и осудените лица дека тие ќе бидат прочитани само од страна на она лице до кое се адресирани.**

**11 Контакти со надворешниот свет и задоволување на верските потреби**

11.1 Правото да комуницира преку писма и посети со семејството, со блиски пријатели и со други лица, редовно му припаѓа на секој затвореник. Во случајот на притворени лица, истражниот судија одлучува дали ќе се дозволи таква комуникација.

11.2 Разбравме дека во практиката редовно на сите притворени лица им е дозволено да комуницираат преку писма со членови на нивните семејства, како и да примаат писма и пратки од нив. Ним, исто така, генерално им се допушта да примаат посети од членовите на u1089 семејството еднаш неделно. Овие посети често се ограничени на 15 минути. Овие посети вообичаено се одвиваат под надзор, при што посетителите се одвоени од притвореното лице со стаклена преграда.

**Препорачуваме**

**– времетраењето на посетите на притворените лица да биде подолго, така што би траеле најмалку 30 минути.**

**– "затворените" посети каде притвореното лице е физички одвоено од посетителот (на пример, со стаклена преграда) да се применуваат во исклучителни случаи кога тоа е неопходно од безбедносни причини или поради други посебни околности на истражната постапка.**

11.3 Вообичаено, на осудените лица кои издржуваат затворска казна им се дозволува да испраќаат и да примаат неограничен број писма, како и да примаат посети од членови на семејството најмалку еднаш месечно, во времетраење од еден час. Доколку тие се сместени во установа од полуотворен вид, им се дозволуваат две посети месечно, а доколку се наоѓаат во установа од отворен вид, тие можат да примаат посети секоја недела. Во еден затвор (во Битола), се дозволува еден час неделно за затворениците во отворените или полуотворените одделенија, а половина час посета за оние затвореници кои се сместени во затвореното одделение, додека во воспитно-поправната установа посетите од членови на семејството се неограничени. Директорот може да дозволи почести посети, дополнителни посети или подолги посети заради добро поведение или за некоја друга позитивна цел. Најчесто посетите од членови на семејствата се отежнати, бидејќи многу од нив не поседуваат автомобил, како и поради отсуството на добро развиен транспортен систем. Семејните (според говорниот јазик) посети се дозволуваат еднаш месечно во времетраење од најмногу два часа, но само во затворот во Идризово каде се сместени лица кои издржуваат подолга казна завор, а некои од нив немаат право на отсуство надвор од затворот поради безбедносни причини. Во сите затвори постојат посебни простории за посети, со кантина за чај, кафе, итн.

**Препорачуваме**

**– времетраењето на посетите, имајќи ги предвид потешкотиите на кои се изложени семејствата за да стигнат до затворите, за осудените лица да биде подолго, а онаму каде е возможно, над редовниот период од еден час.**

11.4 Писмата на осудените лица во затворите од затворен вид (Идризово) и затворените одделенија на другите затвори ги чита лице вработено во затворот. Сметаме дека ова е непотребно (освен во исклучителни случаи) и таквиот упад во приватноста не е оправдан со можноста на тој начин вработените да се запознаат со социјалните прилики, како би можеле позитивно да интервенираат.

**Препорачуваме**

**– само во исклучителни случаи да се читаат писмата на осудените лица од страна на вработените.**

11.5 Во сите затвори се дозволува телефонирање со цел да се подобрат контактите со надворешниот свет; во малолетничкиот затвор во Охрид се дозволуваат два телефонски повици неделно. Во затворот од затворен вид и во затворените одделенија, таквите телефонирања се прават во присуство на вработен во затворот.

11.6 Осудените лица можат да примаат пратки, чиј вид и тежина подетално се уредени со правилата на куќниот ред на затворот.

**Препорачуваме**

**– да се зголеми зачестеноста на посетите, писмата, телефонските разговори и приемот на пратки колку што е можно повеќе, во зависност од ситуацијата во секој затвор**.

11.7 Една исклучително позитивна карактеристика на македонскиот затворски систем е можноста на затворниците да добијат домашно отсуство.

"Отсуството од затворот е мошне важно за зајакнување на семејните врски и ја поттикнува социјалната реинтеграција на затворениците. Тоа исто така придонесува за општата атмосфера и за хуманоста во затворите, па затоа треба да се практикува и применува што е можно повеќе како во затворите од затворен вид, така и во затворите од отворен вид" (појаснувачки меморандум на Европските затворски правила). Постојат различни видови отсуство, чија достапност зависи од тоа на која безбедносна категорија и припаѓа затворникот и неговото поведение, а тие вклучуваат: 7-часовно отсуство за посета во град, домашно отсуство од два дена месечно или два дена на секои два месеца, отсуство за итни случаи (на пример, посета на близок роднина кој е на умирање или присуство на погреб), како и отсуство за годишен одмор кој може да трае до 18 дена и кој може целосно да се помине дома, или делумно дома и делумно во затворот. Разбравме дека годишниот одмор може да зависи од вкупниот број денови на отсуство за време на викендите што на затворникот му се одобрени во текот на годината; барем во еден затвор постои ограничување од 30 дена на вкупното времетраење на отсуството кое може да се добие во текот на една година.

**Препорачуваме**

**– да се продолжи со системот на чести отсуства од затворот бидејќи тоа има позитивно влијание на атмосферата во затворите и се зголемуваат изгледите за социјална реинтеграција на затворениците по нивното отпуштање од установите.**

11.8 Контактот со надворешниот свет не е само прашање на комуникација со семејствата и блиските пријатели, иако нормално тие имаат најголемо значење. Слушнавме за позитивни иницијативи да им се дозволи на некои затвореници да извршуваат одредени активности надвор од установата, вклучувајќи и спортски активности.

11.9 Вработените во воспитно-поправната установа (педагог/социјален работник и лекар) понекогаш ги посетуваат семејствата на младите престапници, иако тие се разместени и лоцирани на различни места во државата. Во таа установа, постои катадневна комуникација со Центарот за социјални работи и истражниот судија, која е жена и која толку редовно ги посетува, што за неа се вели дека е дел од вработените или член на семејството.

11.10 Осудените лица редовно се информираат за настаните преку читање весници, гледање телевизија или слушање радио, но не бевме сигурни дали сите овие средства им се достапни секогаш и во иста мера и на притворените лица.

**Препорачуваме**

**– да им се дозволи на притворените лица, исто како и на осудените лица, редовно да се информираат за настаните преку читање весници и прием на радио и телевизиски емисии.**

<u>Помош во задоволување на верските потреби</u>

11.11 Не беше сосема јасно до кој степен затворениците се во можност да ги задоволуваат своите верски потреби. Во затворскиот систем не се вработени лица кои професионално се занимаваат со веронаука, и се чинеше дека во ниту еден затвор не е издвоена посебна просторија намета за изразување на вероисповеста. Сепак, дознавме дека за време на верските празници во затворите доаѓаат свештени лица и дека затворниците можат во секое време да побараат свештено лице. Ни беше кажано дека верските обичаи се почитуваат (на пример, се почитува времето дозволено за јадење на муслиманскиот празник Рамадан), а во установите од отворен вид, им се дозволува на затворниците да излезат од затворот заради задоволување на верските потреби доколку нивното поведение било добро. Беше истакнато дека муслиманите можат да се молат насекаде, и навистина забележавме муслиман како се моли во просторијата за дневен престој, без било какво попречување од другите затворници кои се наоѓаа во истата просторија.

**Препорачуваме**

**– да се вложат напори да се обезбедат простории за затворниците (вклучително и за притворените лица) кои сакаат приватност при изразување на нивната вероисповест**.

## 12 Режим на активности и подготовка за отпуштање

<u>Режим на активности</u>

12.1 Режимот на позитивни активности претставува карактеристика на најдобрите современи затворски системи, преку кои се намалуваат штетните ефекти на казната затвор и различностите помеѓу животот во затворот и животот во заедницата. Во Европските затворски правила се нагласува дека непостоењето на такви активности ја намалува самопочитта и чувството на лична одговорност на затворениците.

12.2 Откривме дека во македонскиот затворски систем постигнато е значително подобрување на оваа област од животот во затворите. Иако вообичаено атмосферата во установите беше добра, сепак постоеја прилично ограничени можности за позитивни активности. Имавме чувство дека, генерално земено, затворската служба беше преокупирана со реконструкција на затворите и дека не се посветува доволно внимание на развивањето режим на конструктивни активности.

12.3 Осудените лица кои издржуваат затворска казна поминуваат поголем дел од денот надвор од ќелиите односно просториите, без оглед на тоа дали тие вежбаат или не. Ваквата практика во голема мера е во согласност со меѓународните стандарди. Веќе беше спомената достапноста на весници и телевизија. Но често се чинеше дека животот на затворениците е досаден и бесцелен повеќе отколку што би требало, без доволно можности за развивање на нивните вештини и способности, кои би ги зголемиле изгледите за отпочнување нов живот по отпуштањето на слобода.

Активности со кои вреди да се пополни и окупира времето на затворениците вклучуваат: стручно усовршување, образование, обука за социјални вештини, водење и располагање со финансиски средства, како и културни активности (кои може да ги промовираат вработените задолжени за третман, но понекогаш да ги организираат и самите затвореници). Уметничките претстави и изложби на самите затвореници може позитивно да придонесат за квалитетот на животот во затворите, а тоа е случај и со квизовите и натпреварите. Во овие активности може да се вклучат волонтери надвор од затворската средина, односно од заедницата, на кој начин повторно би се намалила разликата помеѓу животот во затворот и животот на слобода.

Признаваме дека примери на такви можности можат да се најдат во затворите, но веруваме дека постои голем простор за нивно значително проширување. За многу такви иницијативи не се потребни воопшто или се потребни многу малку средства, туку за нив е потребно време, а исто така и имагинација, иницијатива и посветеност, како и клима во која постојано ќе се поттикнуваат и охрабруваат иницијативноста и новите идеи за создавање на нови можности.

**Препорачуваме**
**– да се вложат напори, во рамки на затворскиот систем, за зголемување u1085 на можностите за инволвирање на затворениците во позитивни активности со кои се намалуваат штетните ефекти на затворската казна и различноста помеѓу животот во затворот и животот на слобода, на кој начин се потхранува и јакне самопочитта и чувството на лична одговорност, и преку кои им се овозможува да ги надградуваат своите вештини и способности со што се зголемуваат изгледите за успешно отпочнување на нов живот по отпуштањето од затвор. Сите вработени треба да се охрабруваат и поттикнуваат да дадат свој придонес во овој процес. Исто така, може да се вклучат и волонтери, како на пример студенти на општествените науки или студенти на педагогија или социологија, за да им помогнат на вработените во овие активности.**
**– Советот на Европа да организира семинар за режимот на позитивни активности и програми во затворите.**
12.4 Покрај бројните ограничување во поглед на режимот на активности за осудените лица, можностите кои им стојат на располагање на притворените лица се далеку помалобројни. Се чинеше дека понекогаш нивниот правен статус попречува да се преземе било што во однос на притворените лица, освен да се чуваат во безбедни и хумани услови и да им обезбеди храна, телесни вежби и здравствена заштита. Сегашната ограничена улога на педагозите и социјалните работници при планирање и ангажирање на времето на притворените лица, само го потенцира овој недостаток. Не е премногу да се потенцира во секоја прилика дека обвинетиот се смета за невин, сé додека не се докаже неговата вина, па оттаму притворените лица имаат право на услови, кои во најмала рака, се исто толку поволни како оние кои им се обезбедуваат на осудените лица.
**Препорачуваме**
**– да се организираат позитивни активности во рамки на целокупниот затворски систем, преку кои, на конструктивен начин ќе се пополни и окупира времето на притворените лица. Идеално, во овие активности треба да бидат вклучени можности за работа, но секако и можности за образование и стекнување и развивање на вештини и способности.**
**– плановите и аранжманите за позитивни активности за осудените и притворените лица треба да се координираат, иако при спроведувањето на такви активностите, овие две групи треба да бидат издвоени.**
12.5 Покрај потребата од режим на позитивни активности, битно е да се обезбедат сите средства наменети за лекување, образование и слично и тие да бидат достапни и да ги задоволат индивидуалните потреби на притворените и осудените лица. Веќе беше споменато стручното усовршување, образованието и социјалните вештини. Секако, се признава дека недостатокот на средства го отежнува изготвување и спроведувањето на индивидуални програми за третман, но сепак таквите програми треба да бидат основна цел. Програмите изготвени од тимот за третман во одделението за приемот и отпуштање, евидентно треба да бидат основа за тоа. Но, не слушнавме, ниту забележавме докази дека за спроведуваат вакви програми за третман.
**Препорачуваме**
**– да се вложат напори за зголемување на бројот и опсегот на програмите за третман кои се фокусираат на специфичните индивидуални потреби.**
12.6 Индивидуалните програми, идеално земено, не треба да се однесуваат исклучиво на вработувањето, стручното усовршување, образованието и културните активности. Доколку се настојува во затворот да се третираат сите аспекти кои директно го засегаат капацитетот на затвореникот да продолжи да живее успешно во заедницата, тогаш можеби помошта не е само потребна во градење на социјални вештини и водење на буџет (кои веќе беа споменати погоре), туку исто така и аспекти кои директно го засегаат казнивото поведение на затвореникот. Целта која треба да се постигне е да им се помогне на затворениците да се справат со животот и животните проблеми на начин што нема повторно да прибегнат кон извршување казниви дела. Таквите програми, на пример, може да опфатат контрола на гневот и справување со личните односи.
**Препорачуваме**
**– онаму каде што е потребно, во индивидуалните програми за третман да се вклучи помош во развивањето на социјални вештини, во водењето на буџет, контрола на гневот, лични односи и други аспекти поврзани со ставовите и особините на затворениците, кои може да се поврзат со нивното казниво поведение.**
12.7 Во ЕЗП се истакнува дека на затворениците треба да им се овозможи учество во активностите во установата, преку кои може да се развива нивното чувство на одговорност и самодоверба и да се стимулира интересот за нивниот третман, како и дека тие треба да се охрабруваат да преземаат одговорност за одредени сегменти од активностите на установата, под услов тоа да не вклучува одредени елементи на дисциплински овластувања над друг затвореник.
**Препорачуваме**
**– во сите затвори, да се одржуваат редовни состаноци на кои затворениците ќе имаат можност да дискутираат за прашања кои го засегаат нивниот секојдневен живот, а онаму каде што ќе оценат за потребно, да даваат издржани предлози за промени во интерес на јакнење на нивното чувство за одговорност и самодоверба, стимулирајќи го интересот за сопствениот третман. Овие состаноци може да се одржуваат во форма на "совети на затворениците", при што со донесените заклучоци ќе се запознаат педагогот или директорот, или пак во форма на заеднички состаноци со педагогот, директорот и други раководни лица во затворот, на кои ќе се разгледуваат прашања од посебен интерес.**
<u>Подготовка за отпуштање</u>
12.8 Во ЕЗП се предвидува дека подготовката на затворениците за отпуштање од издржувањето на затворската казна треба да започне што е можно поскоро, по приемот во казнената установа, и дека треба да има посебни аранжмани преку кои ќе им се помогне на затворениците да се вратат во општеството, семејниот живот и работата по нивното отпуштање, како и дека за таа цел е потребно да се изготват посебни постапки и курсеви.
12.9 Генерално, сметавме дека постои простор за подобрување на вниманието кое се посветува на отпуштањето од установата. Многу аспекти на затворскиот живот, како што се работата во затворот, семејните посети и домашните

отсуства се насочени кон помагање на затворениците да се вратат во општеството, во редовниот семеен живот и вработувањето.
Затворениците се префрлаат во отвореното одделение, како што прогресира издржувањето на казната затвор, и ова претставува значаен чекор за нивниот отпуст. Оние затвореници кои извршуваат работи за одреден надоместок или плата за време на издржувањето на казната, имаат предност од одредена парична заштеда, која задолжително се задржува од нивната плата. Сепак, забележавме отсуство на посебни пред-отпусни курсеви или програми, и не сме сигурни дали се преземаат доволно чекори за постепено враќање на затворениците кои издржуваат подолга казна затвор во животот во општеството. Не постоеше пред-отпусен режим, ниту пак режим за условен отпуст, комбиниран со надзор, кој вклучува и ефективна социјална помош. Сепак, одредени педагози, на различни начини, посветуваат големо внимание на подготвувањето на затворениците за отпуштање од установата.
**Препорачуваме**
**– да се посветува поголемо внимание на севкупните импликации на подготовката на затворениците за отпуштање и таа да започне што е можно поскоро по нивниот прием во установата. Исто така, да се разгледа можноста од организирање посебни курсеви како што се приближува денот на отпуштање, како и да се воведат посебни аранжмани преку кои ќе се олесни враќањето на слобода за затворениците кои издржувале подолга казна затвор. Во тој процес, може да помогнат волонтери надвор од затворот (на пример, кои доаѓаат од цркви или невладини организации).**
**– бидејќи пред-отпусната работа е активност и одговорност на целиот затвор и на секој вработен, треба да се обучат сите вработени за клучните аспекти, а како редовна практика потребно е да се користат сите можности за подготовка на затвореникот за живот надвор од затворот.**
12.10 За жал, службите за социјални работи во заедницата не располагаат со доволно средства да им пружат помош на отпуштените затвореници, за тие повторно да се пронајдат себеси во општеството. Покрај многуте барања на педагозите од затворите испратени до Центарот за социјални работи за помош при вработување, сместување и реинтеграција во семејниот живот, често Центарот не бил во можност да помогне, бидејќи има мал број вработени и недостаток на финансиски средства.
**Препорачуваме**
**– директорите на затворите да вложат напори и да воспостават добри контакти со директорите на центрите за социјална работа, со цел целосно да се сфатат и разберат потребите на отпуштените затвореници и да им се обезбедат најдобри услуги. Овие блиски контакти, од друга страна, може да им помогнат на директорите на затворите да согледаат на кој начин тие би можеле да придонесат во процесот на подобрување на квалитетот на услугите што ги пружат центрите (на пример, да влијаат врз оние кои можат да го зајакнат капацитетот на центрите за социјални работи).**

**13 Работа во затворот**
13.1 Во Препораката на Советот на Европа (75) 25 за работа во затворот, им се препорачува на владите на земјите членки:
– да определат јасен статус и приоритет за работата во затворот;
– да обезбедат соодветни средства за поддршка на програмите за работа во зависност од потребите на установа;
– во целост да користат современи управувачки системи, техники и процеси на производство;
– да ги прилагодат условите за работа, целите на извршување на работата и надоместокот за извршената работа со вообичаената практика, при тоа имајќи ја предвид посебната природа на работата во затворот, споредено со стандардите кои важат надвор во заедницата;
– да го признаат значењето на работата и нејзините импликации на сите нивоа на управување, кога се избираат и обучуваат кадрите;
– да го координираат системот на распределба на работата со другите аспекти на управувањето со казнените режими.
13.2 Навистина, работата се смета за основна карактеристика на програмите за третман на осудените лица и се вложуваат напори да се обезбеди определен вид работа за сите затвореници; меѓутоа, според Законот за извршување на санкции, во македонскиот затворски систем работата не е задолжителна.
13.3 Во најголемиот затвор (Идризово), дознавме дека околу 40% од затворниците извршуваат одредена работа, а во оваа бројка се вклучени и 90% од оние кои се сместени во отвореното одделение на овој затвор. Во затворите во Скопје и Штип, околу половина од осудените лица работат. Се чинеше дека повеќето осудени лица во затворите во Битола и Струга имаат работа, што исто така беше случај и со повеќето млади осудени лица во малолетничкиот завор во Охрид; меѓутоа сите 33 лица, освен 7 лица, во затворот во Охрид извршуваа домашни работи или работи на одржување.
Општо земено, се чинеше дека не повеќе од половина од осудените лица работат, при што значителен број од нив извршуваа домашни работи и работи на одржување во самиот затвор. Во ниту еден затвор, немаше работа за притворените лица.
13.4 Работата во затворот во Идризово се состоеше од производствена работа (вклучувајќи изработка на мебел и дрвенарија, поправка на моторни возила, изработка на брави и орудија, резбарство, изработка на опрема за одгледување пчели); сточарство и други земјоделски работи, на кој начин се задоволуваат потребите на установата; понатаму се извршуваат работи за приватни фирми надвор од затворот; како и се извршуваат домашни работи и работи на одржување во затворот. Во затворот во Скопје, се извршуваат сточарски и земјоделски работи, изработка на дрвенарија, брави, работи за приватни фирми надвор од затворот, домашни работи и работи на одржување во затворот. Природата на работата во другите затвори е опишана во дел 21 до 25. Во затворот има многу малку производствена работа и постои висок процент на домашни работи и работи на одржување во рамки на затворот. Навистина, разбравме дека во трите затвори (во Тетово, Струга и Охрид), единствениот вид на работа кој е достапен и кој по својата природа не претставува домашна работа или работа на одржување, беше работата надвор од затворот за фирми, каде се вклучени респективно по тројца, тринаесет и седум затвореници.
**Препорачуваме**

– **да се зголемат напорите за обезбедување работа за сите затвореници кои се работоспособни и кои сакаат да работат.**
– **да се посвети посебно внимание и да се обезбеди работа за младите луѓе во малолетничкиот затвор и во воспитно-поправниот дом.**
– **да се вложат напори за да се изнајде работа за притворените лица кои сакаат да го користат и пополнат времето на ваков конструктивен начин.**
13.5 Затворениците кои се редовно вработени работат 40 часа неделно, а законот дозволува да работат прекувремено по два часа дневно; а младите затвореници, кои посетуваат основно или средно образование, мора да имаат помалку работни часови.
13.6 Затворениците имаат право на надоместок односно плата за работата што ја извршуваат. На затворениците во Скопје кои работат за фирми надвор од затворот им се задржува 20% од платата; на затворениците во Охрид им се задржува 25%, а на оние во Штип и Струга им се задржува 30%. Ни беше кажано дека 70% од износот кој им се задржува, затворениците имаат право да го користат според нивните желби (независно од тоа дали износот ќе се користи за задоволување на личните потреби во затворот), додека остатокот се чува во депозит, кој им се враќа при нивното отпуштање од установата.
**Препорачуваме**
– **процентот од заработената плата кој затвореникот има право да го задржи за лични потреби да биде унифициран во сите затвори.**
13.7 На затворениците, кои се привремено неспособни за работа поради болест или кои не се во можност да работат, бидејќи не им е обезбедена работа, им се дава џепарлак од средствата остварени со работа на затворениците.

**14 Образование, стручна обука и усовршување и вежби**
<u>Образование</u>
14.1 Европските затворски правила предвидуваат организирање и спроведување сеопфатна образовна програма во секоја установа, која треба да биде дел од режимот на активности и која треба да има ист статус и за која треба да следува основен надоместок како и за работата, доколку се спроведува u1074 во редовното работно време и претставува дел од одобрената индивидуална програма за третман.
14.2 Ова не е случај во затворскиот систем на Република Македонија. Се чинеше дека постојат многу малку можности за образование, освен основното образование. Во неколку установи, слушнавме дека затворениците не се мотивирани да учат, а не постоеја ниту простории, ниту пак кадар кој би ги изготвил и спроведувал образовните програми. Законот за извршување на санкции изричито дозволува образование над нивото на основното образование, но ова не се случува во практиката.
**Препорачуваме**
– **да се вложат посебни напори за организирање образовни програми за сите затвореници во соработка со образовните институции надвор од затворот.**
– **да се обезбедат краткорочни образовни програми во сите затвори. Лицата кои издржуваат пократка затворска казна, како и притворените лица, често се лишени од слобода доволно долго, за да имаат корист од краткорочните програми. Волонтери од заедницата можат да придонесат во спроведувањето на вакви образовни програми.**
14.3 Сепак, ни беше кажано дека во неколку затвори се прават напори за да им се овозможи на затворениците, кои не го направиле тоа порано, да завршат основно образование, се доделуваат уверенија за успешно полагање на испити, без при тоа во исправата да се укаже на фактот дека квалификацијата е стекната во затвор. Во малолетничкиот затвор во Охрид, дознавме дека околу 40% од затворениците се неписмени при приемот во затворот, па затоа се организираат курсеви и предавања за надминување на неписменоста. Во воспитно-поправната установа, основното образование го организира и спроведува едно стручно училиште од Скопје, така што наставниците не се дел од вработените во установата. Во поглед на средното образование, младите луѓе може да посетуваат настава во редовните средни училишта во Скопје.
**Препорачуваме**
– **да се посвети посебно внимание за да се обезбеди достапноста на квалитетни образовни програми за младите луѓе во воспитно- поправната установа.**
14.4 Повеќето затвори имаат мала библиотека. Меѓутоа, таа библиотека не е секаде лоцирана на пригодно место. Исто така, забележавме дека книгите се претежно стари и не го одразуваат и привлекуваат интересот на потенцијалните читатели.
**Препорачуваме**
– **библиотеките да се опремат со широк спектар на книги и други медиуми, и последователно да се зголемат буџетските средства за набавка на книги и образовни материјали**.
<u>Стручна обука и усовршување</u>
14.5 Во Европските затворски правила се посочува дека на затворениците треба да им се обезбеди стручна обука и усовршување и стекнување квалификации во корисни области, а посебно тоа е случај со младите затвореници. Се чинеше дека таква обука, која води кон стекнување уверение за соодветна квалификација, не е достапна во затворите. Меѓутоа, затворниците кои извршуваат производствени работи, сточарски и земјоделски работи, сепак имаат можност да научат многу работи кои ќе им користат за вработување по нивното отпуштање. Истото се однесува на затворениците кои извршуваат домашни работи и работи на одржување, како работа во кујна и пекара, перење алишта, административна работа (на пример, работа во библиотеката) и разни други поправки.
**Препорачуваме**
– **да се овозможи затворениците да посетуваат стручна обука и усовршување што ќе води кон стекнување уверенија за квалификации кои се признаваат надвор од затворот. На тие исправи не треба да се посочува дека соодветната квалификација е стекната во затвор**.
<u>Вежби и рекреација</u>

14.6 Европските затворски правила го нагласуваат значењето на физичкото и металното здравје преку организирање на соодветно физичко образование, спортски и други рекреативни активности, истовремено нагласувајќи ја потребата да се осигура дека затворениците кои учествуваат во овие програми се подобни за такви активности.
14.7 Наш општ впечаток беше дека затворениците немаат доволно можности за рекреативни активности. Недостига опрема за рекреација, иако во неколку затвори имаше маси за пинг-понг, а забележавме и опрема за кревање тегови. Во некои затвори, не постоеше спортски терен, ниту пак соодветно место за рекреација.
**Препорачуваме**
**– да се вложат напори за зголемување на можностите за организирани рекреативни активности, вклучувајќи спортски активности, во кои ќе бидат вклучени, што е можно поредовно, повеќе затвореници.**
**– рекреативните активности, вклучително и спортските активности, да бидат достапни и за притворените лица.**
14.8 Согласно Законот за извршување на санкции, затворениците имаат право да поминат два часа дневно "надвор од затворените простории". Европските затворски правила предвидуваат најмалку еден час прошетка или друго пригодно вежбање надвор на свеж воздух. Генерално, се чинеше дека на затворениците им се овозможува најмалку еден час прошетка или вежбање, а во многу затвори, но не во сите, им се дозволуваа два часа на отворено, како што е предвидено во Законот за извршување на санкции. Убедени сме дека тоа двочасовно вежбање е пожелно како од аспект на нивното здравје, така и од аспект на позитивното влијание врз поведението и мотивацијата на затворениците.
**Препорачуваме**
**– во согласност со Законот за извршување на санкции, на сите затвореници да им се овозможи најмалку два часа вежбање на свеж воздух.**
14.9 Бевме загрижени што не секогаш на притворените лица им се овозможува вежбање, кое треба да го имаат. Во најмалку два затвора, откривме дека на притворените лица не им се дозволува повеќе од половина од времето предвидено со Европските затворски правила, како минимално време гарантирано за вежби. Во затворот во Скопје, ни беше кажано дека на притворените лица им се дозволуваат само 30 минути за вежби во текот на денот, а во затворот во Тетово, тоа време беше уште пократко.
Притворените лица мора да се сметаат за невини и да се третираат, во најмала рака, онолку поволно колку и осудените лица.
**Препорачуваме**
**– да се изнајдат начини преку кои ќе се овозможи притворените u1083 лица секојдневно да имаат најмалку еден час за прошетка и соодветни вежби на свеж воздух.**

**15 Раководење и вработени**
15.1 Како што беше забележано во дел 5.6, во македонскиот затворски систем постои значителен недостаток на кадри. На крајот на месец август 2005 година, повеќе од 40% од предвидените работни места не беа пополнети, а кога кон крајот на годината ќе се преземат 100 лица, кои порано биле вработени во Министерството за одбрана, сепак остануваат непотполнети 25% од работните места според систематизацијата. Недостигот на кадри е особено критичен во секторите за обезбедување, третман и здравствена заштита. Во секторот за третман (каде се вработени психолози, педагози, социјални работници) има исто толку непополнети работни места колку што има и пополнети, а слична ситуација постои и во секторот за здравствена заштита, која веќе беше објаснета во деловите 9.2 и 9.3.
15.2 Атмосферата во затворот зависи од тоа дали постои стручен кадар, кој треба да биде во доволен број, за да може во секој момент да се обезбеди сигурност на вработените и да го обезбеди физичкиот и менталниот интегритет на затворениците, како и да помогне во развивањето позитивни и конструктивни односи помеѓу вработените и затворениците. Во такви услови, затворот станува потолерантно место за вработените и поприфатливо место за издржување на затворската казна за осудените лица; затворот станува по безбедно место бидејќи таквата атмосфера ја намалува веројатноста од безредие и овозможува вработените да ги лоцираат заканите за безбедноста. Меѓутоа, кога постои значителен недостаток на кадар, исклучително тешко е да се изградат односи помеѓу вработените и затворениците. Вработените во македонската затворска управа заслужуваат честитки за општата позитивна атмосфера којашто ја воочивме во установите. Но, наидовме и на случаи на тензија и гнев, кои многу полесно можат да се надминат доколку се овозможи вработените во секторот за обезбедување и третман подобро да ги запознаат и да работат непосредно u1089 со затворениците.
**Препорачуваме**
**– да се вработат значителен број кадри за да може ефикасно да ги извршуваат работните задачи, со цел да се гарантира безбедност на вработените, на физичкиот и менталниот интегритет на затворениците и да се создаде реална можност за развивање позитивни и конструктивни односи помеѓу вработените и затворениците.**
**– Управата за извршување на санкции да изврши преглед на постојните вработувања и работни ангажмани во затворите, со цел да се овозможи пополнување на сите работни места, како и да се обезбеди бројот на вработени во секој сектор да соодветствува на еден современ европски затворски систем.**
15.3 Се разбира дека работата во секторот за третман има фундаментално значење за рехабилитацијата на затворениците. Педагози, социјални работници и психолози се задолжени за третман на група затвореници, и по првично спроведената социјална анализа односно испитување, врз основа на кое се одлучува каде ќе биде распоредено новопримените лице, каде ќе работи и каква ќе биде програмата за неговиот третман, тие лица треба да продолжат да работат како организатори на третманот и активностите, и како социјални работници и советници. За тоа да биде ефективно, пожелно е кадрите задолжени за третман да работат со група од околу 20-30 затвореници, а во секој случај групите не треба да бидат поголеми од 50 затвореници. За жал, во моментов во македонскиот затворски систем овие групи се составени од околу 80-90 затвореници. Директорот на Управата за извршување на санкции е решена да го зголеми бројот на вработени лица задолжени за третман, и тоа веднаш по пристигнување на новите

вработени претежно во секторот за обезбедувањето, со нивно преземање од Министерството за одбрана. Целта што тој настојува да се постигне е овие групи да не бидат поголеми од 30 затвореници.
**Препорачуваме**
**– да се зголеми бројот на кадрите задолжени за третман, така што групите на затвореници да не бидат поголеми од 50, како и да се вложат напори за да се намали бројноста на групите на не повеќе од 30 затвореници.**
15.4 Во современата затворска служба, неопходно е кадрите за обезбедување блиску да соработуваат со кадрите задолжени за третман и да имаат голема улога во позитивните и конструктивни активности на затворениците. На тој начин, тие можат да дадат значителен придонес во третманот.
**Препорачуваме**
**– да се стави акцент на значењето на тесната соработка помеѓу кадрите за обезбедување и третман, со цел да се овозможи тие да имаат целосна улога во позитивните и конструктивни активности на затворениците.**
15.5 Повисоките службеници во македонскиот затворски систем го посочија значењето на обуката на сите кадри. Посебно беше спомената потребата за обука на кадрите за вештините на комуникација со затворениците и за прифаќањето на промени и современи методи на работа со затвореници. Во моментов, нововработените лица односно приправниците имаат обука во траење од една година. Според новото законодавство, на крајот на обуката, тие ќе полагаат испит пред комисија што ќе ја формира директорот на Управата за извршување на санкции. Директорот ќе биде исто така одговорен и за изготвување на програмата за обука. Минатата година успешно беше спроведена пилот програма за обука на вработените. Законот, исто така, предвидува правна основа за воспоставување на центар за обука; директорот на Управата и директорот на затворот би сакале зградата којашто се наоѓа во близина на влезот во затворот Идризово да ја претворат во Национален центар за обука на затворскиот кадар. (Препораката дека обуката ќе му помогне на затворскиот кадар во практичната примена на новото законодавство е содржана во дел 3.6).
**Препорачуваме**
**– во почетната односно иницијалната обука да се посвети внимание на најдобрите практики во современите европски затворски системи. Таа треба цврсто да почива на Европските затворски правила и преку неа треба да се нагласи потребата кадрите за обезбедување и третман да се оспособат за развивање професионални меѓучовечки односи.**
– **стручното** усовршување треба да се врши постојано во текот на целиот работен век и кариера на вработените**, овозможувајќи им да ги осознаат новите развојни тенденции и да се стекнат со вештини и способности со кои ќе се унапреди нивната ефикасност во работата.**
**– да се изготви и спроведува обука за повисоките раководни службеници, со цел да им се овозможи на директорите на затворите и на другите високи службеници да ги совладаат најдобрите техники и практики на раководење во современите европски затворски системи.**
**– Управата за извршување на санкции да го покани Советот на Европа да назначи експерт кој ќе помогне во изготвувањето на наставни планови за сите три нивоа (почетно, постојано стручно усовршување и за раководниот кадар).**
15.6 Во Европските затворски правила се пропишува дека употребата на сила од страна на вработените против затворениците е прифатлива само во случај на самоодбрана, во случај на обид за бегство и во случај на активно или пасивно спротивставување на наредба заснована на закон или пропис. Законот за извршување на санкции налага за секоја случај на употреба на сила да се поднесе извештај до Управата за извршување на санкции.
**Препорачуваме**
**– употребата на сила да се користи како крајно средство кога другите средства и пристапи биле неуспешни, како и да се вклучи обука за техники за минимална употреба на сила против агресивните затвореници во почетната обука и во континуираната едукација на затворскиот кадар.**
**– по приемот на извештајот за употреба на сила, директорот на Управата за извршување на санкции треба да спроведе детална истрага за да се испита дали употребата на сила била во согласност со закон, и да преземе соодветни дисциплински мерки, доколку утврди дека тоа не било случај.**
15.7 Соодносот помеѓу вработените и затворениците во македонскиот затворски систем во ноември 2005 година, беше низок и изнесуваше 1:5. Годишниот статистички извештај на Советот на Европа за криминалот покажува дека на 1.9.2004 година, тој соодnос во Босна и Херцеговина бил 1:1,9; во Хрватска 1:1,2 и во Словенија 1:1,5. (Тој соодnос за Македонија на 1.9.2004 година бил 1:3,8; бројот на вработени од тогаш малку се намалил, а бројот на затворската популација значително е зголемен). Тој соодnос на 1.9.2004 година во Унгарија изнесувал 1:2,5; во Словачка 1:2,1; а во Србија во октомври 2004 година изнесувал 1:2,3.
Оттаму, за тој соодnос во Македонија да се доведе барем до нивото на Унгарија, потребно е двојно да се зголеми бројот на вработени во затворите.

**16 Притворени лица**
16.1 Европските затворски правила јасно предвидуваат дека во однос на притворените лица важи презумпцијата на невиност додека не се докаже нивната вина, па оттаму тие треба да се третираа без ограничува, освен оние кои се неопходни за водење на кривичната постапка и во интерес на безбедноста во затворот.
16.2 На притворените лица треба да им се дозволат посети од нивните семејства во хумани услови, кои посети може да бидат ограничени и да се одвиваат под надзор само доколку тоа е во интерес на спроведувањето на правдата, од безбедносни причини или од причини за одржување на редот во затворот. Во дел 11.2 веќе беа дадени одредени забелешки во однос на посетите на притворените лица, како и препораки во поглед на зголемување на времетраењето на посетите и надминување на прекумерна употреба на "затворени посети", односно при посетите притворените лица физички да бидат одвоени од посетителот (на пример, со стаклена преграда).
**Препорачуваме**
**– освен во исклучителни случаи, судовите да не наметнуваат помалку поволни услови или аранжмани за посети на притворените лица од нивните семејства, од оние кои им се дозволуваат на осудените лица.**

16.3 Исто така, треба да се дозволи притворените лица да ги посетуваат нивните правни застапници, како и да им се обезбедат сите потребни услови за подготвување на одбраната. Не најдовме причини за сомнеж дека на правните застапници им се дозволени посети и дека условите во кои се одвиваат овие посети се задоволителни. Меѓутоа, фактот што притворените лица немаат одвоени простории и имаат ограничен u1087 пристап до правна литература, сепак го ограничува нивниот капацитет да ја припремат одбраната.

**Препорачуваме**

**– да се разгледа можноста за подобрување на капацитет на притворените лица да ја подготват својата одбрана.**

16.4 На притворените лица им се дозволува да носат сопствена облека, во согласност со Европските затворски правила. Меѓутоа, не им се овозможува работно да се ангажираат. Секогаш кога е можно, на притворените лица треба да им се обезбеди работа, а во оваа смисла е дадена препорака во дел 13.4.

16.5 Исто така, беше нагласена потребата притворените лица повеќе да се ангажираат во позитивни активности. Во моментов, тие имаат многу малку можности за конструктивно ангажирање. Во оваа смисла дадени се препораки во дел 12.4, а посебно во поглед на образованието (дел 14.2) и рекреативните активности (дел 14.7).

16.6 Беше посветено внимание на потребата на притворените лица да им се дозволи редовно да се информираат за секојдневните настани, преку читање на весници и прием и следење на радио и телевизиски емисии. Препорака во оваа смисла е дадена во дел 11.10.

16.7 Исто така, беше укажано на потребата притворените лица да имаат исти можности за задоволување на верските потреби, како што е тоа случај и со осудените лица. Препорака во оваа смисла е дадена во дел 11.11.

16.8 Беше посочена, исто така, потребата од обезбедување рекреативни активности, вклучувајќи и спортски активности за притворените лица, како и важноста притворените лица да имаат можност секојдневно да вежбаат.

Се чинеше дека е вообичаена практика, овие лица целиот ден да го поминуваат во ќелиите, а во најмалку два затвор, откривме дека ним не им се дозволува повеќе од половината од минималното време пропишано со Европските затворски правила. Соодветни препораки се дадени во деловите 14.7 и 14.9.

16.9 Важноста од обезбедување достапност на примероци од Европските затворски правила за притворените лица, исто како и за осудените лица и за вработените, беше предмет на разгледување и третирање во препораката во дел 6.5.

16.10 Како и во u1084 многу други европски земји, притворените лица во Република Македонија често се изложени на полоши услови отколку осудените лица, иако за нив важи презумцијата на невиност сé додека не биде докажана нивната вина, па оттаму треба соодветно да се третираат.

**Препорачуваме**

**– да се преземе сé што е потребно за да се обезбеди притворените лица да не се третираат со ограничувања, освен оние кои се неопходни за водење на постапката или оние кои се во интерес на безбедноста и редот и дисциплината во затворот.**

## 17 Затвореници жени, малолетни лица и странски државјани

17.1 Во Македонија не постои посебен затвор за жени. Сите осудени женски лица се сместени во посебно одделение во затворот во Идризово. Жените осудени за прекршоци може да бидат сместени во било кој од седумте затвори за возрасни лица; за време на нашата посета, имаше само четири женски лица кои не беа сместени во Идризово и тоа: една жена во Скопје и три во Струга. Имаше вкупно 43 жени во женското одделение во затворот во Идризово, а една од нив беше малолетно лице.

**Препорачуваме**

**– да се разгледа можноста за трансформирање на женското одделение во затворот во Идризово во независен затвор за жени, со посебен директор.**

17.2 Притворените женски лица се сместени во посебни делови во петте затвори од полуотворен вид – Скопје, Битола, Гевгелија, Штип и Тетово; во време на нашата посета имаше само осум притворени женски лица - четири во Скопје и четири во Гевгелија. Во некои затвори од полуотворен вид немаше жени меѓу вработените во секторот за обезбедување; битно е да се обезбеди вработување на женски лица кои ќе вршат надзор над просториите за дневен престој за жените затвореници. Исто така, се чинеше дека е потребно вработување на жени во секторот за обезбедување заради претресување на женски посетители.

**Препорачуваме**

**– да се обезбеди соодветен број жени меѓу вработените во секторот за обезбедување во затворите, имајќи ја предвид потребата од надзор над женските затвореници во просториите за дневен престој, како и потребата од претресување на женски посетители.**

17.3 На осудените женски лица во затворот во Идризово им се дозволува со нив да престојуваат и новороденните деца до наполнување на една година живот, по што мајката се советува за најдоброто решение во поглед на обезбедување нега за детето надвор во заедницата.

**Препорачуваме**

**– особено внимание да се посвети на посебните потреби на жените, вклучително и на нивната здравствена заштита.**

17.4 Спрема малолетни лица, кои во моментот на извршување на делото не наполниле 14 години живот, не можат да се изречат кривични санкции.

Спрема малолетно лице кое наполнило 16 години, но кое во време на извршување на делото сé уште не навршило 18 години живот, може да се изречат само воспитни мерки, а во исклучителни случаи може да биде осудено на казна малолетнички затвор. Спрема малолетникот може да се изрече заводска мерка упатување во воспитно–поправна установа, во времетраење од најмалку една година, но не повеќе од пет години. Казната малолетнички затвор не може да биде пократка од една година, ниту подолга од десет години. Законот налага малолетниците да ја издржуваат казната во посебна установа, одвоено од возрасните лица. Состојбата во малолетничкиот завор во Охрид е опишана во дел 24, а состојбата во воспитно-поправната установа, во моментов лоцирана во Скопје, е опишана во дел 27.

**Препорачуваме**

**– да се вложат нови напори малолетните лица во воспитно-поправната установа да бидат издвоени од возрасните затвореници во затворот во Скопје;**
**– што е можно поскоро да се спроведе планираното преселување на малолетничкиот затвор на нова локација, каде ќе има повеќе простор и каде ќе се организираат повеќе активности;**
**– воспитно-поправната установа да се пресели подалеку од затворот во Скопје, што е можно поскоро.**

17.5 Во согласност со македонскиот закон, осудените странски државјани или лица без државјанство се сместуваат во установа од затворен вид. Осудените странски државјани се сместуваат во посебен дел во затворот во Идризово, единствената установа од затворен вид во земјата. Бевме информирани дека затворот ги контактира и информира амбасадите за присуството на нивни државјани, и во затворот не постоеше тензија помеѓу затворениците со различно државјанство. Притворените странски државјани се сместени во посебни делови во петте установи од полуотворен вид за возрасни. Во време на нашата посета, имаше 65-70 странски државјани затвореници во затворот во Идризово и 30-40 во другите затвори (на 1.9.2004 година вкупниот број на странски државјани затвореници изнесувал 113).

**Препорачуваме**

**– да се обрати особено внимание на посебните потреби на странските државјани.**

## 18 Соработка со надворешни организации, вклучително и медиумите

18.1 Затворската служба соработува со многу организации надвор од затворот. Управата за извршување на санкции ја потенцираше својата определба да биде отворена и да не крие ништо од меѓународните тела и организации со кои контактираат, вклучувајќи ги Европскиот комитет за превенција на тортура и нечовечко и деградурачко однесување или казнување на Советот на Европа (CPT), Светската здравствена организација, Меѓународниот комитет на црвениот крст, Организацијата за безбедност и соработка во Европа (ОБСЕ) и Хелсиншкиот комитет. Невладината организација Каритас исто така го посетува затворите.

На студентите од правните факултети при универзитетите им се дозволува да ги посетуваат затворите како дел од студиите за стекнување диплома или уверенија за повисок степен на образование.

18.2 Исто така, се одржуваат интензивни контакти со медиумите. Секој понеделник, портпаролот на Министерството за правда презентира информации за печатените и електронските медиуми за активностите што ги презема Министерството, вклучувајќи ја и Управата за извршување на санкции. Медиумите покажуваат посебен интерес за сензационалистички настани и за работи кои имаат политичка димензија, но тие исто така се жедни и за информации за она што се случува во затворите. На овие брифинзи со медиумите, кои се случуваат еднаш неделно, накратко се говори и се опишува моменталната состојба, и тие се засноваат на извештаите од секоја установа. Секој поспецифичен инцидент во затворскиот систем се пријавува до директорот на Управата за извршување на санкции, кој за тоа го информира министерот за правда. Доколку е важно и потребно, директорот на Управата може да одржи брифинг за медиумите, на кој може да присуствува и директорот на затворот засегнат со инцидентот. Редовно се доставуваат барања до директорот за негово обраќање до медиумите, како и до директорите на затворите кои, најчесто за изјави ги бараат локалните медиуми. Од друга страна, тие се обидуваат да ја искористат секоја прилика, не само да говорат за инцидентите кои го поттикнале интересот на медиумите, туку истовремено и да пренесат едукативни информации за да може јавноста подобро да ја разбере работата на затворската служба.

18.3 Може многу да се добие од блиската соработка на затворите со заедниците, во кои тие се лоцирани. Таквата соработка може да ги поттикне локалните организации и поединци да придонесат за работата и работното ангажирање во затворот, на пример, преку помагање во образованието или подучување во активностите, како резбање, цртање, музика или драма. На тој начин, заедницата може да го збогати режимот на активности и да ги зголеми можностите за вклучување на затворениците во позитивни и конструктивни активности, на кој начин се зголемуваат изгледите за нивна рехабилитација и реинтеграција во животот на општеството по нивното отпуштање.

**Препорачуваме**

– **Управата за извршување на санкции да ги поттикнува директорите на затворите да воспостават блиска соработка со локалната заедница и со локалните организации.**

## 19 Затворот во Идризово

<u>Затворот и неговата улога</u>

19.1 Идризово е најголемиот затвор во земјата и единствениот од затворен вид. Како затвор, тој е основан во 1953 година, кога била изградена главната зграда со три крила, и се наоѓа блиску до Скопје на површина од 160 хектари обработлива земја, која повеќе од половината се користи за сточарство и земјоделие. Наменет е за машки повратници кои издржуваат казна затвор над 6 месеци; за други осудени машки лица кои издржуваат затворска казна над две години; за сторители на прекршоци (од женски и машки пол) кои издржуваат затворска казна над два месеца; за осудени странски државјани (сите осудени странски државјани во Македонија ја издржуваат затворската казна во Идризово); за осудени женски лица (сите осудени женски лица во Македонија ја издржуваат затворската казна во Идризово); и за женски малолетни лица спрема кои е изречена заводска мерка упатување во воспитно-поправна установа. Затворот има отворено одделение во Велес, за повратници мажи кои издржуваат затворска казна до 6 месеци, и за други осудени машки лица кои издржуваат затворска казна до две години.

<u>Капацитет и пополнетост</u>

19.2 Официјалниот капацитет на установата е за 800 лица (каде не е вклучено одделението во Велес). Трите главни крила имаат капацитет за сместување на 140 затвореници, земено секое крило поединечно. Едно од трите крила било реконструирано и е во функција. Реконструкцијата на второто крило само што заврши за време на нашата посета, и затворската управа очекуваше одобрение повторно да почне да го користи. На третото крило му е неопходна итна реконструкција. Затворениците се пренатрупани во двете крила кои се во функција, така што фактичкиот капацитет на објектот изнесува 660 лица. Бевме информирани дека новото реконструирано крило ќе започне да се користи до крајот на годината. Во посебна зграда е сместено одделението за прием, болничкиот одделот, женското одделение, одделот за странски државјани и одделот за постари затворници.

19.3 За време на нашата посета (22.11.2005) имаше 1.310 затвореници (без одделението во Велес), што претставува 60% од вкупната затворска популација во Македонија. Во овој број од 1.310 затвореници, се вклучени 65-70 странски

државјани, 43 жени (од кои едно женско u1084 малолетно лице) и 12 лица кои издржуваат доживотна казна затвор. Странските државјани, главно, доаѓаат од соседните држави како Албанија, Бугарија, Грција, Србија и Црна Гора. Во јуни 2005 година, 55,6% од затворениците биле повратници, а 44,4% од нив за прв пат издржувале затворска казна. Бројот на затворската популација во Идризово е двојно зголемен во споредба со мај 1998, кога тој број изнесувал 623 затвореници.

Главни дела

19.4 Директорот истакна дека еден од проблемите со кои се соочуваат се неодамнешните промени на структурата на казниви дела. Главните дела што ги извршиле осудените лица во јуни 2005 се следниве:

| | |
|---|---|
| тешка кражба | 399 |
| убиство | 177 |
| дела поврзани со дроги | 165 |
| разбојништво | 144 |
| кражба | 39 |
| измама | 36 |
| трговија со луѓе | 27 |
| силување | 21 |
| дела поврзани со огнено оружје (производство, поседување или тргување) | 17 |
| предизвикување тешки повреди | 14 |
| фалсификување | 10 |
| други дела | 191 |
| **ВКУПНО** | **1.240** |

Етничка структура

19.5 Етничката структура на 1.213 затвореници во јуни 2005 година, беше следнава:

– Македонци 517 (42,6 %)
– Албанци 380 (31,3 %)
– Роми 175 (14,4 %)
– други 141 (11,6%)

Директор и вработени

19.6 Директорот, г-н Јовица Стојановиќ, ја врши таа функција веќе 3 месеци; тој порано бил директор на воспитно-поправниот дом во Тетово и во таа установа работел на различни работни места 12 години. За време на нашата посета, во затворот имаше 220 вработени лица, имено директорот и неговиот заменик, 106 лица за обезбедување, 12 лица за третман, 6 лица за здравствена заштита, 15 лица работат на фарми и 12 лица во работилниците.

Другите вработени се оние кои извршуваат административни работи. Покрај вработените, во секторот за обезбедување има 44 непополнети работни места; меѓутоа се очекува превземање на 16 нови лица за обезбедување од Министерството за одбрана. Кадарот за обезбедување работи во 24-часовни смени, со 25-30 лица во смена. Во секторот за третман има 16 непополнети работни места. Секторот за здравствена заштита го сочинуваат еден лекар, двајца лаборантски техничари, две медицински сестри и еден стоматолог. Лекарот е вработен по основ на договор на определено работно време, чија плата директно ја исплаќа Министерството за правда. Директорот, со себе од Тетово, го довел и лекарот кој работи на неопределено време и кој се исплаќа од буџетот на установата во Тетово. Вкупниот број на вработени според систематизацијата за овој сектор изнесува 6 лекари и 10 медицински сестри. Осум женски лица се вработени во женското одделение, а повеќето од кадарот задолжен за третман се жени. Директорот посебно го истакна огромниот недостаток на кадри, нагласувајќи дека тоа претставува сериозен проблем, кој го отежнува воспоставувањето на добри односи помеѓу вработените и затворениците. Тој истакна дека секое вработено лице задолжено за третман, е одговорно за 100 затвореници.

Здравствена заштита

19.7 Во секторот за здравствена заштита има сериозен недостаток на кадри. Сепак, лекарот жена со која разговараме рече дека секој затвореник може да поднесе барање за лекарски преглед и дека сите затвореници добиваат примарна здравствена заштита. Еднаш неделно, затворниците ги посетува офталмолог и невролог. Постојат околу 220 официјално регистрирани зависници од дрога, но се проценува дека тројно е поголем бројот на оние кои користат дроги. Двесте затворници се на метадонска терапија. Во рамки на секторот за здравствена заштита се реновира простор за да соодветствува на потребите на метадонската терапија, слично на таквиот центар кој постои во заедницата. Слушнавме дека се вложуваат огромни напори за да се контролира влезот на дроги преку зголемување на нивото на обезбедување во затворот, вклучително и преку инсталирање на видео камери. Исто така, меѓу зависниците од дрога проблем претставува и хепатит С. Во болничкиот оддел, кој беше во фаза на реновирање, имаше 80 легла, но

таму беа примени 126 пациенти. Постои можност за тестирање од ХИВ/СИДА вирусот на доброволна основа, и околу 200 затвореници веќе биле тестирани, а ниту еден од нив немал позитивен тест.

19.8 Следнава табела u1075 ги покажува податоците за зависниците од дрога и други здравствени проблеми меѓу затворениците во Идризово во последниве шест години:

| | 2000 | 2001 | 2002 | 2003 | 2004 | 2005 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Зависност од дрога | 145 | 150 | 173 | 247 | 285 | 275 |
| Хепатит | - | - | - | 26 | 29 | 42 |
| Епилепсија | 10 | 9 | 8 | 17 | 19 | 19 |
| Шизофренија | - | - | - | 2 | 9 | 14 |
| Дијабетис | - | - | - | - | 20 | 19 |
| Туберкулоза | 2 | 2 | 3 | 8 | 3 | 1 |

Работа во затворот

19.9 Постојат четири основни видови на работа односно работно ангажирање во затворот. Прво, производствена работа, вклучувајќи изработка на мебел и дрвенарија, поправки на моторни возила, изработка на брави и алати, резбарство, изработка на опрема за одгледување пчели. Второ, вршење на сточарски и други земјоделски работи: се одгледуваат крави, овци, свињи и живина од кои (преку произведување, меѓу другото, на млеко, сирење и јогурт) се задоволуваат потребите на установата. Вишокот од овие производи се продаваат надвор од установата. Трето, дваесет затвореници работат надвор од затворот во приватни фирми. Конечно, другите се вклучени, на различни начини, во домашни работи или работи на одржување во затворот, вклучувајќи подобрување на условите, одржување на ѕидовите, чистење на околината на затворот; а веќе е отпочната работа за изградба на спортски терени за фудбал, кошарка и ракомет. Инструкторите во работилниците мора да ја заработат својата плата. Моменталната финансиска состојба на двете стопански единици (производство и земјоделие) е мошне лоша; работат со загуба и ни беше кажано дека е потребно време за да се надмине оваа состојба. Долговите на единците изнесуваат 30 милиони денари, од кои единиците му должат на затворот 14 милиони денари за работа којашто ја извршуваат. Во отвореното одделение, скоро 90% од затворениците имаат работа (197 од 230), но дознавме дека помалку од 300 други затвореници извршуваат некаков вид на работа – 140 затвореници во производство, а остатокот вршат домашни работи и работи на одржување. Не постои формална стручна обука и усовршување за стекнување квалификации, но сепак постојат многу можности за учење и оспособување.

Дисциплински санкции

19.10 Бројот на дисциплински казни упатување во самица, што ги изрекол директорот во последните 3 месеци изнесува 176 (од кои 76 биле суспендирани, 9 не биле спроведени поради здравствени причини, а 91 биле спроведени); исто така изречени се 5 опомени и 7 ограничувања на доделување на погодности. Сегашниот директор наследил од претходниот 120 казни упатување во самица, кои биле изречени, но сé уште не биле спроведени, при што одлучил 66 од нив да не се спроведуваат. Тој истакна дека во случај кога не се почитуваат правилата на куќниот ред, поодделно се изрекуваат дисциплински санкции.

Постојат 24 самици во главната зграда и тие биле изградени пред 3 години, на истиот начин како и другите ќелии во тоа крило на зградата.

Вештачката светлина, чиј извор се наоѓа надвор од ќелијата, се чинеше недоволна за да може затворениците без потешкотии да читаат.

Поплаки и барања

19.11 По поплаките и барањата се постапува во согласност со релевантните одредби на Законот за извршување на санкции. Директорот објасни дека затворениците му се обраќаат нему, а потоа зависно од содржината на поплаката или барањето, тој одлучува со кого ќе разговара. На пример, претходниот ден пред нашата посета, тој разговарал со жените во женското одделение. Тој ни кажа дека сите писма ги чува во посебно досие и сите поплаки ги испитува внимателно.

Обезбедување

19.12 Ѕидовите на затворот се штитат со бодликава жица и со вооружено обезбедување. Директорот смета дека зајакнувањето на надворешното обезбедување е исклучително ургентно прашање; одредени подобрувања се веќе направени, а други се во тек. Потребни се 1.200 метри жица за да се поддржи инсталацијата на камерите на ѕидовите. Потребни се дополнителни мерки за обезбедување на влезот во затворот. Потребни се метални детектори на влезот, а воведени се строги правила за влез и излез. Тој исто така смета дека влезот во затворот е голем проблем, бидејќи таму не пости ниту една камера за следење на она што се случува во затворот. Други приоритети се воведување на систем за видео надзор, блокирање на мобилните телефони и целосно осветлување на ѕидовите, а директорот веќе се распрашал за можноста за финансиска поддршка од Европската агенција за реконструкција (EAR) за набавка на видео камери, метални детектори и блокада за мобилните телефони. Во текот на два месеца, биле одземени повеќе од 100 мобилни телефони од затворениците; во текот на седмицата во која се реализираше нашата посета, започна блокирањето на фреквенцијата што се користи за мобилните телефони. Директорот започнал тендерска постапка за

набавка на систем за надворешно осветлување, кој е потребен за да се спречи поплавување од реката која тече покрај затворот.
Биле пресечени неколку дрва за да се подобри видливоста. Како голем проблем на обезбедувањето беше спомената недозволената трговија со droги.

Обука на вработените

19.13 Друг проблем кој беше посочен е потребата од менување на односот на вработените, а директорот веќе презел одредени мерки за справување со проблемот на употреба на сила од страна на лицата задолжени за обезбедување. Тој укажа на потребата од обука на кадрите за начинот на комуницирање со затворениците и за прифаќање на промените и за современите методи на работа со затвореници. Тој сметаше дека обуката на вработените претставува приоритет. Во непосредна близина на влезот на затворот се наоѓа една голема зграда која, тој и Управата за извршување на санкции, би сакале да ја претворат во Центар за обука на кадрите вработени во затворскиот систем.

Акционен план

19.14 Покрај плановите во поглед на обезбедувањето и обуката на вработените, директорот има планови за подобрување на условите за живот на затворениците, како и за реновирање на последното крило од главната зграда. Исто така, се планира реновирање на одделот за постари затвореници и подобрување на санитариите и купатилата. Тој планира работите во затвореното одделение да завршат во текот на 2006 година. Со толкав број на затвореници, потребни се спортски терени, како и нови машини и u1087 постројки во стопанските единици. Потребна е поправка на возилата за придружба, кои служат за пренесување на затворениците. Меѓу другите приоритети што тој ги наведе се следниве: подобрување на болничкиот оддел, на општото ниво на пружање здравствена заштита и на третманот на зависниците од дрога, како и зголемување на бројот на вработени во сите одделенија. Овие се краткорочни приоритети. Тој посочи дека им е потребна помош, но дека некои работи ќе бидат завршени до Нова година, а многу од нив ќе продолжат и следната година. Меѓутоа, сите активности не може да се постигнат на краткорочен план.

Одделение за прием

19.15 Новопримените машки лица, првиот месец од издржувањето на казната затвор, го поминуваат во одделението за прием, кое се наоѓа во издвоена зграда. Беше кажано дека таму има место за 60-70 затвореници, меѓутоа на денот на нашата посета, во преполнетиот простор со кревети беа сместени 97 затвореници. Во просторијата, за која беше кажано дека е предвидена за 10 лица, беа сместени 18 затвореници. Одделението, земено како целина, беше во лоша состојба и не беа организирани никакви активности за затворениците.

Отворено одделение

19.16 Во најголемата просторија во отвореното одделение, беа поставени 14 кревети. Директорот истакна дека се потребни нови душеци за креветите и дека е потребна целосна реконструкција на кабините за туширање и на тоалетите, која се надева ќе биде завршена до крајот на годината. Постои голема просторија наменета за посети, каде во саботите и неделите се одвиваат посети во времетраење од еден час. Затворениците носат посебна облека за време на посетите, така што вработените кои вршат надзор над посетите, шетајќи околу преполните маси со луѓе, можат во секое време да воочат кое лице е затвореник, а кое посетител; вработените не ги познаваат лично сите затвореници. Постои и кантина со пијалоци. Постојат пет простории за семејни (брачни) посети, кои се дозволени еднаш месечно, во траење од по два часа.

Женско одделение

19.17 Женското одделение е сместено во релативно модерна еднокатна зграда, која се наоѓа надвор од главниот обиколен ѕид. На денот на нашата посета, таму имаше 43 женски осудени лица, една од нив беше бремена; немаше мајки со бебиња. Влезната просторија (претсобјето) е пријатна, со клупска масичка и удобни столици. Одделението има отворен и затворен дел. Во отворениот дел има и посебна просторија за малолетни женски лица, но единственото малолетно женско лице сместено таму, времето го поминуваше со четири други жени. Има голема просторија за дневен престој, опремен со телевизор.
Ќелиите беа чисти, скромно опремени и убаво украсени. На жените им се дозволува да поминат 3 часа дневно на свеж воздух, а посетите со нив може да траат до два часа. Кабините за туширање беа во подобра состојба, отколку оние во отвореното одделение. Одделението редовно го посетува гинеколог.

Главна зграда

19.18 Затворениот дел од затворот е сместен во главната зграда, која се состои од три крила, и секое крило има три ката. Ќелиите во двете реконструирани крила се за по 2 до 4 затвореника. Едно од тие крила штотуку беше реновирано, и сé уште во него не беа сместени затвореници. Ќелиите имаат соодветна големина, но немаат прозори, а светлината доаѓа од спротивната страна на ходникот. Постојат издвоени тоалети, и во секоја ќелија има мијалник. Ќелиите се офарбани во пастелни бои, и во секоја ќелија има дрвен мебел (кревети, наткасни, мала масичка). Третото нереконструирано крило е во многу лоша состојба и се чинеше дека не е доволно безбедно за вработените и за затворениците. Постоеше голема празнина по должината на подот која требаше да се прерипнува, а на друго место имаше многу голема дупка, која требаше да се заобиколува. Хигиенските услови во целиот простор беа лоши, а во една просторија, која по својата големина беше соодветна можеби за 15 затвореници, беа сместени 29 лица, а некои од нив дури делеа и кревет. Разбравме дека и другите простории се слични.
Поради некористење на едно крило, што не беше изненадувачки што пренатрупаноста во другите две крила беше полоша од затвор каде, од било кои причини, постои сериозен проблем на пренатрупаност.

Лица осудени и кои издржуваат казна доживотен затвор

19.19 Дванаесет лица издржуваат казна доживотен затвор во слични услови како и оние кои издржуваат подолга затворска казна, и тие не се издвоени едни од други.

Оддел за постари затвореници

19.20 Постарите затвореници се сместени во т.н. турска зграда која е изградена во турски стил многу одамна пред оваа институција да биде претворена во затвор. Во просторијата беа сместени 28 затвореници, таа беше пренатрупана и постоеја многу лоши животни услови, делумно затоа што затворениците не се во можност да работ поради медицински причини (вклучително и поради проблеми на зависности и физички повреди).

Кујна

19.21 Во кујната, којашто се наоѓа во близина на женското одделение, се приготвува храна за целиот затвор, односно секојдневно се приготвуваат 4.000 оброци. Може да се подготвуваат и посебни режими на исхрана од сточарските и земјоделските производи, а на затворениците им е дозволено да внесуваат храна. Се почитуваат посебни начини на исхрана поради верски причини. Затворениците кои работат во кујната редовно одат на лекарски прегледи.

Разно

19.22 - Покрај многу лошите услови во затворот, директорот истакна дека степенот на тензии не е толку висок колку што би можело да се очекува, а неговиот став се совпаѓа со нашето мислење.

– Зградите на стопанската единица беа во многу лоша состојба, но тие сепак беа во употреба. Неопходни се големи реновирања.

– Директорот немаше примерок од Европските затворски правила (ЕЗП). Тој имаше многу материјали, различни законски прописи и норми, но на влезот во затворот Идризово, тој не остави примерок од ЕЗП.

– Во некои од просториите за затвореници кои издржуваат подолга казна затвор, се чуваа птици во кафези.

– Затворениците добиваат денарска противвредност на 50 евра месечно за трошење во "кантината" во затворот.

– На различни места во установата, висеа жици од сијалични места на необезбеден начин. Директорот укажа дека тоа е забележано и ставено на листа на поправки што треба да се извршат, но тие не претставуваат врвен приоритет.

– Се градат терени за фудбал и ракомет. Веќе постои теретана за вежбање.

– Директорот многу успешно успева да пронајде и префрли различни работи и опрема од други објекти во затворскиот простор, со цел да се надминат недостатоците воочени за време на прегледите што тој ги иницираше, по неговото доаѓање во затворот.

Невладини организации

19.23 Веднаш по преземање на функцијата, директорот воспоставил контакти со невладините организации (НВО), барајќи совети за конкретни прашања поврзани со зависноста од дрога во затворот. Тој цврсто верува во соработката со НВО и во нивниот потенцијал да придонесат за подобро функционирање на затворот. "Со заедничка соработка, можеме да дојдеме до одредени решенија" – рече тој. Тој соработува со локални и меѓународни невладини организации, вклучувајќи ги Црвениот крст на град Скопје, Каритас, Светската здравствена организација, Меѓународниот комитет на црвениот крст.

Претставници на македонскиот Хелсиншки комитет, по претходно одобрение од Министерството за правда, го посетиле затворот во Идризово на почетокот на ноември, и им било дозволено да разговараат со затворениците без присуство на вработени. Директорот рече дека вработените се обиделе да одговорат на истите прашања, со цел да се спречи субјективно и невистинито толкување на настаните. Тој признава дека раководните лица во затворот не постапуваат секогаш правилно и НВО можат да помогнат во посочување и укажување на работите кои може да унапредат. Тој смета дека е важно да се воспостават добри односи со медиумите, бидејќи медиумите може погрешно да ги интерпретираат настаните. Тој смета дека подеднакво важна е и комуникацијата со органите на локалната самоуправа.

Заклучоци

19.24 Му честитаме на директорот и на вработените:

a) за спроведувањето прегледи на сите простории во затворот и за извршената ревизија на работните обврски на вработените и нивните квалификации да ја извршуваат работата, а потоа и за давањето идеи за тоа што и како треба да се направи, и за изготвувањето акционен план со среднорочни и долгорочни цели;

b) за енергичното работење, понекогаш без дополнителни финансиски средства, за да го претворат акциониот план во реалност, вклучително и ангажирање на самите затвореници во работите кои значат подобрување (на пример, ѕидовите) и за обезбедувањето најразлични извори на материјали за подобрување на животните услови на осудените лица и работните услови на вработените (на пример, ќебиња од армијата и делови од конфискувана опрема);

c) за справувањето со многу потешкотии кои произлегуваат од сериозната пренатрупаност на затворот и големиот недостаток на кадри.

Истовремено, сакаме да нагласиме дека има простор за натамошни подобрувања; особено сметаме дека:

a) треба да се преземат итни мерки за да се реши проблемот со големата пренатрупаност во затворот, а особено да се обезбеди ниту еден затвореник да не дели кревет со друг затвореник;

b) треба да се зголеми нивото на вработеност во сите одделенија, вклучително и вработување на уште еден лекар;

c) треба да се реконструира третото крило на главната затворена зграда што е можно поскоро, а во интерес на безбедноста на вработените и на затворениците, како и заради обезбедување прифатливи услови за престој и работа;

d) треба да се изготви план за реконструкција на другите згради, вклучително и на работната зграда;

e) треба да се промени работното време на вработените во обезбедувањето, така што нема да работат во 24-часовни смени;

f) како и за другите затвори, некои од општите препораки дадени во деловите 6 до 18 важат и за затворот во Идризово.

## 20 Затворот во Скопје

Затворот и неговата улога

20.1 Затворот во Скопје е од полуотворен вид, а изграден е во 1968 год. Лоциран е во Шутка (Шуто Оризари), една од северните населби u1074 во Скопје и претставува најголемиот истражен затвор во Македонија. Затворот е наменет за притворени лица (мажи и жени); мажи повратници, кои издржуваат казна затвор до 6 месеци; други осудени машки лица кои издржуваат затворски казни до две години; како и лица сторители на прекршоци (мажи и жени) кои издржуваат казна затвор до два месеца. Затворот има полуотворено одделение, затворено одделение, одделение за притворени лица и отворено одделение лоцирано во Крива Паланка. Воспитно-поправната установа во Тетово (види дел 27) исто така е времено сместена во простории на приземјето во скопскиот затвор, но има посебна управа.

Капацитет и пополнетост

20.2 Официјално, установата има капацитет за 226 лица во Скопје и 26 лица во Крива Паланка. Во времето на нашата посета (22.11.2005) во затворот имаше 364 лица во Скопје (223 осудени лица и сторители на прекршоци, 141 притворено лице) и 25 во Крива Паланка (11 осудени лица, 14 сторители на прекршоци). Во вкупниот број се вклучени и 5 жени (4 притворени жени и една сторител на прекршок), како и 4 странски затвореници (сите притворени лица од

кои еден чека депортација). Повеќето од затворениците се на возраст помеѓу 30 и 50 години, а повеќето од помладите затвореници се зависници од дрога. Главните казниви дела се тешка кражба, фалсификување, кражба, разбојништво и сообраќајни прекршоци. Просечното времетраење на казните на затворениците е 6 до 8 месеци. Бројот на затворениците е зголемен за скоро 25% во последниве три години; во ноември 2002 година, кога веќе беше пренатрупан, во затворот имаше 293 затвореници, од кои 153 беа притворени лица. Степенот на пополнетост на установата (во Скопје), во моментов е 161%.

Директор и вработени

20.3 Директорот, г-дин Златко Христовски, е на тоа работно место 3 години. Од 110 предвидени работни места, во времето на нашата посета, беа пополнети 76 работни места. Освен директорот и неговиот заменик, во секторот за обезбедување има 64 вработени (од кои 4 се во Крива Паланка) и 15 – 20 непополнети работни места; во секторот за третман има тројца вработени, тројца здравствени работници (еден вработен лекар и еден ангажиран со договор за дело, две медицински сестри и неколку непополнети работни места), еден инструктор во работилница (две непополнети работни места), еден готвач (и еден ангажиран со договор за дело), како и двајца административни работници (и неколку непополнети работни места).

Вработените во обезбедувањето работат во смени од по 12 часа со 10 лица во смена. Уште неколку вработени (воглавно или исклучиво за обезбедување) ќе бидат преземени од Министерството за одбрана, но директорот не знаеше колкав ќе биде тој број. Забележавме дека некои лица од обезбедувањето на своите униформи имаа ознаки "полиција"; ни објаснија дека биле набавени одреден број на полициски униформи заради недостаток на затворски униформи.

Здравствена заштита

20.4 Веднаш по пристигнувањето се врши здравствен преглед на затворениците.

Стоматолошките прегледи се вршат со придружба надвор од затворот, а за ваков преглед на притворените лица е потребно одобрение од судот.

Психијатар го посетува затворот еднаш неделно. 20 – 25% од затворениците се зависници од droги, од кои 10 – 15% отворено го признаваат тоа. За зависниците од дрога се обезбедува метадонска терапија.

Затворот располага со доволно лекови, но буџетот е многу мал и сметките се плаќаат со задоцнување. За примарна здравствена заштита се одвојуваат многу малку финансиски средства. Не може да се изврши пренамена на финансиските средства, но, согласно постапките за наредната година, ќе има поголема флексибилност. Предвидените средства за здравствена заштита за оваа календарска година биле потрошени во мај, по што било потребно "да се изврши пренамена од првично предвидените потреби". Здравствените картони на притворените лица се достапни за лекарот, директорот, медицинските сестри и, со дозвола на судот, на секторот за обезбедување.

Работа во затворот

20.5 Скоро половината од затворениците (108 од 223) имаат работни задачи, 15 работат на сточарската фарма (има 10 – 12 крави и околу 100 свињи), 17 се столари, 14 бравари, 32 работат надвор од затворот во приватни фирми и 30 работат на домашни задачи (еден води евиденција, двајца се курири, еден работи во "мензата", тројца во бифето, тројца му помагаат на готвачот, двајца во мензата, двајца се возачи, двајца механичари, двајца се перачи на автомобили, двајца работат како хигиеничари/чистачи, двајца во администрација, двајца во пералната, двајца се возачи на трактор и четворица други затвореници). Оние кои работат во приватни фирми примаат 20 % од платата, а остатокот се дава на затворот.

Кујна

20.6 Кујната беше чиста и добро уредена. Разбравме дека затвореник кој бил готвач во Грција е одговорен за готвењето.

Изразување на вероисповест

20.7 Не постои посебна просторија за задоволување на верските потреби. Затворениците можат да побараат свештено лице во секое време. Верските обичаи се почитуваат (на пример, за време на Рамадан, муслиманите можеа да јадат само по заоѓање на сонцето).

Сместување

20.8 Сите ќелии се етнички мешани; ова е направено заради безбедносни причини, но и за да се одрази фактот дека Македонија е мултиетничка земја. Меѓутоа, било каков екстремист би бил сместен посебно. Во помалите простории можат да се сместат 4 – 5 затвореници, а во поголемите 10 затвореници. Системот за централно греење е изграден во 1968 година и, иако на него се вршени поправки, парното греење сепак е проблематично.

Греењето работи од 05:00 часот наутро до пладне и од 17:00 до 20:30 часот; денот во затворот започнува во 06:30 – а порано за оние кои работат во кујната – и завршува во 22:00 часот, со продолжувања во исклучителни прилики кога има фудбалски натпревар и фестивал "Евросонг".

Затворено одделение

20.9 Затвореното одделение на вториот кат беше пренатрупано и со хигиенски услови. Постои заедничка дневна соба со мала кујна каде може да се подготвува кафе или чај. Просторијата не беше чиста и ни рекоа дека затворениците се одговорни за чистењето; не беше спомнато дека вработените се одговорни за надзор над обврската на затворениците да ја чистат просторијата. Телевизорот во заедничката просторија беше расипан; ни рекоа дека ова е четвртиот телевизор што затворениците го уништиле.

Дисциплински санкции

20.10 Во самиците, кои се користат за дисциплинско казнување, можат да се сместат двајца затвореници. Ќелиите беа слабо осветлени. Дознавме дека во овие ќелии не се ставаат заедно затвореници од различна етничка припадност.

Притвореници

20.11 Сместувањето на притворените лица се состои од ќелии со различна големина, сите опремени со санитарни јазли кои се потполно одделени. Одделението беше пренатрупано, а пристапот до дневна светлина не беше соодветен. Во текот на нашата посета, во еден дел од просторијата, муслиманите ја изведуваа својата молитва, а другите кои не се муслимани, сместени во другиот крај, не им пречеа. Тоалетите во одделението за притворени лица беа на задоволително ниво. Притворените лица имаат право на само 30 минути вежба на ден. Слушнавме дека осудените лица имаат 1 – 2 часа за вежба. Притворените жени беа сместени по три во соба.

Ни беше кажано дека малолетните притворени лица, со дозвола на судот, можат да бидат сместени со повозрасни лица.

Посети

20.12 Притворениците се одвоени од своите посетители со стаклена преграда. Од едната страна на преградата има столови (за затворениците), а од другата страна има клупи (за посетителите). Во времето на нашата посета, по завршувањето на времето за посета, подот на просторијата беше извалкан со отпушоци од цигари и отпадоци од сончогледови семки. Дозволени се две посети месечно, доколку судот даде дозвола, што најчесто е случај.
Слушнавме дека посетите можат да траат околу 30 минути, но понекогаш затвореникот и посетителот си одат порано. Осудените затвореници можат да имаат посета во мензата или во просторијата за адвокати.

Постигнувања

20.13 Кога прашавме за најновите постигнувања, директорот ни кажа дека најважното постигнување е дека во последниве три години целиот затвор бил реновиран. Неколку простории биле проширени, биле набавени шкафови за чување на личните работи и биле одделени санитарните јазли. Покрај ова, биле поставени 15 вмрежени камери за набљудување. Набавени биле нови возила за придружба (кога тој бил назначен имало само две или три возила, а сега постојано на располагање се шест или седум); едното возило било дадено од страна на владата, а другото од судот. За оспособување на возилата биле користени затворениците кои работат како механичари. Снабдувањето со вода било подобрено (порано вториот кат ретко имал свежа вода), а системот за канализација сега е потполно функционален. Изградено е ново игралиште за кошарка и одбојка.

Атмосферата во затворот

20.14 Во некои од одделенијата на затворениците не им било однапред кажано за нашата посета, па беа незадоволни. Некои од притворените лица беа незадоволни што немаа можност да дадат поединечни поплаки до нас и затоа потенцијално можеше да дојде до нереди. Директорот рече дека доколку им се кажело дека ќе дојдеме, можело да има неприлики и не им кажал затоа што сакал да го видиме затворот во вообичаеното светло.

Разно

20.15 Затворениците се тушираат еднаш неделно и тогаш се менува постелината. Во собите недостасуваа неколку сијалици; ни беше кажано дека затворениците ги извадиле и, исто така, дека ги затнуваат тоалетите.

Заклучоци

20.16 Му честитаме на директорот и на вработените:
а) што успеваат да се справат со многуте потешкотии кои се резултат на пренатрупаност на затворот;
b) за реновирањето на затворот во последниве три години;
c) за значителното зголемување на бројот на возила за придружба и подобрувањето на снабдувањето со вода и на канализацискиот систем;
Истовремено, сакаме да нагласиме дека има простор за натамошни подобрувања; особено сметаме дека:
а) треба да се преземат итни мерки за да се реши проблемот со големата пренатрупаност во затворот, а особено да се обезбеди затворениците да не мора u1076 да делат кревет;
b) треба да се обрне поголемо внимание на хигиената и чистотата на затворот и истите редовно да се следат;
c) треба да се обрне повеќе внимание на утврдување на мерки за намалување на тензиите и одржување на мирот;
d) треба да се обезбеди буџетот за здравствена заштита да биде на соодветно ниво за да ги задоволи потребите за здравствена заштита на сите затвореници, како и да се гарантира доверливоста на здравствените картони, со тоа што тие ќе бидат достапни само за медицинскиот кадар;
e) притворените лица треба да имаат право на најмалку еден час вежба на ден;
f) како и за другите затвори, некои од општите препораки дадени во деловите 6 до 18, важат и за затворот во Скопје.

## 21 Затворот во Штип

Затворот и неговата улога

21.1 Затворот во Штип е од полуотворен вид, а изграден е во 1986 год. И претставува најновиот затвор во земјата. Лоциран е на 6 км. од градот Штип и во него се сместени мажи повратници кои издржуваат казна затвор до 6 месеци; други осудени машки лица кои издржуваат казна затвор до две години; сторители на прекршоци (мажи и жени) кои издржуваат казна до два месеци; како и притворени лица (мажи и жени). Затворот го опслужува поголемиот дел од Источна Македонија и има отворено одделение во Струмица.

Капацитет и пополнетост

21.2 Официјално, установата има капацитет за 186 лица во Штип (150 осудени лица/сторители на прекршоци и 36 притворени лица) и 70 осудени лица/сторители на прекршоци во Струмица. Во времето на нашата посета (21.11.2005), имаше 135 затвореници во Штип (78 осудени лица, 41 сторител на прекршок, 14 притворени лица, 2 без статус) и 56 во Струмица (31 осудени лица, 25 сторители на прекршоци). Вкупниот број на затвореници е зголемен за 31% во споредба со минатата година; особено е зголемен бројот на сторители на прекршоци, што директорот го објаснува со тоа што предметите на овие сторители побргу се обработуваат во системот. Имаше и неколку странски затвореници во одделението за притворени лица, но немаше жени. Главните кривични дела на затворениците се тешки u1082 кражби, други видови кражби, разбојништва и помали казниви дела (вклучувајќи ги и сообраќајните прекршоци). Околу 30% од затворениците се на возраст помеѓу 20 и 30 години, а повеќето од нив се зависници од дрога. Останатите 30% се на возраст помеѓу 40 и 50 години; најстариот затвореник има 65 години. Повеќето од затворениците се Македонци, а 10 – 15% се Роми; нема Албанци.

Директор и вработени

21.3 Директорот, г-н Симончо Протогеров, има долгогодишно искуство во затворската служба; тој бил назначен за директор пред 6 месеци кога го наследил г-дин Ефремов, кој сега е директор на Управата за извршување на санкции. Од вкупно 80 предвидени работни места, 45 беа пополнети во времето на нашата посета, од кои 29 во Штип и 16 работни места во Струмица. Недостатокот од кадри е особено изразен во секторот за обезбедување; меѓутоа, се очекува дека овој сектор ќе биде засилен со 12 лица во Штип и 4 во Струмица кои ќе бидат преземени од Министерството за одбрана. Вработените во обезбедувањето работат во 12-часовни смени, по 4 вработени во смена плус раководителот на смена. Во секторот за третман има тројца вработени (1 психолог, 2 педагози), а во секторот за

здравствена заштита нема вработени. Остатокот од вработените се инструктори во работилница и административни работници.

Здравствена заштита

21.4 Иако меѓу вработените нема лекар, еднаш неделно лекарот од локалната болница го посетува затворот и, по потреба, може да биде повикан и неколку пати на ден. Истиот начин се користи и за одделението во Струмица. Ни беше кажано дека здравствен преглед на новите затвореници се врши во рок од најмногу два дена по нивното пристигнување (кога се работи за притворено лице, во рок од 24 часа). Во тек е постапка за вработување на 2 квалификувани медицински сестри со полно работно време. Кога е потребен преглед на затвореник надвор од затворот, трошоците за прегледот ги плаќа затворот. Стоматолог е ангажиран со договор за дело, а по потреба, затворениците со придружба се носат на стоматолошки преглед. На денот на нашата посета имаше само двајца болни затвореници (еден со повреда на ногата, другиот имаше забоболка); во затворот не постои болнички оддел, но има планови за изградба. Во моментов, болните затвореници се сместуваат во обична просторија. Во итни случаи, се повикуваат лекари и доколку затвореникот е тешко болен се сместува во болницата во градот. Неодамна, во болницата било одржано предавање за заштита од ХИВ/СИДА вирусот.

Работа во затворот

21.5 Затворот во Штип располага со 20 хектари земја. На земјата се одгледува зеленчук (зелки и домати) кои се користат за исхрана, а вишокот се пласира на пазар. Затворот има и неколку крави и фарма за свињи. Преку овие капацитети се обезбедува работа за затворениците. Постои пекара, а работа има и во кујната, во пералната, како и задачи за чистење и одржување. Исто така, има работа и во работилницата за поправки, во која се вршат и поправки на автомобили. Околу 50% од осудените затвореници имаат некаков вид на вработување. Тие добиваат плата од околу 880 ден. (12 – 13 евра) месечно. Оние кои не можат да работат поради здравствени причини или за оние кои нема обезбедено работа, исто така добиваат одредена сума на пари. Во зимскиот период, кога нема работа, добиваат половина од тој износ. Затворениците кои имаат посебни квалификации, можат да работат надвор од затворот за приватна фирма и добиваат 30% од платата. Хигиена и општо одржување на зградите

21.6 Состојбата со хигиената не беше добра. Ни беше кажано дека има проблем со отпадните води бидејќи затворот не е поврзан со канализациската мрежа на градот. Некои од тоалетите мирисаа лошо, а површините околу нив беа влажни. Во бањите недостасуваа славини, а на подот немаше неколку плочки. Затворениците немаа услови за перење на својата облека. Ни беше кажано дека постелината се менува на една до две недели. Околу затворската зграда имаше неколку отворени жици. Подот во кујната не беше чист.

Контакти со надворешниот свет

21.7 Посетите се дозволени на секои 15 дена во траење од 1 час. Во итни случаи (на пример, за присуствување на погреб), затвореникот може да го напушти затворот сам или со придружба. Отсуство од два дена месечно е дозволено за затвореници со примерно поведение и 18 дена годишен одмор за оние кои работеле најмалку 11 месеци и доколку, заедно со месечните отсуства, бројот на денови не надминува 30 дена во текот на целата година. Во дворот има убаво уреден (покриен) простор за посети, кој се користи во текот на летните месеци.

Дисциплински санкции

21.8 Дисциплинските санкции се користат многу ретко. Директорот ни кажа дека казна упатување во самица била изречена само во 4 случаи во текот на оваа година и тоа заради доцнење по враќањето од отсуство. Тој коментираше: "Се обидувам да бидам строг, ама човечен и го прашувам затвореникот што мисли за сериозноста на своето поведение". Самиците беа чисти и слични на просториите кои се користат за сместување на притворени лица во Македонија; меѓутоа, немаше дневна светлина, а електричното осветлување, поставено надвор од ќелијата, не беше доволно за да можат затворениците непречено да читаат.

Изразување на вероисповест

21.9 Нема редовни верски служби. Свештени лица го посетуваат затворот на верски празници, а затворениците во секое време можат да побараат посета на свештено лице.

Подготовки за отпуштање

21.10 Не постои програма за подготовка за отпуштање од затворот. 25% од платата на затворениците се чува како заштеда која ја добиваат при отпуштање од затворот. Затворот соработува со социјални работници во Центарот за социјална работа, кои го посетуваат затворот, но Центарот располага со ограничени ресурси за да им помага на отпуштените затвореници.

Притворени лица

21.11 Притворените лица се сместуваат одвоено доколку заедно учествувале во извршување на истото кривично дело; инаку, тие можат да бидат заедно во текот на вежбите. Одделението за притворени жени има 5 кревети, но не се користи веќе извесно време. Има притворени лица кои се странски државјани, иако сите осудени странски државјани издржуваат казна во Идризово. Притворените лица немаат право на директни контакти со посетителите од семејството, но постои отвор кој може да се отвори за затвореникот да придржи бебе. Бевме известени дека, согласно Законот за кривична постапка, отворените посети се забранети, иако ние не успеавме да најдеме таква одредба во постоечкиот Закон од 1997 год.

Главни проблеми

21.12 Главните проблеми, според директорот, се недостаток на кадри и на финансиски средства, како и порастот на бројот на затвореници за 20 – 30% секоја година.

Постигнувања

21.13 Кога беше запрашан за постигнувањата, директорот рече дека во 6-те месеци откако е назначен на работното место немало поголеми инфраструктурни инвестиции. Работите функционирале на нормален начин. Мензата била проширена, а сите тоалети во струмичкиот затвор биле реновирани.

Цели

21.14 Во однос на плановите во иднина, директорот рече дека со оглед на тоа што затворот ќе прерасне во установа од затворен вид со зајакнато обезбедување, ќе бидат потребни големи капитални инвестиции, вклучувајќи и инвестиции за систем за видео надзор.

Разно

21.15 Осудените затвореници се сместени по 4 или 5 во ќелија/соба, а притворените лица по двајца во ќелија. Постапката за испитување на личноста на осудените затвореници трае еден месец, по што се носи одлука за тоа дали затвореникот ќе биде во отворени, полуотворени или затворени услови. Во слободното време, затворениците можат да гледаат телевизија, да читаат или да играат пинг-понг, или пак да играат фудбал или одбојка на спортското игралиште. Очигледно е дека не постојат организирани активности или можности за култура. Бевме информирани дека затворениците имаат право да престојуваат надвор од своите ќелии за да вежбаат во траење од околу 2 часа, но никогаш помалку од 30 минути. Во мензата можат да купуваат со пари. Во пекарата се подготвува вкусен леб кој се чува зад соодветна заштитна завеса. Ни беше кажано дека примерок од Европските затворски правила може да се најде во затворската библиотека и дека истиот се користел во пилот програмата за обука во затворот.

Заклучоци

21.16 Му честитаме на директорот и на вработените:

a) за справувањето со наглото зголемување на бројот на затвореници во услови на значителен недостаток од кадри;

b) за ограничено користење на дисциплински казни и покажување на позитивен став со дискусии со затворениците за нивното однесување во случаи кога го прекршиле куќниот ред, како на пример задоцнето враќање од отсуство;

c) проширувањето на мензата и реновирање на тоалетите во струмичкиот затвор.

Едновремено, сакаме да укажеме дека има простор за натамошни подобрувања; особено сметаме дека:

a) во сите одделенија треба да се зголеми бројот на вработени, вклучувајќи го и медицинскиот кадар;

b) треба да се направат напори за подобрување на хигиената и чистотата;

c) треба да се посвети внимание на рутинското одржување;

d) палките не треба да се носат отворено туку, ако воопшто треба да се носат, треба да се скриени;

e) потребни се енергичност и креативност во утврдување на активности за конструктивно ангажирање на затворениците;

f) како и за другите затвори, некои од општите препораки дадени во деловите 6 до 18, важат и за затворот во Штип.

## 22 Затворот во Тетово

Затворот и неговата улога

22.1 Затворот во Тетово е од полуотворен вид и е изграден во 1962 година. Лоциран е во градот Тетово и има една зграда која е проширена пред една година. Исто така, во стариот дел е извршено реновирање. Во затворот се сместени мажи повратници кои издржуваат казна затвор до 6 месеци; други осудени мажи кои издржуваат казна до две години; сторители на прекршоци (мажи и жени) кои издржуваат казна до два месеци; како и притворени лица (мажи и жени).

Капацитет и пополнетост

22.2 Официјално, установата има капацитет за 60 лица, но со проширувањето, капацитетот е зголемен на 100 лица. Во времето на нашата посета (23.11.2005), имаше 50 затвореници од кои 21 беа притворени лица. Во затворот немаше жени затвореници. Во овој дел од Македонија, Албанците претставуваат мнозинство и ова се отсликува во етничката застапеност во затворот, каде Албанците се мнозинство, но има и Македонци, Роми и Турци. Директорот рече дека дури и во времето на кризата (етничките немири) немало проблеми во затворот. Досега немало поголеми немири и постои вистински меѓуетнички дух; затворениците не се делат според етничката припадност.

Директор и вработени

22.3 Директорот, г-дин Агим Бајрами, на тоа работно место е три години. Пред тоа, не бил во затворска служба и работел во образованието. Во времето на нашата посета, од предвидените 34 работни места, 19 беа пополнети и тоа: директорот и неговиот заменик, 10 во секторот за обезбедување, тројца во секторот за третман (со еден педагог и еден психолог), нема вработени за здравствена заштита, еден службеник за набавки/раководител на магацин, еден сметководител/благајник, еден технички секретар задолжен за евиденцијата и еден секретар во канцеларија. Дванаесет од вработените се Македонци, а седум се Албанци. Имаше 10 непополнети работни места во секторот за обезбедување, две места во секторот за третман, две места во секторот за здравствена заштита и едно во секторот за економски работи.

Здравствена заштита

22.4 Затворот има склучено договор со медицинскиот центар во Тетово, од каде се обезбедува лекар кога за тоа има потреба. Понекогаш лекарот доаѓа неколку пати на ден, а редовно доаѓа два пати неделно. Исто така, од медицинскиот центар може да биде повикана службата за брза помош. За новите затвореници организиран е лекарски преглед при нивното пристигнување. Беше споменато дека нема случаи нови затвореници да пристигнат со повреди додека биле во полициски притвор.

Изразување на вероисповест

22.5 Ни беше кажано дека во затворот нема доволно простор за да се обезбеди дополнителна просторија за задоволување на верските потреби. Муслиманите можат да ја одржат својата молитва каде било. Кога запрашавме дали имало посебен режим u1085 на исхрана во текот на Рамадан, директорот ни одговори дека верата е лична работа и нема потреба да се воведува посебен режим.

Работа во затворот

22.6 Тројца осудени затвореници работат за приватни фирми надвор од затворот; неколку од останатите работат на домашни задолженија, а некои имаат здравствени проблеми и не се способни за работа.

Европски затворски правила и права на затворениците

22.7 Директорот кажа дека има примерок од Европските затворски правила и дека во секое од затворските одделенија има копија. Сите затвореници се заинтересирани за своите права и се свесни за нив. Тие исто така го знаеја телефонскиот број на Народниот правобранител.

Контакти со надворешниот свет

22.8 Притворените лица имаат право на посета еднаш неделно во траење од 15 минути или понекогаш 20 минути, без оглед на тоа колкав пат требало посетителите да поминат; осудените лица имаат право на посета еднаш неделно по еден час.

Дисциплински мерки и поплаки

22.9 Директорот кажа дека упатувањето во самица многу ретко се користи како мерка. Самицата не се користи, а доколку има потреба за такво нешто тогаш затвореникот се затвора во обична ќелија за двајца. Тој исто така истакна дека бројот на поплаки е мал и дека тоа не претставува некој проблем. Нема потешкотии во односите помеѓу вработените и затворениците, како и помеѓу затворениците. Доколку затвореникот има проблем тој може да разговара со педагогот или со директорот. Директорот и вработените прават обиколка на затворот еднаш дневно, а затворениците можат да им се обратат доколку сакаат да разговараат за нешто. Ни беше покажана нова ќелија, која не била користена досега, и за која ни рекоа дека е предвидена како самица за дисциплинска изолација. Тоа беше мала просторија – со површина од околу 2м2 – а ѕидовите беа поставени со мек материјал. Изгледаше како ќелија која би можела да се користи само за краток период, но не уверуваа дека е наменета како самица каде затворениците можат да бидат сместени од 1 – 15 дена.

Постигнувања

22.10 Директорот кажа дека, особено во последниве 10 години, ставот на вработените кон затворениците е драстично изменет како резултат на напорите на Министерството за правда, директорот на Управата за извршување на санкции и директорите на затворите, да направат сé што е можно да ги подобрат условите во затворите со ограничените средства кои се на располагање. Ова се огледа и во измените на законодавството кои се во тек. Директорот рече дека ги посетил сите затвори во земјата и дека затворениците не се третираат како криминалци, туку како човечки суштества кои сториле кривично дело. Тој додаде дека се надева дека овој процес ќе продолжи и дека е добро што Владата ги поддржува овие промени.

Цели

22.11 Кога го запрашавме за неговите цели, тој рече дека сака да обезбеди работилница и да им овозможи на затворениците подобро да го поминуваат слободното време, како и општо да ги подобри условите. Тој сметаше дека ова може да се случи во текот на наредните 12 месеци.

Притворени лица

22.12 Притворените лица се сместени на приземјето во ќелии за четворица или за двајца со посебни санитарни јазли. Мебелот во ќелиите беше соодветен, а дневната светлина допира индиректно преку високите прозорци свртени накај ходникот. Изградени се четири нови ќелии како дополнување на осумте стари ќелии. Одвојувањето беше соодветно. Разбравме дека на притворените лица официјално им се дозволени вежби од само 15 минути, но дека вработените можат да им дозволат до 25 минути.

Сместување

22.13 Новиот дел од зградата има соби со добар квалитет, но се уште не се пополнети, бидејќи во моментот нема доволен број на затвореници. Стариот дел на зградата е во лоша состојба и тоалетите се надвор од ќелиите. Сепак, просториите изгледаа чисто. Затворениците се тушираат еднаш неделно.

Кујна

22.14 Кујната и трпезаријата се во стариот дел на затворот, но и двете простории беа чисти и уредни. Директорот објасни дека многу наскоро очекуваат да имаат нова кујна и дека просторијата која сега се користи како кујна ќе биде пренаменета во работилница со што ќе може да се обезбеди работа за затворениците.

Активности

22.15 Бидејќи немаат работа или други активности, затворениците беа во ТВ салата која беше топла и удобна, со дневни весници, други материјали за читање и прибор за шах.

Заклучоци

22.16 Му честитаме на директорот и на вработените:

а) на евидентно добрата атмосфера и позитивните односи помеѓу вработените и затворениците, како и на непостоењето на нетрпеливост и покрај релативно скорешните немири во Тетово;

b) на фактот што затворот беше многу чист и евидентно во добар ред;

c) ниското ниво на дисциплински казни.

Едновремено, сакаме да укажеме дека има простор за натамошни подобрувања; особено сметаме дека:

а) треба да се вработат лекар и медицинска сестра, што е можно поскоро;

b) треба, што е можно поскоро, да се создадат услови за организирана работа на затворениците во рамките на затворот;

c) новата обложена ќелија е премногу мала за да се користи како самица и не треба да се користи за таа намена;

d) во согласност со Законот за кривична постапка, на притворените лица треба да им се дозволат 2 часа вежбање дневно;

e) затворениците треба да се преместат во новиот дел од зградата, што е можно поскоро;

f) како и за другите затвори, некои од општите препораки дадени во деловите 6 до 18, важат и за затворот во Тетово.

## 23 Затворот во Струга

Затворот и неговата улога

23.1 Затворот во Струга е единствениот затвор од отворен вид во Македонија. Изграден е во 1978 година и во него се сместени мажи кои издржуваат казна затвор до 5 години за казниви дела поврзани со небрежност; мажи повратници, кои издржуваат казна до 6 месеци или на кои им преостанува уште најмногу 6 месеци до крајот на издржувањето на казната; други осудени мажи кои издржуваат казна до две години; и сторители на прекршоци (мажи и жени) кои издржуваат казна до два месеци.

Капацитет и пополнетост

23.2 Се смета дека установата има оптимален капацитет за 60 лица, но може да прими и 80 лица, доколку се направат одредени измени. Во времето на нашата u1087 посета (23.11.2005) имаше 42 затвореника од кои 9 беа надвор од затворот на разни видови на отсуства, а еден затвореник избегал (во 2001 год.). Во вкупната бројка на затвореници има и 3 жени. Немаше знаци за пренатрупаност и директорот рече дека површината по затвореник е во согласност со европските стандарди. Главните казниви дела на затворениците беа дела поврзани со дрога, сообраќајни казниви дела, разбојништво, кражба и измама. Во затворот ретко има затвореници кои се казнети за дела извршени со оружје, а немаше затвореник осуден за убиство или силување. Просечната возраст на затворениците беше помеѓу 30 – 35

години, што, во споредба со другите затвори, претставува нешто помлада просечна возраст. Просечното времетраење на казните беше 6 – 10 месеци. Етничката припадност на затворениците беше еднакво распределена помеѓу Македонци и Албанци.

Директор и вработени

23.3 Директорот, г-дин Андрија Мечкароски, е на тоа работно место три години. Пред тоа, работел во Управата за јавни приходи при Министерството за финансии. Во времето на нашата посета имаше 15 вработени и тоа: директорот и неговиот заменик (поранешен педагог), 7 вработени во секторот за обезбедување, двајца во секторот за третман (еден педагог и еден социјален работник), еден благајник/референт за набавка, еден секретар/раководител на канцеларија и двајца ангажирани со договор за дело (лекар и сметководител). Во секторот за обезбедување имаше 4 непополнети работни места, а очекуваа да добијат неколку вработени кои се вишок од Министерството за одбрана. Работните места за лекар и медицинска сестра исто така не беа пополнети, како и оние за педагог, психолог и две работни места за инструктори за работа.

Здравствена заштита

23.4 Лекарот ангажиран со договор за дело остварува посети два пати неделно и дополнително кога има потреба за тоа. Постои блиска соработка со медицинскиот центар во Струга. Затворениците на кои може да им се верува, за лекарски преглед можат да одат надвор од затворот без надзор. Четворица затвореници се регистрирани зависници од дрога, а за уште четворица или петмина се смета дека најверојатно се зависници. Се лекуваат со хептанон (метадон), пропишан од лекар.

Работа во затворот

23.5 Тринаесет затвореници работат во претпријатие надвор од затворот и имаат право да задржат 30% од платата; 70% од оние 30% кои ги добиваат можат да ги потрошат во затворот, а остатокот се чува како заштеда и им се враќа по отпуштањето од затвор. Тие работат по 8 часа во 6-дневна работна недела, што, како што ни беше кажано, претставува вообичаено работно време во Македонија. Претставници од претпријатијата доаѓаат во затворот да бараат работници. Сите други затвореници, освен оние кои се болни или зависници од дрога кои не сакаат да работат, имаат задолженија во затворот. Има работа за библиотекар, помошници на готвачот и за одржување. Зеленчукот кој се одгледува се користи за исхрана, а малиот вишок што останува се продава надвор од затворот или се праќа во другите затвори. Доколку во градот Струга е потребна помош со некои итни работи, затворениците одат да помогнат на доброволна основа и без надомест. Затворениците кои работат имаат право на туширање еднаш дневно; другите се тушираат два пати неделно.

Контакти со надворешниот свет

23.6 Официјално, посетите се во сабота и недела, но многу посетители живеат далеку и затоа им е дозволено да доаѓаат во текот на неделата. Постојат простории каде посетителите можат да се напијат кафе, чај и др. Дозволени се подолги отсуства. Како и во другите затвори, поставени се јавни телефони. За користење на телефоните има одредено време, а телефонските разговори на затворениците во затвореното одделение се следат. Често пати се наоѓаат и мобилни телефони кои се забранети заради безбедносни причини.

Изразување на вероисповест

23.7 Во затворот нема организирани верски служби. Оние затвореници кои сакаат да присуствуваат на верски служби можат да одат надвор од затворот, доколку нивното поведение е добро.

Дисциплински мерки

23.8 Единствената самица, која има простор за двајца затвореници и има многу дневна светлина, била употребена два пати оваа година. Доколку се прекрши куќниот ред, најчесто се применуваат казните опомена, укинување на отсуство или одземање на погодностите. Скоро сите затвореници реагираат на овие казни. Друга мерка која била применувана е преместување на затвореник во затвореното одделение на затворот. Директорот ја одобрил оваа казна пет пати оваа година. Доколку се направат посериозни прекршувања, со одобрение на директорот, може да дојде до преместување во друг затвор. Ова се случило два пати годинава; во двата случаи затворениците биле зависници од дрога кои постојано го напуштале затворот и проселе за дрога. Ни беше кажано дека скоро и да нема проблеми со поведението на затворениците, со исклучок на зависниците од дрога.

Постигнувања

23.9 Кога го запрашавме за најновите постигнувања, директорот спомна дека ѕидот бил реконструиран, како и надворешната фасада. Обновени биле тоалетите и бањите и извршени биле поправки на парното греење. Исто така, бил подобрен квалитетот на исхраната; за време на појадокот и вечерата секогаш се служат јогурт, чај и млеко.

Цели

23.10 Запрашан за целите во наредните 12 месеци, директорот рече дека доколку се одобрат средства, би сакал да се загради источниот дел на затворот и да се изгради спортско игралиште. Тој би сакал да им овозможи подобри услови за забава на затворениците, да се поправи покривот и да се направат други подобрувања на системот за греење. Исто така, потребни се континуирани обуки за вработените.

Европски затворски правила и правата на затворениците

23.11 Директорот рече дека има примерок од Европските затворски правила и дека вработените и затворениците можат да го разгледаат. Затворениците ги знаат своите права, а во Куќниот ред се наведени правата и должностите на затворениците.

Затворот и заедницата

23.12 Меѓународниот Црвен крст остварува посети во затворот, а исто така можат да го посетат u1080 и други невладини организации. Студентите од локалните образовни институции имаат право на посети. Меѓутоа, не постојат координирани активности за информирање на локалната заедница за тоа како функционира затворот или пак за организирање на "отворен ден".

Режим на активности

23.13 Евидентно е дека не постојат можности за културен живот во затворот. Никој не го посетува затворот со намера да помогне во организацијата на културниот живот. Ни кажаа дека затворениците не биле заинтересирани да научат резбарство кога им била понудена можноста за тоа, па така не било организирано ништо. Исто така, нема активности поврзани со образование. Бевме информирани дека сите имаат основно образование и дека не се доволно долго во

затворот за да се организираат образовни активности. Меѓутоа, дознавме дека оние кои што издржуваат казна за небрежност во затворот се 5 години. Во библиотеката имаше ограничен избор на книги, повеќето на македонски јазик, иако само половината од затворениците се Македонци.

Атмосфера, греење, хигиена

23.14 Влезниот дел на затворот беше атрактивно декориран со украсни растенија и сл. Меѓутоа, општо забележавме површини кои не беа чисти колку што би можело да бидат; разбравме дека директорот оставал затворениците да одлучат за чистотата. Затворениците беа во топлата заедничка просторија и искрено позитивно се изјаснија за затворот. Постои проблем со греењето на горниот кат во просториите каде што спијат затворениците. Греењето работи два часа пред времето за легнување, како и рано наутро. И покрај ова, забележавме дека прозорците таму беа ширум отворени; кога им укажавме на тоа, ги затворија прозорците. Собите беа најчесто за сместување на пет затвореници.

Кујна

23.15 Кујната беше чиста, готвачот изгледаше доста посветен на работата, а затворениците кои работат таму беа релаксирани и излегуваа. Меѓутоа, менито беше ограничено и не можевме да забележиме зеленчук за кој директорот претходно рече дека се служи.

Заклучоци

23.16 Му честитаме на директорот и на вработените за:
a) евидентно добрата атмосфера во затворот;
b) ниското ниво на дисциплински казни;
c) фактот што скоро сите затвореници имаат некаков вид на вработување.
Едновремено, сакаме да укажеме дека има простор за натамошни подобрувања; особено сметаме дека:
a) треба да се вработат лекар и медицинска сестра, што е можно поскоро;
b) треба да се преземат соодветни активности за затворениците да имаат организирана работа во рамките на затворот што е можно поскоро;
c) треба да се направат напори за организирање на секојдневниот живот, на пример преку организирање на образовни и културни активности за поконструктивно да се користи слободното време на затворениците;
d) затворениците, колку што е можно повеќе, треба да имаат овошје и зеленчук во својата исхрана;
e) би можеле да се направат напори за вклучување на локалната заедница во затворот преку поканување на лица кои би можеле да понудат образование и подучување за занаети, сликарство или музика, и да се охрабрат затворениците да ги искористат таквите можности;
f) како и за другите затвори, некои од општите препораки дадени во деловите 6 до 18, важат и за затворот во Струга.

## 24 Затворот во Охрид

Затворот и неговата улога

24.1 Затворот во Охрид е единствениот "затвор за малолетници" во Македонија. Тоа е затвор за млади затвореници на возраст од 17 – 23 години кои имале помалку од 18 години во времето кога го сториле кривичното дело. Затворот е изграден во 1950 година како затвор од полуотворен вид, а својата сегашна намена ја добил во јуни 1999 година. Во затворот има одделение за притворени лица (мажи и жени). Затворот се состои од една еднокатна зграда, несоодветно лоцирана во центарот на Охрид и блиску до околните згради. Сепак, досега немало поголеми проблеми во однос на безбедноста. Во затворот се врши надзор преку седум камери во текот на 24 часа.

Капацитет и пополнетост

24.2 Официјално, установата има капацитет за 50 лица, но можат да се сместат и 70 лица. Во времето на нашата посета (24.11.2005) имаше 48 затвореници (33 осудени малолетници и 15 притворени лица). Делата за кои малолетните затвореници издржуваат казна се убиство (13 лица), казниви дела поврзани со дрога (4), трговија со луѓе (2), кражба (5), разбојништво (8) и измама (1). Најмладиот затвореник имаше 17 а најстариот 23 години; повеќето беа на возраст помеѓу 19 или 20 години. Најдолгата казна беше 10 години, која преставува највисока казна која може да се изрече на малолетно лице. 35% од затворениците издржуваат толкава казна. Етничката припадност на осудените затвореници е: Македонци (15), Албанци (8), Роми (6), Срби (1), Турци (2) и еден странец. Бројот на малолетни лица нагло се зголемил од почетокот на 2003 година; во тоа време во затворот имало само 12 малолетни лица.

Директор и вработени

24.3 Директорот, г-дин Љупчо Митрески, на тоа работно место е три години. Во времето на нашата посета имаше 26 вработени и тоа: директорот и неговиот заменик, 16 вработени во секторот за обезбедување (вклучувајќи и две жени), двајца во секторот за третман (педагог и психолог), готвач, еден лекар ангажиран со договор за дело (една недела по нашата посета тој требаше да биде заменет со друг лекар со полно работно време) и четири други вработени. Вкупниот број на предвидени работни места беше 42, а непополнетите работни места беа: 11 во секторот за обезбедување, едно работно место за социјален работник, едно за психолог, едно за медицинска сестра и две други работни места. Вработените во обезбедувањето работат во смени од по 12 часа.

Здравствена заштита

24.4 Затворот има договор со медицинскиот центар во Охрид кој ги обезбедува сите медицински интервенции, надвор од затворот доколку за тоа има потреба. Психијатар редовно го посетува затворот. Општо земено, здравствените картони се достапни само за медицинскиот кадар, но во исклучителни случаи пристап има директорот, а картоните на притворените лица можат во исклучителни случаи да бидат достапни за судот.

Првична оценка

24.5 Директорот нагласи дека повеќе од половината од малолетниците u1089 се заборавени од своите родители и дека ова претставува важен фактор при планирањето на третманот на оние млади лица кои добиле долга казна. Многумина од нив се улични деца. Бидејќи не добиваат поддршка од семејството, локалниот Центар за социјална работа обезбедува за нив еднаш или два пати годишно "солидарна помош" која изнесува "симболични" 30 евра годишно. Малолетниците се распределени во една од двете групи (во моментов има 17 лица во едната и 16 лица во другата група). Со едната група работи психологот, а со другата педагогот. Првата група е за оние со подолги казни или со лоши досиеја, но тие можат да преминат во втората група каде што просториите се подобри. Директорот рече дека од

07:00 до 20:00 часот психологот и педагогот се на располагање да им помогнат со какви било проблеми, вклучувајќи и лични проблеми. Сите имаат работни задачи од некаков вид.

Постојано оценување

24.6 Секој 15 дена има натпревар на кој се избира најдобро уредена соба, кревет и шкаф, а победникот добива еден ден излез, можеби на локалните спортски терени, или на фудбалски натпревар, или пак добива пакло цигари. За секој затвореник се подготвува месечен извештај, а на секој квартал се носи одлука за преместување на затворениците во соодветната група. Вработените имаат отворени дискусии со затворениците во однос на затворските услови, храната и дисциплинските мерки. Забележавме, кога се сретнавме со група на затвореници, дека директорот знае за секој од нив поединечно и им укажа почит со тоа што не запозна со нив.

Работа во затворот

24.7 Седум затвореници работат за фирми надвор од затворот, а тројца од нив одат без придружба. Тие задржуваат 25% од приходите кои ги добиваат. Во затворот, четворица работат во кујната, тројца во пералната, двајца помагаат околу гулабите кои се чуваат во затворот, а другите се активни околу домашни задолженија. Овие затвореници примаат помал износ.

Дисциплински мерки

24.8 Една од камерите за набљудување е поставена во ТВ салата каде што затворениците u1085 најчесто престојуваат и со ова ефективно се елиминирани тепачките во таа просторија. Во последните три месеци, биле изречени 5 дисциплински казни (сите казни се состоеле од 10 дена во самица, што претставува максимална казна за малолетни затвореници) за членови на првата група и 6 дисциплински казни на членови на втората група. Како резултат на еден тежок инцидент, еден затвореник, кој бил нападнат по полноќ, морал да биде шиен со 14 шавови. Кога директорот треба да одлучи дали да изрече дисциплинска казна, тој лично разговара со лицето за кое се бара казната. Имало случаи кога обвинетото лице не било криво бидејќи случајот му бил подметнат од други затвореници. Директорот рече дека спроведува темелна истрага пред да ја донесе одлуката. Секој кој е казнет со упатување во самица добива лист хартија за да ги објасни околностите и има право да поднесе жалба.

Контакти со надворешниот свет и подготовки за отпуштање

24.9 Малолетните лица имаат право на посети еднаш неделно. Исто така, имаат право на два телефонски разговори неделно. Можат да добијат продолжени посети и разни видови на отсуства, вклучувајќи и годишен одмор, ако работеле 9 месеци. По истекот на две третини од казната, педагогот или психологот почнуваат да ги подготвуваат за отпуштање со тоа што се обидуваат да им најдат вработување и им помагаат да се вратат во нормален живот. Вработувањето се смета како најважниот позитивен фактор во периодот по отпуштањето од затворот.

Образование

24.10 Во затворот се организираат курсеви и часови за неписмените лица. Околу 40% се неписмени кога доаѓаат во затворот. Се вложуваат големи напори на овие лица да им се овозможи да го завршат основното образование, а се даваат свидетелства за положените испити, на кои не пишува дека образованието и квалификациите се добиени во затвор.

Исхрана

24.11 Менито се менува секои 15 дена. Во согласност со закон, малолетните лица добиваат 4 оброци на ден и две ужини.

Терен за вежби

24.12 Теренот за вежби е изложен на погледите од околните u1089 станбени згради надвор од ѕидот на затворот, но младите затвореници можат да се раздвижат играјќи фудбал. Во еден агол е сместен кафезот со гулаби, чие присуство позитивно придонесува за атмосферата.

Сместување

24.13 Собите на малолетните затвореници беа на задоволително ниво, и можеше да се забележи дека во една или две имаше меки играчки на перниците. Ова може да значи дека младите луѓе не се плашеа дека ќе ги задеваат заради тоа. За секоја соба е назначен еден дежурен кој има одредени задачи, како на пример да обезбеди дека должностите за уредување на собата ќе бидат правилно спроведени; дежурството за собата се менува еднаш неделно. Туширањето може да се прави два до три пати неделно, а секојдневно за оние кои работат во кујната.

Притворени лица

24.14 Притворените лица се сместени по најмногу три лица во соба, со одвоен тоалет. Тие можат да го користат телефонот само ако судот одобри и најчесто не им се дозволени посети во текот на првите 30 дена по притворувањето. Штом ќе помине тој период, посетите траат по 30 – 40 минути, но ова зависи од одлуката на судијата. Притворените лица имаат право на два или три периоди за вежбање, секој по 30 – 40 минути.

Невладини организации

24.15 Директорот рече дека се обидува да го направи затворот што е можно поотворен. Затворот го посетуваат Хелсиншкиот комитет, ОБСЕ и Полициската мисија на Европската Унија – Проксима, а Правниот факултет во Скопје остварува посети два пати годишно. Во текот на одвивањето на фестивалот Охридско лето, оваа година затворениците работеле на продукцијата на театарските претстави.

Постигнувања

24.16 Запрашан за најновите постигнувања, директорот ги наведе: инсталирањето на камерите за видео набљудување, обновувањето на сите тушеви и тоалети, како и фактот дека до крајот на годината ќе имаат уште едно возило за придружба.

Цели

24.17 Во однос на целите, директорот рече дека намерата е затворот за малолетници да се пресели во Прилеп, кој во моментов служи како отворено одделение на затворот во Битола, каде што има многу простор и земја околу затворот. Откако ќе се постигне ова, се планираат средства за основање на нов регионален затвор од полуотворен вид во Охрид.

Заклучоци

24.18 Му честитаме на директорот и на вработените за:

a) евидентно добрата атмосфера во затворот и позитивните односи помеѓу вработените и затворениците;

b) вниманието кое се посветува на основното образование и стимулирањето на доброто поведение;

c) отвореноста на установата кон заедницата надвор од затворот.
Едновремено, сакаме да укажеме дека има простор за натамошни подобрувања; особено сметаме дека:
a) треба да се вработи една медицинска сестра, што е можно поскоро;
b) треба да се стави акцент на обезбедување на доверливост на здравствените картони;
c) притворените лица треба да имаат право на посети од почетокот на нивниот притвор;
d) треба да се обрне внимание за да се обезбеди дека ниеден затвореник, додека ја извршува задачата на дежурен во собата, нема да има право на дисциплинирање на другите или да добие несоодветни овластувања во однос на другите затвореници;
e) преместувањето на затворот за малолетни лица на новата локација, каде ќе има повеќе простор и ќе можат да се организираат повеќе активности, треба да се организира што е можно поскоро;
f) како и за другите затвори, некои од општите препораки дадени во деловите 6 до 18, важат и за затворот во Охрид.

**25 Затворот во Битола**

Затворот и неговата улога

25.1 Затворот во Битола е од полуотворен вид и изграден е во 1958 година. Тоа е затвор за мажи повратници кои издржуваат казна затвор до 6 месеци; други осудени мажи кои издржуваат казна до две години; сторители на прекршоци (мажи и жени) кои издржуваат казна до два месеци; како и притворени лица (мажи и жени). Затворот има отворено одделение лоцирано во Прилеп.

Капацитет и пополнетост

25.2 Вообичаено, установата има капацитет за 60 – 65 лица, но со одредени измени може да прими најмногу 75 – 90 лица. Во времето на нашата посета (24.11.2005) имаше 84 затвореници (45 осудени затвореници, 19 сторители на прекршоци и 20 притворени лица). Во Прилеп, каде што капацитетот изнесува околу 70 лица (но со одредени измени, може да прими уште неколку), имаше 23 осудени лица и двајца сторители на прекршоци. Немаше жени затворенички, ниту странци затвореници во времето на нашата посета. Главните кривични дела беа тешка кражба, разбојништво, загрозување на јавната безбедност (сообраќајни прекршоци), казниви дела поврзани со дрога, присилно наведување на проституција и трговија со луѓе. Просечната возраст на затворениците беше 30 – 35 години, а просечната должина на казна беше 6 – 8 месеци. Околу 60% од затворениците беа Македонци, а повеќето од останатите беа Албанци.

Директор и вработени

25.3 Директорот на затворот си заминал десетина дена пред нашата посета, бидејќи бил избран за судија во Апелациониот суд во Битола. Вршителот на должност директор беше заменикот директор, г-дин Зоран Николовски, кој ја презел таа функција пред 9 месеци. Во затворот во Битола имаше 48 вработени во времето на нашата посета и 26 вработени во Прилеп; вкупниот број на предвидени работни места во двете установи заедно беше 84 работни места. Во Битола има 26 вработени во обезбедувањето, 2 вработени за третмани, 2 медицински сестри и 4 инструктори за работа (вклучувајќи и еден вработен во управата на фармата со крави и двајца во столарската работилница); непополнетите работни места се за психолог, социјален работник, лекар и 4 инструктори за работа (2 за земјоделство, 2 за обработка на дрво). Непополнетите работни места во Прилеп се: 14 работни места за обезбедување и 3 за третман; исто така има и непополнето работно место за психолог.

Здравствена заштита

25.4 Покрај двете медицински сестри, затворот има лекар ангажиран со договор за дело, кој го посетува затворот два пати неделно; лекарот со полно работно време ќе биде назначен во декември. Зависниците од дрога претставуваат главниот проблем што се однесува до здравствената заштита; зависниците од дрога добиваат терапија со хептанон (метадон). Затворениците се пренесуваат во болница доколку имаат здравствен проблем кој не може да се реши во затворот. Разбравме дека затворот редовно набавува лекови, а доколку има потреба од нешто дополнително тоа веднаш се набавува. Досега немало проблеми со задоволување на потребите за лекови.

Работа во затворот

25.5 Во моментов 26 затвореници имаат постојана работа и тоа: 8 работат во столарската работилница, еден работи на фармата за овци, еден на капијата, еден во мензата, 3 работат земјоделски работи, 2 на свињарската фарма, еден како курир, 5 во "економатот", 2 во кујната и еден работи за надворешна фирма. Други 22 затвореници имаат повремени задолженија за домашна работа/одржување. Двајца затвореници беа моментално на годишен одмор, а има и 14 затвореници во затвореното одделение кои немаат работа. (Затворот е од полуотворен вид, но има затворени и отворени одделенија во рамките на затворот. Повеќето од затворениците се во полуотворени услови). Нема организирано формално стручно усовршување, но преку работата, затворениците добиваат практична обука и некои од нив добиваат постојано вработување во струката која ја научиле во затворот.

Дисциплински мерки

25.6 Една од причините за изрекување дисциплински мерки е самоповредувањето. Оваа година се изречени 5 или 6 дисциплински мерки. Изолација од групата се смета повеќе како средство за заштита отколку казна, бидејќи така се овозможува постојано следење за да се спречи повторување на таквото однесување. Самицата беше валкана и на ѕидовите имаше графити. Креветот беше стар и од оној вид што може да се крене со синџири во текот на денот; ни кажаа дека синџирите не се користат и дека креветот е спуштен цело време.

Постигнувања

25.7 Кога го запрашавме за најновите постигнувања, директорот ги наведе реконструкцијата на покривот и реновирањето на просториите каде се остваруваат посетите. Средствата за реконструкција на покривот биле делумно обезбедени од сопствените приходи на затворот, но поголемиот дел од средствата u1073 бил обезбеден од Министерството за правда.

Цели

25.8 Во однос на целите, директорот рече дека има неколку суштински работи. Со донесувањето на новиот закон, во затворот ќе се примаат лица кои издржуваат казна до три години, а за ова ќе биде неопходно да се реновира стариот дел на затворот и ќе треба да се направи одредена адаптација за да може дел од администрацијата да се смести таму. Второ, со очекуваното пристигнување на затвореници за кои е потребно поголемо обезбедување, ќе биде потребно да се вгради опрема за видео надзор. Исто така, би сакале да се реновира и фармата за свињи. Постојат исто така

планови за поделување на зградата за да можат да се сместат жени кои издржуваат казни за прекршоци. Но, сите овие цели зависат од финансиски средства, кои не се загарантирани.

Контакти со надворешниот свет

25.9 Во отвореното и полуотвореното одделение, затворениците имаат право на посети од еден час неделно, а во затвореното одделение по половина час.

Притворени лица

25.10 Ќелиите во одделението за притворени лица, во кое беа сместени две лица, беа чисти, но санитарниот јазол беше само делумно одвоен. Посетите се дозволени два пати месечно, а можат да траат до еден час. Посетите се отворени, без прегради за одвојување на притвореното лице и посетителот. Така, тие можат да се прегрнат и бакнат. Притворените лица исто така имаат пристап до телефон.

Сместување

25.11 Пушењето во затворот е забрането, освен во просторијата определена за пушење. Собите беа чисти и во релативно добра состојба. Воглавно, во собите имаше 4 – 7 кревети.

Затворено одделение

25.12 Во затвореното одделение се сместени затвореници кои се префрлени од затворот Идризово. Тие издржуваат подолги казни и се сметаат за особено тешки. Во одделението постоеше картел за дрога кој требаше да се разбие. Просторијата во која се сместени десет затвореници беше под постојан видео надзор. Затворениците имаат право на еден час вежба на ден. Просторијата во затвореното одделение беше најтесна во споредба u1089 со другите одделенија. Имаше кабелска телевизија која ја обезбедил затворот. За разлика од другите затвореници, оние во затвореното одделение оброците ги добиваа во нивната соба.

Разно

25.13 Кујната беше чиста, а менито изгледаше разновидно. Во ТВ салата имаше на располагање маса за пинг-понг и тегови за вежбање. Кога не работат, на затворениците во полуотвореното и отвореното одделение им е дозволено, доколку сакаат, поголемиот дел од денот да го поминат во просторот за вежбање. Затворениците можат да се тушираат секој ден; меѓутоа, во просториите каде се сместени тушевите и тоалетите немаше осветлување и малку непријатно мирисаа.

Заклучоци

25.14 Му честитаме на директорот и на вработените на:
a) фактот што на притворените лица им се дозволени отворени посети;
b) фактот што, кога не работат, на затворениците во полуотвореното и отвореното одделение им е дозволен, доколку сакаат, да го поминат поголемиот дел од денот во добро уредениот простор за вежбање;
c) обидот да се заштити здравјето на затворениците и на вработените со забрана на пушењето.
Едновремено, сакаме да укажеме дека има простор за натамошни подобрувања; особено сметаме дека:
a) за затворениците во затвореното одделение треба да се обмисли поконструктивен режим;
b) случаите на самоповредување, не треба да се решаваат со казнување на затвореникот;
c) треба да се направат напори да се подобрат условите во самицата;
d) во подготовките за прием на затворениците кои издржуваат подолги казни треба да вклучуваат и начини за изнаоѓање на поконструктивен режим;
e) треба да се вложат поголеми напори во подобрување на хигиената, чистотата и осветлувањето во некои делови од затворот, вклучувајќи ги и просториите каде се сместени тушевите и тоалетите;
f) како и за другите затвори, некои од општите препораки дадени во деловите 6 до 18, важат и за затворот во Битола.

## 26 Затворот во Гевгелија

Затворот и неговата улога

26.1 Затворот во Гевгелија е од полуотворен вид и лоциран е во југоисточниот дел на земјата. Тоа е затвор u1079 за мажи повратници кои издржуваат казна до 6 месеци; други осудени машки лица кои издржуваат казна до две години;сторители на прекршоци (мажи и жени) кои издржуваат казна до два месеци; и притворени лица (мажи и жени).

Капацитет и пополнетост

26.2 Официјално, установата има капацитет за 76 лица (60 осудени затвореници/ сторители на прекршоци и 16 притворени лица). Иако поради недостаток на време не успеавме да го посетиме затворот, дознавме преку телефонски разговор со директорот дека на 25.11.2005 година во затворот имаше 86 затвореници (45 осудени лица, 26 сторители на прекршоци и 15 притворени лица). Во затворот имаше и четири притворени жени; во затворот немаше малолетни лица.

Директор и вработени

26.3 Директор на затворот е г-дин Петар Трајков. Во затворот има 16 вработени и тоа: директорот и неговиот заменик, 12 вработени во обезбедувањето, еден социјален работник и едно лице задолжено за водење евиденција и сметководство. Вкупниот број на предвидени работни места изнесува 23, а непополнетите работни места се 5 за вработени во обезбедувањето и 2 вработени за третмани (психолог и педагог).

## 27 Воспитно–поправна установа во Тетово (времено лоцирана во Скопје)

Установата и нејзината улога

27.1 Во текот на кризата во 2001 година, паравоените групи принудно ја иселиле установата од просториите. Во август 2001 година, младите сторители на кривични дела биле сместени во Прилеп, а по четири месеци, на 25 декември биле преместени во сегашната зграда во затворот во Скопје. Зградата оригинално била наменета за отвореното одделение на затворот во Скопје и не е потполно одвоена од останатиот дел од затворот. Воспитно- поправната установа (или "Поправна установа") е наменета за малолетни сторители на кривични дела на возраст помеѓу 14 и 23 години кои не се казнети со казна затвор, туку со заводска мерка упатување во воспитно- поправна установа; оваа казна може да се изрече на лица од 14 до 18 годишна возраст и може да биде во траење од една до пет години. Притворот обично u1090 трае пократко и се изрекува за полесни казниви дела во споредба со оние дела за кои се казнуваат малолетници со

казна затвор и кои казната ја издржуваат во затворот во Охрид. Дознавме дека оригиналната установа во Тетово била изградена во 1974-5 година и имала многу добри услови за живеење и работа, затоа што таа била изградена специјално за таа намена. Повеќето од вработените кои работеле таму ги задржале своите работни места и сега патуваат секој ден од Тетово. Зградите во Тетово сега се преземени од Муслиманска верска заедница, и иако има планови за враќање на воспитно-поправната установа во Тетово, размислувањата се дека установата нема да биде сместена во истите објекти.

Капацитет и пополнетост

27.2 Официјално, установата има капацитет за 24 лица, но директорот рече дека тоа е преголема бројка и дека просторот кој е на располагање би бил пософдветен за капацитет од 15 до 18 лица. Во времето на нашата посета (25.11.2005 година) имаше 26 малолетни сторители на казниви дела на возраст помеѓу 14 и 20 години; просечната возраст е 18 години. Повеќето се осудени за кражба, некои за повеќе мали кражби, но некои од нив се осудени за разбојништво и тројца се осудени за убиство. Просечната должина на казна е две години. Во однос на етничката припадност, околу 40% се Роми, 35% се Македонци и 25% Албанци.

Директор и вработени

27.3 Директорот на установата, г-дин Тодор Крстевски, на тоа работно место е три месеци, а претходно 20 години бил педагог во Тетово. Тој е Македонец, а неговиот заменик е Албанец. Предвидени се 50 работни места, а пополнети беа 40 работни места во времето на нашата посета и тоа: директорот и неговиот заменик, 15 вработени во обезбедувањето, 10 во секторот за третмани (три психолози, а останатите се социјални работници кои работат како педагози), 2 здравствени работника (еден лекар и една медицинска сестра), 5 инструктори за занаети, 2 готвачи и четири вработени во администрацијата; непополнетите работни места беа за еден вработен во обезбедувањето, три педагози, 2 инструктори, еден електричар/бравар и три други работни места.

Здравствена заштита

27.4 Лекарот работи со половина работно време во оваа установа, а другата половина во затворот Идризово. Тој сега е специјалист и за психијатрија. Медицинската сестра треба наскоро да отпочне со работа. Канцеларијата на директорот се користи како просторија за лекарски прегледи. Ако се потребни дополнителни простории, ги користат оние на скопскиот затвор. Бидејќи нема болнички оддел, доколку е потребно младите сторители на кривични дела се носат во болница.

Сместување

27.5 Воспитно-поправната установа е сместена во мала двокатна зграда. На горниот кат има 7 спални соби со вкупна површина од 100м2, а во секоја соба се сместени 3 – 5 малолетници. На приземјето има трпезарија и просторија за вработените во обезбедувањето (со една камера за набљудување) и две простории за образовни активности. Има два тоалети и две кабини за туширање.

Исхрана

27.6 Двајцата готвачи ја подготвуваат храната за воспитно-поправната установа, во кујната на скопскиот затвор.

Образование

27.7 Основното образование е организирано од страна на едно стручно училиште од Скопје. Наставниците не се вработени во установата. Наставата за средно образование може да се следи во некое од средните училишта во Скопје. Испитите можат да се подготвуваат во установата. (Во оригиналната зграда во Тетово имало училиште). Околу 14 од вкупно 26-те млади лица следеа настава за основно образование, а останатите имаат завршено основно образование.

Режим на активности

27.8 Во установата нема обезбедено работа. Директорот рече дека нема услови за занаетчиски работи или за подучување на занаети. Инструкторите за работа треба да импровизираат и да ги подучуваат за теорија, а не за пракса. Има големо игралиште и во слободното време играат одбојка, фудбал и пинг- понг. Понекогаш ги носат во парк, а два пати месечно имаат излез во Скопје. Секоја година одат на 10 дневен одмор во Охрид.

Контакти со надворешниот свет

27.9 Членовите на нивните семејства можат да ги посетуваат колку што сакаат. Младите сторители на кривични дела можат да одат дома на викенд на секои два месеци и имаат право на отсуство од 14 – 18 дена годишно. Вработените во установата (педагог/социјален работник и лекар) ги посетуваат нивните домови, иако доаѓаат од разни краишта на земјата. Постои секојдневна комуникација со Центарот за социјална работа, а истражниот судија, жена, ја посетува установата толку често што беше опишана како дел од вработените или семејството. И навистина, во времето на нашата посета таа беше во посета. Таа често разговара со младите, разговара со вработените за нивниот напредок и му укажува на директорот за сите аспекти кои таа ги смета за незадоволителни.

Проблеми

27.10 Директорот рече дека најголемиот проблем со кој е соочена установата е дека и покрај нивните напори не можат да спречат младите сторители да имаат контакти со возрасните сместени во останатиот дел од затворот во Скопје. Тој смета дека ова влијае на нивната ресоцијализација, а исто така возрасните можат да влијаат на нив за да избегаат. Тие го користат заедничкото игралиште и се мешаат со мажите од отвореното одделение на затворот. За да се обидат да ги спречат овие контакти, поставиле импровизирана ограда и им укажале да не се мешаат, но токму овие обиди за забрана и вршење контрола имале негативни ефекти врз ресоцијализацијата. Самиот факт што се наоѓаат во вака несоодветни услови ги фрустрира вработените и има негативно и демотивирачко влијание врз нив. Бидејќи не се во можност да организираат активности за малолетните лица кои се предвидени со закон, вработените не можат да ги извршат своите должности и со ова се зголемува незадоволството. Се прават интензивни напори за да се изнајде соодветна локација за установата во Тетово. Дел од бившите воени бараки можат да бидат соодветни за сместување, но некои групи се обидуваат да го спречат враќањето на установата во Тетово. Прашањето прераснува во политичко прашање за тоа дали една македонска државна установа има пристап во Тетово. Решението на проблемите на установата се гледа во нејзино лоцирање во Тетово, на било кое место. Во меѓувреме, жртви на овие состојби се децата, но и вработените.

Невладини организации

27.11 Невладините организации обезбедуваат облека и компјутери за младите луѓе. Една локална невладина организација обезбедила предавања по драматургија. Директорот рече дека секој кој што сака да помогне е добредојден и тие се обидуваат да добијат што е можно повеќе помош.

Заклучоци

27.12 Му честитаме на директорот и неговите вработени на:

а) напорите што ги прават за професионална работа со младите луѓе во така несоодветни услови;

b) воспоставување на добри односи со невладините организации и локалната судија;

c) спремноста на вработените да работат не само со младите луѓе, туку и со нивните семејства во обид да се подобрат нивните можности за ресоцијализација по нивното отпуштање.

Едновремено, сакаме да укажеме дека има простор за натамошни подобрувања; особено сметаме дека:

a) воспитно-поправната установа треба да се премести од затворот во Скопје што е можно поскоро;

b) во меѓувреме, треба да се прават постојани напори за одвојување на младите луѓе од возрасните затвореници во скопскиот затвор;

c) постоечкиот број на вработени може да овозможи да се реализира попозитивни режим на секојдневни активности;

d) вработените во установата имаат потреба од посебна помош за да ги надминат демотивирачките аспекти на условите во кои работат за да можат да работат што е можно поимагинативно и покрај неповолните услови;

e) како и за другите затвори, некои од општите препораки дадени во деловите 6 до 18, важат и за воспитно-поправната установа.

**28 Заклучни согледувања**

28.1 Би сакале уште еднаш да ја истакнеме отвореноста со која бевме примени во текот на целата наша посета. Вработените во Управата за извршување на санкции и во сите казнени установи одговорија на нашите многубројни прашања и ни покажаа сé што побаравме да видиме.

28.2 Забележавме многу позитивни аспекти во затворскиот систем на Република Македонија. Вложени се големи напори и посветеност за успешна реконструкција на зградите и покрај недостатокот од финансиски средства. Исто така, затворските служби вешто ги користат сопствените ресурси за водење на установите и за искористување на земјоделските и сточарските можности, како и на фурните, преку кои се обезбедува храна за затворениците и вработените. Задоволни сме што со новата законска регулатива во 2006 година ќе се дадат повеќе надлежности на затворската управа со што ќе се овозможи затворскиот систем да се води на поефикасен и професионален начин; ова може да претставува прв чекор кон понатамошна реорганизација и прилагодување на затворскиот систем кон најдобрата пракса која се применува во Европа. Не охрабри фактот што Владата е посветена и ја поддржува реформата во затворите.

28.3 Меѓутоа, имаше и неколку прашања за кои сметаме дека треба да ги истакнеме и да дадеме наши препораки. Убедени сме дека може да се оствари напредок доколку има доследност и општа стабилност во управувањето на затворските служби и на затворите. Дознавме дека многу од директорите во затворите биле назначени пред три години како резултат на смената на владата и дека може повторно да дојде до нивна смена доколку дојде со смена на власта при наредните избори. На работното место директор треба да се гледа како на место за кое е потребна професионалност и стручност за која е потребно време да се изгради. Таквото искуство не треба да се отфрла поради политички смени.

28.4 Исто така, загрижени сме со ограничената улога кои моментално ја имаат директорите на затворите во врска со режимот за притворените лица. Во современите затворски системи во Европа, директорите имаат потполна одговорност за режимот на притворените лица, вклучувајќи ја и потребата да се преземат сите неопходни мерки да не се случи нешто што би го попречило правилното спроведување на правдата. На тој начин, притвореното лице може да има корист од низа позитивни u1072 активности кои ќе го ангажираат на конструктивен начин во поголемиот дел од денот (види препораки дадени или посочени во дел 16).

28.5 Други области кои ги сметаме за особено важни се: потребата да се намали пренатрупаноста на затворите, потребата за вработување на соодветен број на кадри, потребата за повеќе вработени за третмани, потребата за повеќе активности за сите затвореници, вклучувајќи и образовни, културни и рекреативни активности, потребата за развој на кадрите преку обука, како и потребата за поголем број на лекари и медицински сестри за да се подобри стандардот на здравствената заштита која може да се обезбеди.

28.6 Можностите за остварување на понатамошен напредок во однос на управувањето на затворите и третманот на затворениците се дадени во однос на затворскиот систем во целина (делови 6 – 18), како и во однос на поединечните затвори (во завршните пасуси на деловите 19 – 25 и 27). Дадовме голем број на препораки. Но ова не треба да се сфати како одраз на незадоволителна оценка на системот. Напротив, преку тоа се обидуваме да дадеме придонес кон понатамошниот напредок преку укажување на многуте главни аспекти каде што има простор за подобрување во согласност со Европските затворски правила.

28.7 Ниеден затворски систем во Европа во целост не ги исполнува секое од правилата, а оние кои имаат ограничени ресурси уште потешко можат да се прилагодат.

**Препорачуваме**

**– затворскиот систем да добие неопходни средства за да може да ја остварува оперативната ефикасност, како и да се справи со недостатоците кои зависат од постоење на соодветни средства на кои укажавме во овој извештај. Тука ги подразбираме не само оние кои се однесуваат на градежните подобрувања, туку особено оние кои се однесуваат на вработување на дополнителни кадри во сите одделенија и нивна обука.**

28.8 Меѓутоа, многу од подобрувањата кои ги препорачуваме не зависат од дополнителни ресурси. За нив е потребно менување на праксата, во некои клучни области, со насоки од Управата за извршување на санкции, за да се поттикне конзистентноста и да се поставаат правила потребни за квалитетно извршување на работите.

**Препорачуваме**

**– Управата за извршување на санкции да усвои упатства за постапување во многу од областите на кои укажавме за да се обезбеди конзистентност и правила за квалитетно извршување на работите.**

29 Убедени сме дека Управата за извршување на санкции, под водство на г-дин Ефремов, како и директорите и вработените во затворите ќе продолжат со напредокот кон потполно усогласување со Европските затворски правила. Сосема сме свесни за потешкотиите со кои се соочуваат, но уверени сме дека го имаат потребниот ентузијазам и компетентност за извршување на задачата. Им посакуваме многу успех во понатамошната работа.

**Прилог: Листа на препораки**

Во прилог следува целосна листа на препораките кои се содржани во овој извештај. После секоја препорака, прикажан е број на пасусот од текстот на извештајот каде што е дадена таа препорака.

Законска рамка

**Препорачуваме**

**– Предолг законот за извршување на санкциите да се достави до Советот на Европа на експертиза. (3.4)**

**– Сите подзаконски акти да се изготват навреме, бидејќи тие ќе бидат основата врз која затворите ќе ги подготват внатрешните правила. За да се намалат непотребните разлики помеѓу правилата на куќниот ред во затворите, предлагаме Управата за извршување на санкции да подготви модел односно стандардизиран примерок на овие правила, кои потоа секоја установа ќе може да ги модифицира, имајќи предвид за каков вид на установа станува збор и другите нејзини особености. Управата треба да врши проверка дали таквите модификации се прифатливи. (3.5)**

**– да се организира обука за вработените со цел да им се помогне во практичната примена на новото законодавство. (3.6)**

Организациона структура

**Препорачуваме**

**– Управата за извршување на санкции да се развие, така што ќе може да преземе повеќе обврски, а посебно затворите да станат составни делови на Управата за извршување на санкции, а директорите на затворите треба да u1075 ги именува и разрешува директорот на Управата. (4.1)**

**– бројот на вработени во Управата за извршување на санкции да биде зголемен за да се овозможи ефикасно извршување на сите нејзини централни овластувања. (4.2)**

**– Македонските власти да се обратат до Советот на Европа за експертска помош, доколку оценат за потребно, во спроведувањето на планираните измени на организационата структура на затворскиот систем, како и да се преземат сите потребни чекори со цел да се добие конкретна помош од други соодветни европски агенции. (4.3)**

Капацитет на установите и статистички податоци

**Препорачуваме**

**– капацитетот на секоја установа да се пресметува по следната основа (да овозможува најмалку 4m2 по човек), а бројката што ќе се добие на тој начин треба да се смета за официјален капаците на затворот. (5.8)**

**– Управата за извршување на санкции да преземе натамошни чекори за унапредување на систематското прибирање, обработка и користење на статистички податоци за затворите, бидејќи тие можат да бидат од голема помош при донесувањето на одлуки, и тие ќе може полесно да се доставуваат до директорите на затворите или до други заинтересирани лица, на национален и меѓународен план. (5.8)**

Основни принципи на Европските затворски правила

**Препорачуваме**

**– да се преземат итни мерки за да се намали пренатрупаноста, особено сериозната пренатрупаност во затворите во Идризово и во Скопје. (6.2)**

**– работите за реконструкција, посебно во затворот во Идризово, но и секаде, е потребно да продолжат да се спроведуваат со што е можно побрзо темпо. (6.2)**

**– да се посвети внимание на Препораката на Советот на Европа за прашањето на пренатрупаноста: "Пренатрупаноста во затворите и инфлацијата на затворската популација" (Препорака бр. Р (99) 22 и извештај). (6.2)**

**– во сите затвори да се користи воедначена практиката при обраќањето на вработените кон притворените и осудените лица, при што ќе се користи личната заменка "Ви/Вие" што укажува на почит, наместо "ти", што не е случај. (6.3)**

**– инспекторот во Управата за извршување u1085 на санкции да проверува до кој степен она што тој го забележал како дел од затворскиот систем се разликува од она што лицата однадвор го забележале, преку споредување на неговиот извештај за последниот надзор извршен во секој затвор поодделно, со наводите на кои се укажува во овој извештај. (6.4)**

**– Европските затворски правила да се преведат на националниот јазик и да се доставуваат до директорите и раководниот кадар во сите затвори, а исто така да се обезбедат примероци од овие правила (на видливи места како што се библиотеките во затворите), на кој начин ќе бидат достапни за сите вработени и за притворените и осудените лица, како и овие правила да се користат во обуката на вработените. (6.5)**

Прием, распоредување и сместување

**Препорачуваме**

**– да се организираат активности за оние кои се наоѓаат во одделението за прием. (7.1)**

**– при одлучувањето за сместување на затворениците во одредени ќелии или простории, особено внимание и грижа да се посвети, тие простории заеднички да ги делат со најсоодветни лица. Ова вообичаено налага, меѓу другото, да се раздвојат лицата со цврст карактер од оние лица кои имаат слаб карактер и лесно се поведуваат. Во оваа смисла, многу е важен ноќниот надзор. (7.2)**

**– да се изврши преглед на просторот кој во моментов му стои на располагање на секое притворено и осудено лице. Секогаш во затворите треба да се обезбеди националниот минимум од 9м3 или приближно 4м2. Треба да се вложат напори во секој затвор да се обезбеди простор кој го надминува овој минимум. (7.3)**

**– да се вложат напори за подобрување на осветлувањето во ќелиите кои се користат за дисциплинска изолација, како и во сите други делови и простории за престој каде осветлувањето не е доволно за читање. (7.4)**
**– во сите простории за дневен престој, кога се користат, да се одржува нормална температура, како и да се разгледа можноста за инсталирање системи за постојано греење во затворите. (7.5)**
**– да се обезбедат едноставни средства и материјали за одредени затвори, за да може редовно да се вршат мали поправки u1085 на мебелот. Треба постојано да се одржуваат скршениот мебел, прозорци и слично, за да се спречи натамошно оштетување. (7.6)**

Хигиена и чистота

**Препорачуваме**

**– да се изнајдат начини за обезбедување соодветни простории каде затворениците ќе можат да ја перат облеката. (8.1)**
**– ѕидовите и таваните редовно да се фарбаат и чистат, а подовите во сите простории за дневен престој да се бришат и чистат секојдневно. (8.2)**
**– да се подобрат хигиенските услови и состојбата на санитариите (тоалети, кабини за туширање, мијалници), онаму каде што е потребно. (8.3)**
**– затворниците кои работат со храна или во простории каде се чува, подготвува и приготвува храната, да подлежат на редовни лекарски прегледи. (8.4)**
**– медицинскиот кадар во сите затвори редовно да го советува директорот во поглед на одржување на хигиената и чистотата во установата, во согласност со Европските затворски правила. (8.4)**

Здравствена заштита

**Препорачуваме**

**– во секој затвор да биде вработено квалификувано медицинско лице. (9.3)**
**– во секое време и за секој затвор да бидат достапен доволен број на лекари, било преку нивно редовно вработување во затворската служба или преку нивно ангажирање со договор; да има утврден распоред за редовни посети на лекарите ангажирани со договор, вклучително и дополнителни посети доколку е потребно. (9.3)**
**– Советот на Европа да обезбеди експерт за здравствена заштита на затвореници, кој ќе понуди совети за можни подобрувања, со цел да се обезбеди задоволителна здравствена заштита за притворените и осудените лица во Република Македонија. (9.3)**
**– да се разгледа можноста министерот за правда да упати покана до министерот за здравство, тој да го следи квалитетот на обезбедување медицински услуги во затворите. (9.3)**
**– медицинскиот кадар да воспостави тесни контакти со оние кои се одговорни за превенција на злоупотребата на droги во заедницата, како и да се воведат програми за третман во кои нема исклучиво да се користи метадонска (хептанонска) терапија. (9.5)**
**– сите установи да имаат соодветно снабден и опремен болнички оддел. (9.9)**
**– директорите на затворите и медицинскиот кадар, можеби ќе најдат за корисно, да ги консултираат двете препораки на Советот на Европа, имено Препораката бр. Р (93) 6 и нејзиниот појаснувачки меморандум во врска со затворските и криминолошките аспекти на контролата на заразни болести и слични здравствени проблеми во затворот, како и веќе споменатата Препорака бр. Р (98) 7 во однос на етичките и организациските аспекти на здравствената заштита во затворот. (9.10)**

Исхрана

**Препорачуваме**

**– да се вложат напори за да се обезбеди разновидност во исхраната, со поголема застапеност на овошје и зеленчук. (9.12)**
**– редовно да се одржува опремата во кујните, а посебно внимание да се посвети на одржувањето хигиена и чистота во кујните. (9.13)**
**– да се вложат напори за да се обезбеди пристап до вода за пиење за сите затвореници секогаш кога им е потребна. (9.14)**

Дисциплина, казнување и и поплаки

**Препорачуваме**

**– директорите на сите затвори да обрнат внимание на барањата содржани во Европските затворски правила за медицинска одговорност во поглед на казнувањето со упатување во самица, имено на барањето лицата кои издржуваат таква казна во самица секојдневно да ги посетува медицинско лице. (10.5)**
**– Управата за извршување на санкции да обезбеди услови секое притворено и осудено лице во сите затвори да биде во можност да поднесува претставки и поплаки (чија содржина ќе има доверлив карактер) до директорот на затворот, како и до други тела до кои има право да се жали. Претставките вообичаено треба да имаат форма на доверливи писма, но исто така може да се поднесуваат и усни поплаки. Постапувањето со нив треба да влева доверба кај притворените и осудените лица дека тие ќе бидат прочитани само од страна на она лице до кое се адресирани. (10.8)**

Контакти со надворешниот свет

**Препорачуваме**

**– времетраењето на посетите на притворените лица да биде подолго, така што би траеле најмалку 30 минути. (11.2)**
**– "затворените" посети каде притвореното лице е физички одвоено од посетителот (на пример, со стаклена преграда) да се применуваат во исклучителни случаи кога тоа е неопходно од безбедносни причини или поради други посебни околности на истражната постапка. (11.2)**

**– времетраењето на посетите, имајќи ги предвид потешкотиите на кои се изложени семејствата за да стигнат до затворите, за осудените лица да биде подолго, а онаму каде е возможно, над редовниот период од еден час. (11.3)**
**– само во исклучителни случаи да се читаат писмата на осудените лица од страна на вработените. (11.4)**
**– да се зголеми зачестеноста на посетите, писмата, телефонските разговори и приемот на пратки колку што е можно повеќе, во зависност од ситуацијата во секој затвор. (11.6)**
**– да се продолжи со системот на чести отсуства од затворот бидејќи тоа има позитивно влијание на атмосферата во затворите и се зголемуваат изгледите за социјална реинтеграција на затворениците по нивното отпуштање од установите. (11.7)**
**– да им се дозволи на притворените лица, исто како и на осудените лица, редовно да се информираат за настаните преку читање весници и прием на радио и телевизиски емисии. (11.10)**

Помош во задоволување на верските потреби

**Препорачуваме**

**– да се вложат напори да се обезбедат простории за затворниците (вклучително и за притворените лица) кои сакаат приватност при изразување на нивната вероисповест. (11.11)**

Режим на активности

**Препорачуваме**

**– да се вложат напори, во рамки на затворскиот систем, за зголемување на можностите за инволвирање на затворениците во позитивни активности со кои се намалуваат штетните ефекти на затворската казна и различноста помеѓу животот во затворот и животот на слобода, на кој начин се потхранува и јакне самопочитта и чувството на лична одговорност, и преку кои им се овозможува да ги надградуваат своите вештини и способности со што се зголемуваат изгледите за успешно отпочнување на нов живот по отпуштањето од затвор. Сите вработени треба да се охрабруваат и поттикнуваат да дадат свој придонес во овој процес. Исто така, може да се вклучат и волонтери, како на пример студенти u1085 на општествените науки или студенти на педагогија или социологија, за да им помогнат на вработените во овие активности. (12.3)**
**– Советот на Европа да организира семинар за режимот на позитивни активности и програми во затворите. (12.3)**
**– да се организираат позитивни активности во рамки на целокупниот затворски систем, преку кои, на конструктивен начин ќе се пополни и окупира времето на притворените лица. Идеално, во овие активности треба да бидат вклучени можности за работа, но секако и можности за образование и стекнување и развивање на вештини и способности. (12.4)**
**– плановите и аранжманите за позитивни активности за осудените и притворените лица треба да се координираат, иако при спроведувањето на такви активностите, овие две групи треба да бидат издвоени. (12.4)**
**– да се вложат напори за зголемување на бројот и опсегот на програмите за третман кои се фокусираат на специфичните индивидуални потреби. (12.5)**
**– онаму каде што е потребно, во индивидуалните програми за третман да се вклучи помош во развивањето на социјални вештини, во водењето на буџет, контрола на гневот, лични односи и други аспекти поврзани со ставовите и особините на затворениците, кои може да се поврзат со нивното казниво поведение. (12.6)**

Подготовка за отпуштање

**Препорачуваме**

**– во сите затвори, да се одржуваат редовни состаноци на кои затворениците ќе имаат можност да дискутираат за прашања кои го засегаат нивниот секојдневен живот, а онаму каде што ќе оценат за потребно, да даваат издржани предлози за промени во интерес на јакнење на нивното чувство за одговорност и самодоверба, стимулирајќи го интересот за сопствениот третман. Овие состаноци може да се одржуваат во форма на "совети на затворениците", при што со донесените заклучоци ќе се запознаат педагогот или директорот, или пак во форма на заеднички состаноци со педагогот, директорот и други раководни лица во затворот, на кои ќе се разгледуваат прашања од посебен интерес. (12.7)**
**– да се посветува поголемо внимание на севкупните импликации на подготовката u1085 на затворениците за отпуштање и таа да започне што е можно поскоро по нивниот прием во установата. Исто така, да се разгледа можноста од организирање посебни курсеви како што се приближува денот на отпуштање, како и да се воведат посебни аранжмани преку кои ќе се олесни враќањето на слобода за затворениците кои издржувале подолга казна затвор. Во тој процес, може да помогнат волонтери надвор од затворот (на пример, кои доаѓаат од цркви или невладини организации). (12.9)**
**– бидејќи пред-отпусната работа е активност и одговорност на целиот затвор и на секој вработен, треба да се обучат сите вработени за клучните аспекти, а како редовна практика потребно е да се користат сите можности за подготовка на затвореникот за живот надвор од затворот. (12.9)**
**– директорите на затворите да вложат напори и да воспостават добри контакти со директорите на центрите за социјална работа, со цел целосно да се сфатат и разберат потребите на отпуштените затвореници и да им се обезбедат најдобри услуги. Овие блиски контакти, од друга страна, може да им помогнат на директорите на затворите да согледаат на кој начин тие би можеле да придонесат во процесот на подобрување на квалитетот на услугите што ги пружат центрите (на пример, да влијаат врз оние кои можат да го зајакнат капацитетот на центрите за социјални работи). (12.10)**

Работа во затворот

**Препорачуваме**

**– да се зголемат напорите за обезбедување работа за сите затвореници кои се работоспособни и кои сакаат да работат. (13.4)**

**– да се посвети посебно внимание и да се обезбеди работа за младите луѓе во малолетничкиот затвор и во воспитно-поправниот дом. (13.4)**
**– да се вложат напори за да се изнајде работа за притворените лица кои сакаат да го користат и пополнат времето на ваков конструктивен начин. (13.4)**
**– процентот од заработената плата кој затвореникот има право да го задржи за лични потреби да биде унифициран во сите затвори. (13.6)**

Образование

**Препорачуваме**

**– да се вложат посебни напори за организирање образовни програми за сите затвореници во соработка u1089 со образовните институции надвор од затворот. (14.2)**
**– да се обезбедат краткорочни образовни програми во сите затвори.**
**Лицата кои издржуваат пократка затворска казна, како и притворените лица, често се лишени од слобода доволно долго, за да имаат корист од краткорочните програми. Волонтери од заедницата можат да придонесат во спроведувањето на вакви образовни програми. (14.2)**
**– да се посвети посебно внимание за да се обезбеди достапноста на квалитетни образовни програми за младите луѓе во воспитно- поправната установа. (14.3)**
**– библиотеките да се опремат со широк спектар на книги и други медиуми, и последователно да се зголемат буџетските средства за набавка на книги и образовни материјали. (14.4)**
**– да се овозможи затворениците да посетуваат стручна обука и усовршување што ќе води кон стекнување уверенија за квалификации кои се признаваат надвор од затворот. На тие исправи не треба да се посочува дека соодветната квалификација е стекната во затвор. (14.5)**

Вежби и рекреација

**Препорачуваме**

**– да се вложат напори за зголемување на можностите за организирани рекреативни активности, вклучувајќи спортски активности, во кои ќе бидат вклучени, што е можно поредовно, повеќе затвореници. (14.7)**
**– рекреативните активности, вклучително и спортските активности, да бидат достапни и за притворените лица. (14.7)**
**– во согласност со Законот за извршување на санкции, на сите затвореници да им се овозможи најмалку два часа вежбање на свеж воздух. (14.8)**
**– да се изнајдат начини преку кои ќе се овозможи притворените лица секојдневно да имаат најмалку еден час за прошетка и соодветни вежби на свеж воздух. (14.9)**

Раководење и вработени

**Препорачуваме**

**– да се вработат значителен број кадри за да може ефикасно да ги извршуваат работните задачи, со цел да се гарантира безбедност на вработените, на физичкиот и менталниот интегритет на затворениците и да се создаде реална можност за развивање позитивни и конструктивни односи помеѓу вработените и затворениците. (15.2)**
**– Управата за извршување на санкции да изврши преглед на постојните вработувања и работни ангажмани во затворите, со цел да се овозможи пополнување на сите работни места, како и да се обезбеди бројот на вработени во секој сектор да соодветствува на еден современ европски затворски систем. (15.2)**
**– да се зголеми бројот на кадрите задолжени за третман, така што групите на затвореници да не бидат поголеми од 50, како и да се вложат напори за да се намали бројноста на групите на не повеќе од 30 затвореници. (15.3)**
**– да се стави акцент на значењето на тесната соработка помеѓу кадрите за обезбедување и третман, со цел да се овозможи тие да имаат целосна улога во позитивните и конструктивни активности на затворениците. (15.4)**
**– во почетната односно иницијалната обука да се посвети внимание на најдобрите практики во современите европски затворски системи. Таа треба цврсто да почива на Европските затворски правила и преку неа треба да се нагласи потребата кадрите за обезбедување и третман да се оспособат за развивање професионални меѓучовечки односи. (15.5)**
**– стручното усовршување треба да се врши постојано во текот на целиот работен век и кариера на вработените, овозможувајќи им да ги осознаат новите развојни тенденции и да се стекнат со вештини и способности со кои ќе се унапреди нивната ефикасност во работата. (15.5)**
**– да се изготви и спроведува обука за повисоките раководни службеници, со цел да им се овозможи на директорите на затворите и на другите високи службеници да ги совладаат најдобрите техники и практики на раководење во современите европски затворски системи. (15.5)**
**– Управата за извршување на санкции да го покани Советот на Европа да назначи експерт кој ќе помогне во изготвувањето на наставни планови за сите три нивоа (почетно, постојано стручно усовршување и за раководниот кадар). (15.5)**
**– употребата на сила да се користи како крајно средство кога другите средства и пристапи биле неуспешни, како и да се вклучи обука за техники за минимална употреба на сила против агресивните затвореници во почетната обука и во континуираната u1077 едукација на затворскиот кадар. (15.6)**
**– по приемот на извештајот за употреба на сила, директорот на Управата за извршување на санкции треба да спроведе детална истрага за да се испита дали употребата на сила била во согласност со закон, и да преземе соодветни дисциплински мерки, доколку утврди дека тоа не било случај. (15.6)**

Притворени лица

**Препорачуваме**

**– освен во исклучителни случаи, судовите да не наметнуваат помалку поволни услови или аранжмани за посети на притворените лица од нивните семејства, од оние кои им се дозволуваат на осудените лица. (16.2)**
**– да се разгледа можноста за подобрување на капацитет на притворените лица да ја подготват својата одбрана. (16.3)**
**– да се преземе сѐ што е потребно за да се обезбеди притворените лица да не се третираат со ограничувања, освен оние кои се неопходни за водење на постапката или оние кои се во интерес на безбедноста и редот и дисциплината во затворот. (16.10)**

Затвореници жени, малолетни лица и странски државјани

**Препорачуваме**
**– да се разгледа можноста за трансформирање на женското одделение во затворот во Идризово во независен затвор за жени, со посебен директор. (17.1)**
**– да се обезбеди соодветен број жени меѓу вработените во секторот за обезбедување во затворите, имајќи ја предвид потребата од надзор над женските затвореници во просториите за дневен престој, како и потребата од претресување на женски посетители. (17.2)**
**– особено внимание да се посвети на посебните потреби на жените, вклучително и на нивната здравствена заштита. (17.3)**
**– да се вложат нови напори малолетните лица во воспитно- поправната установа да бидат издвоени од возрасните затвореници во затворот во Скопје. (17.4)**
**– што е можно поскоро да се спроведе планираното преселување на малолетничкиот затвор на нова локација, каде ќе има повеќе простор и каде ќе се организираат повеќе активности. (17.4)**
**– воспитно-поправната установа да се пресели подалеку од затворот во Скопје, што е можно поскоро. (17.4)**
**– да се обрати особено внимание на посебните потреби на странските државјани. (17.5)**

Соработка со надворешни организации

**Препорачуваме**
**– Управата за извршување на санкции да ги поттикнува директорите на затворите да воспостават блиска соработка со локалната заедница и со локалните организации. (18.3)**

Заклучни согледувања

**Препорачуваме**
**– затворскиот систем да добие неопходни средства за да може да ја остварува оперативната ефикасност, како и да се справи со недостатоците кои зависат од постоење на соодветни средства на кои укажавме во овој извештај. Тука ги подразбираме не само оние кои се однесуваат на градежните подобрувања, туку особено оние кои се однесуваат на вработување на дополнителни кадри во сите одделенија и нивна обука. (28.7)**
**– Управата за извршување на санкции да усвои упатства за постапување во многу од областите на кои укажавме за да се обезбеди конзистентност и правила за квалитетно извршување на работите. (28.8)**